THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

REGIONAL
ANTI-CORRUPTION
INITIATIVE

# Борба против корупцијата во Западниот Балкан: зајакнување на регионалната соработка на полето на одземање на незаконски стекнат имот



**Наслов:**
Борба против корупцијата во Западниот Балкан: зајакнување на регионалната соработка на полето на одземање на незаконски стекнат имот

**Проект:**
Зајакнување на борбата против корупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за одземање на незаконски стекнат имот

**Издавачи:**
Совети за индивидуални права во Европа (AIRE)
[Advice on Individual Rights in Europe]
Регионална антикорупциска иницијатива (РАИ)

**За издавачите:**
Билјана Брејтвејт [Biljana Braithwaite] – директорка,
Програма за Западен Балкан на AIRE центарот
Владан Јоксимовиќ – раководител на Секретаријатот на РАИ

**Уредничка:**
Десислава Гоцкова

**Авторка:**
Џил Томас [Jill Thomas]

**Придонесувачи:**
Проф. д-р Елдан Мујановиќ [Eldan Mujanović], Босна и Херцеговина
Д-р Мирјана Лазарова Трајковска, Северна Македонија
Д-р Радмила Драгичевиќ Дичиќ, Србија
Д-р Ледина Мандиа [Ledina Mandia], Албанија
Алекса Ивановиќ, Црна Гора
Ганимете Исмајли [Ganimete Ismajli], Косово*

**Превод и коректура:**
Вил Ферис [Will Ferris] (англиски);
Аделина Албрахими [Adelina Albrahimi] (албански);
Душка Томановиќ (босански-српски-хрватски-црногорски);
М-р Зоран Гаврилоски (македонски)

Дизајн: Кликер Дизајн

Гледиштата презентирани во оваа публикација не мора да ја одразуваат официјалната позиција на Регионалната антикорупциска иницијатива или нејзините држави членки

UK Government

Подготвувањето на оваа публикација беше поддржано од страна на Владата на Обединетото Кралство. Гледиштата изнесени во оваа публикација нужно не ја одразуваат официјалната позиција на Владата на Обединетото Кралство.

# Борба против корупцијата во Западниот Балкан: зајакнување на регионалната соработка на полето на одземање на незаконски стекнат имот

**AIRE центар и Регионална антикорупциска иницијатива**

Извештај за одземање на незаконски стекнат имот
и меѓународна соработка во Западниот Балкан

2. издание

# Содржина


**Предговор** ........ 7

**Резиме** ........ 9

**Кратенки** ........ 20

**1. Вовед** ........ 22

**2. Методологија (опсег и период)** ........ 24

**3. Дефиниции** ........ 25

**4. Меѓународни и европски стандарди за одземање на незаконски стекнат имот** ........ 30

4.1 Конвенции на ОН ........ 30
4.2 Препораки на ОКСПП (FATF) ........ 30
4.3 Совет на Европа ........ 31
4.4 Европска унија ........ 32

**5. Преглед на јурисдикции** ........ 34

5.1 Албанија ........ 34
5.2 Босна и Херцеговина ........ 45
5.3 Косово* ........ 51
5.4 Црна Гора ........ 59
5.5 Северна Македонија ........ 65
5.6 Србија ........ 73

**6. Влијание на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот во Западниот Балкан** ........ 82

**7. Заклучоци и препораки** ........ 86

**8. Анекс I: Листа на публикации на AIRE и РАИ создадени во периодот опфатен со извештајот** ........ 101

# Предговор

Овој извештај е завршеток на двегодишниот регионален проект „Зајакнување на борбата против корупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за одземање на незаконски стекнат имот“, што беше имплементиран од AIRE центарот (Совети за индивидуални права во Европа) и Секретаријатот на Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ). Проектот беше финансиран од Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, а натамошна поддршка беше обезбедена од Фондацијата Конрад Аденауер.

Корупцијата е еден од најраспространетите и непопустливи предизвици за владеењето на правото. Во Југоисточна Европа и низ целиот свет таа поставува бариери за деловни и индивидуални можности, ги исцрпува силата и авторитетот на правосудните системи и исцедува средства од државната каса, пренасочувајќи ги парите од продуктивна и корисна употреба кон криминална активност. Ефективните мерки за одземање на незаконски стекнат имот се клучни за борба против корупцијата и сите форми на криминал. Ваквите мерки служат да ја заштитат легитимната економија, да ги поткрепат даночните приходи, да создадат имот за јавно добро, да помогнат во поддржување на владеењето на правото, да ги ослабнат мотивациите за вршење кривични дела и да ги одвраќаат луѓето од незаконски активности.

Проектот на AIRE центарот и РАИ имаше цел да го зајакне капацитетот на клучните институции (особено обвинителствата, судовите, правосудните центри за обука, полицијата и агенциите за управување со одземен имот) за ефикасно спроведување на мерките за одземање на незаконски стекнат имот во случаи на корупција и организиран криминал и поттикнување на регионална соработка во случаи на одземање на незаконски стекнат имот.

Проектот конкретно се фокусираше врз следниве јурисдикции: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Опсегот на проектот се прошири во одредени моменти и на други области од Југоисточна Европа, вклучувајќи и професионалци од Бугарија, Хрватска, Молдавија и Романија.

За време на периодот од две години во кој беше имплементиран проектот, тој ги утврди предностите и слабостите на сите вклучени јурисдикции; создаде три конкретни регионални публикации за одземање на незаконски стекнат имот; постави темел за регионална мрежа на учесници на обуките за да се обезбеди оние кои учествувале во проектот да останат поврзани и да им бидат давани најнови информации за развојот на законите, политиките и процедурите; спроведе серија практични обуки за области каде што беше потребно да се зголеми капацитетот; организираше две технички студиски посети фокусирани

[1] * Оваа ознака не ги прејудицира позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН 1244 и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Косовската Декларација за независност.

на потребите на практичари кои ги посетија Обединетото Кралство и Романија; воспостави основа за регионален пристап кон прибирање и анализа на статистика; и придонесе за поставување на одземањето на незаконски стекнат имот како цел на политиките ширум регионот.

Во текот на последните две години, работата на AIRE центарот и РАИ им помагаше на јурисдикциите ширум Југоисточна Европа да развијат вештини и капацитет за изградба на ефективни режими за одземање на незаконски стекнат имот и да ја интегрираат нивната работа со меѓународната мрежа на антикорупциски мерки во континентот. Напредокот содржан во овој извештај е сведоштво за работата на AIRE центарот и РАИ, но најмногу од сè за посветеноста, залагањето и оптимизмот на сите наши учесници и партнери во регионот.

Извештајот беше напишан од Џил Томас [Jill Thomas], меѓународна експертка за одземање на незаконски стекнат имот, која има обемно искуство во регионот. Дополнителен придонес дадоа националните координатори на проектот: проф. д-р Елдан Мујановиќ (Босна и Херцеговина); д-р Ледина Мандиа (Албанија), Ганимете Исмајли (Косово*), Алекса Ивановиќ (Црна Гора), судијката д-р Мирјана Лазарова Трајковска (Северна Македонија) и судијката д-р Радмила Драгичевиќ-Дичиќ (Србија). Како дел од процесот на подготовка и консултации, на релевантните министерства за правда од регионот им беше даден финалниот нацрт на извештајот, за да може од нив да се добијат коментари и повратни информации. Би сакале да им се заблагодариме на сите национални институции од регионот на Југоисточна Европа и особено на правосудните центри за обука, обвинителствата и судовите за нивната тековна поддршка и соработка.

AIRE центарот и РАИ, исто така, би сакале да ѝ се заблагодарат на Владата на Обединетото Кралство за нејзината посветеност кон проектот, значајната финансиска поддршка и нејзините упатства за борба против корупцијата и организираниот криминал во регионот на Западниот Балкан. Исто така, упатуваме благодарност до Фондацијата Конрад Аденауер за обезбедување финансиска поддршка која овозможи учество на дополнителни корисници од регионот.

Конечно, ние би сакале да оддадеме признаеме на посветеноста, професионалноста и залагањето на сите судии, обвинители и практичари во областа на одземање на незаконски стекнат имот кои учествуваа во проектот и дадоа вреден придонес за неговото успешно завршување.

**ВЛАДАН ЈОКСИМОВИЌ**



Раководител на Секретаријат,
Регионална антикорупциска иницијатива

**БИЛЈАНА БРЕЈТВЕЈТ**



Директорка, Програма за Западен
Балкан на AIRE центарот

# Резиме

Овој извештај настојува да ги оцени напредокот и развојот на настаните во западнобалканските јурисдикции – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, направени во текот на регионалниот проект на AIRE центарот и РАИ за одземање на незаконски стекнат имот: „Зајакнување на борбата против корупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за одземање на незаконски стекнат имот“[2], што беше финансиран од Владата на Обединетото Кралство и поддржан од Фондацијата Конрад Аденауер. Тој се фокусира врз домашното и меѓународното одземање на незаконски стекнат имот и конкретно врз политиката на одземање на незаконски стекнат имот; запленување на незаконски стекнат имот; управување со одземен имот; конфискација; располагање со имот; меѓународна соработка и прибирање на статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот. Исто така, извештајот вклучува преглед на капацитетите за финансиска истрага, конкретно во врска со откривање на имоти кои подоцна можат да бидат или веќе се подложени на наредба за замрзнување, запленување или конфискација.

Оваа проценка е заснована врз следниве публикации од регионалниот проект на AIRE и РАИ:

*Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката, AIRE и РАИ (2018)*

Оваа публикација ги опишува условите за одземање на незаконски стекнат имот во регионот, дава коментари за капацитетот за спроведување на одземање на незаконски стекнат имот во секоја од јурисдикциите, меѓународната соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот, знаењето за техниките на финансиска истрага и евиденцијата на статистики.

*Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди, AIRE и РАИ (2019)*

Оваа публикација е одговор на препораките од извештајот „Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018). Таа дава уникатен продлабочен и сеопфатен опис на процесот и законодавството за одземање на незаконски стекнат имот во секоја од јурисдикциите во Западниот Балкан (ЗБ). Таа особено се фокусира врз „проширена конфискација“ и напорите на регионот за примена на овој нов пристап.

*Прирачник за алатки и најдобри практики во меѓународната соработка за враќање на имот, AIRE и РАИ (2019).*

[2] 2-годишен период од октомври 2018 до октомври 2020 година, продолжен до април 2021 година.

Оваа публикација е конкретно наменета да ги поддржи органите вклучени во меѓународно одземање на незаконски стекнат имот. Таа настојува да ги зајакне знаењето и способноста на полицијата, обвинителските и судските органи да ги применуваат инструментите за меѓународна соработка во случаи на одземање на незаконски стекнат имот, при настојувањата да се идентификуваат и последователно да се запленат и конфискуваат имоти кои се наоѓаат надвор од нивните јурисдикции.

*Извештај на AIRE и РАИ за ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, главни репери и студии на случај од добра пракса (2020)*

Како одговор на заклучоците од публикацијата „Компаративна анализа на законодавството и практиката (2018)", овој извештај се фокусира врз пристапот и стадиумот на секоја од јурисдикциите од ЗБ во однос на прибирање статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот, во согласност со новите стандарди на ЕУ во оваа област. Покрај оваа уникатна анализа, публикацијата презентира студии на случај за бројни други области кои се поврзани со одземање на незаконски стекнат имот.

Овој извештај ги има следниве цели:

- Да ја испита моменталната ситуација во поглед на законодавството, политиката, институционалните рамки и практиката во областа на домашно и меѓународно одземање на незаконски стекнат имот во секоја од јурисдикциите од Западниот Балкан наспроти постоечките европски и меѓународни стандарди и најдобра практика, препораките и идентификуваните приоритети кои произлегуваат од проектните активности.
- Со користење на четирите публикации на AIRE и РАИ[3] како појдовна основа, да направи преглед на моменталната ситуација преку сеопфатна проценка на напредокот, фокусирајќи се особено врз областите во кои проектот интервенира (имплементација на европските и меѓународните стандарди и меѓународна соработка).
- Да се истражат сите почетни индикации на влијанието на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот и да се идентификуваат можни области на интервенција/поддршка што би можела да се обезбеди преку проектот или преку последователен проект.

[3] „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката", AIRE и РАИ (2018); „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди", AIRE и РАИ (2019); „Алатки и најдобри практики во меѓународната соработка за враќање на имот", AIRE и РАИ (2019); „Извештај на AIRE и РАИ за ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, главни репери и студии на случај од добра пракса", AIRE и РАИ (2020).

» Да се дадат препораки, засновани врз наодите и заклучоците од оваа проценка и влијанието на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот во регионот.
» Да се дадат упатства за идно регионално градење на капацитетите и зајакнување на врските меѓу националните практичари во регионот.

Разбирањето на терминологијата на одземање на незаконски стекнат имот во меѓународен контекст може да биде предизвикувачко. Затоа, поглавјето 3 дава листа на зборови и термини од областа на одземање на незаконски стекнат имот, заедно со практично објаснување на нивното значење и сродните дефиниции од ООН, Организацијата за контрола и спречување на перење пари (ОКСПП; FATF (англ.)), Советот на Европа и ЕУ, доколку постојат такви дефиниции.

Поглавјето 4 содржи упатувања кон меѓународните и европските стандарди во областа на одземање на незаконски стекнат имот кои беа претходно спомнати во публикациите на AIRE и РАИ, покрај новите релевантни стандарди усвоени во текот на проектниот период. Во овој контекст, посебно е спомната *Директивата на ЕУ (EU) 2019/1153 која поставува правила кои го олеснуваат користењето на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага или гонење за одделни кривични дела и ја укинува Одлуката на Советот 2000/642/JHA*. Овој нов инструмент е особено релевантен за националните служби за одземање на незаконски стекнат имот (СОНСИ) бидејќи тој утврдува правила за прибавување и користење на финансиски информации во текот на истраги, вклучувајќи пронаоѓање на имот заради негово конфискување. Според оваа директива, јурисдикциите од ЕУ се обврзани на СОНСИ да им обезбедат пристап до нивните национални централни регистри на банкарски сметки.

Поглавјето 5 содржи преглед на моменталната состојба во секоја од земјите од регионот во однос на законодавството, политиката, институционалните рамки и практиката во областа на домашното и меѓународното одземање на незаконски стекнат имот, истакнувајќи го напредокот и фокусирајќи се особено врз области во кои проектот интервенира.

За да се помогне за идентификување на областите во кои се налага потреба за идна поддршка, прегледот на развојот на настаните во секоја од јурисдикциите во поглавјето 5 и одделот за заклучоци и препораки во поглавјето 7 се поделени на следниве теми:

» одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката;
» одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот;
» проширена конфискација;
» граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда;
» финансиска истрага;
» управување со одземен имот;
» повторно користење на конфискуван имот;

- меѓународна соработка;
- мерење на ефективноста и прибирање на статистики;
- обука.

Поглавјето 6 е првичен преглед на влијанието на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот во Западниот Балкан.

Поглавјето 7 презентира заклучоци за моменталната ситуација според одделни теми и исто така наведува препораки за иден развој кој е потребен во регионот.

## РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Меѓународните стандарди[4] препорачуваат дека, за јурисдикциите ефективно да се насочат кон криминални активности и да ги намалат тие активности преку користење на одземање на незаконски стекнат имот, тоа одземање мора да биде посебен фокус во работата на министрите, креаторите на политики, законодавците и практичарите од сите органи, тела, агенции и служби. Тоа може целосно да се оствари ако одземањето на незаконски стекнат имот е *цел на политиката*. Од тоа произлегува дека нема да настанат промени ако не се вклучени сите надлежни органи, тела, агенции и служби во работење за остварување на заедничка цел. Да се осигури дека одземањето на незаконски стекнат имот е *цел на политиката* налага цврста политичка волја. Одземање на незаконски стекнат имот е во политичката програма во сите јурисдикции во регионот. Меѓутоа, тоа во нив е содржано како аспект со мешавина на стратегии, а не како посебен фокус. Овој извештај сугерира подигање на нивото на политиката на одземање на незаконски стекнат имот преку назначување на национален координатор на високо ниво за одземање на незаконски стекнат имот за да ја води политиката со разни стратегии.

### Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Западниот Балкан направи голем напредок во донесувањето на правни акти за одземање на незаконски стекнат имот. Многу јурисдикции веќе ги изменија нивните Кривични закони(ци) и Закони(ци) за кривичната постапка или моментално процесот на измени е во тек или се планира да се изведе. Особено треба да се истакне дека во мнозинството од јурисдикциите има посебни правни акти кои вклучуваат разни одредби за одземање на незаконски стекнат имот, но тој законодавен развој претежно е движен од усвојувањето на правни

[4] Препорака на FATF бр. 2, Политики за спроведување на закони за борба против организиран криминал и против финансирање на тероризам и координирање на тие политики (БПОК и ПФТ) – земјите треба, врз основа на доволно информации за идентификуваните ризици, да имаат национални политики кои треба редовно да се преиспитуваат и треба да назначат орган или да има координација или друг механизам кој е одговорен за такви политики.

акти за „проширена конфискација“ што се случи под влијание на европските стандарди. Ова е прогресивен чекор за регионот и треба да се пофали.

Примената на одредбите за проширена конфискација продолжува да биде предизвик за истражители, обвинители и судии. Меѓу главните проблеми се вештините за водење финансиска истрага кои се потребни да се сврзат имотите со сопствениците и конкретни кривични дела, да се покаже дека определен имот е несразмерно голем во однос на приходите на лицето и да се убеди судот со потребниот кривично-правен стандард на докажување дека тој имот е незаконски прибавен. Примената на овие одредби би можела да биде помогната со усвојување на одредби со кои се намалува доказниот стандард за законитоста на имотот до граѓанскиот стандард „рамнотежа на веројатности“ и воведување на автоматски „презумпции“ кои судот може да ги извлече дека имотот претставува имотна корист од кривично дело. Недостигот на обука и менторство за примена на одредби за проширена конфискација исто така е бариера за нивната успешна примена. Постојат одлични примери за успешни случаи, а некои од нив се вклучени во *Извештај на AIRE и РАИ за ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, главни репери и студии на случај од добра пракса (2020)*. Овие случаи треба да се споделуваат и на домашно ниво и ширум регионот, и на интравладино меѓусекторско ниво и на јавни форуми и меѓу граѓански организации, за да се помогне во менување на секоја негативна јавна перцепција за борбата против корупцијата и организираниот криминал. Овој извештај препорачува континуирано набљудување на практиката и одлуките во неа кои се однесуваат на проширена конфискација, како и натамошна обука и менторство.

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Законските рамки на јурисдикциите во регионот на ЗБ сè уште не предвидуваат конфискација на криминално прибавен имот доколку нема осуда во кривична постапка, односно, не предвидуваат граѓански или управни постапки насочени кон имот/ствари (*in-rem*) (наместо врз лица (*in-persona*)). Подготвувачите и донесувачите на закони моментално се насочени кон успешна примена на проширената конфискација, што може да се согледа како привремен чекор кон воведување на одредби за целосна „граѓанска конфискација која не е заснована врз кривична осуда“ (граѓанска конфискација НЗКО) или одредби за „необјаснето богатство“. Сепак, се препорачува јурисдикциите од ЗБ допрва да ја разгледаат можноста за идно усвојување на одредби за граѓанска конфискација НЗКО.

### Финансиска истрага

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека капацитетот на полицијата и обвинителите за спроведување на финансиски истраги е низок. Не изненадува тоа што, генерално, состојбата не е изменета, со оглед на кусото време од почетокот на проектот. При анализирање на информации во прирачниците на AIRE и РАИ, очигледно е дека проблемот не е во законодавството, кое содржи

адекватни одредби за истражни техники и ги дефинира условите и целите на финансиската истрага. Проблемите се наоѓаат во капацитетот и вештините, не само во рамките на специјализираните одделенија, туку и во сите органи и агенции за кривична истрага и кривично гонење (обвинителства). Оваа измена налага политичка волја за да се вклучат главните актуелни трендови од областа на финансиска истрага, што во моментов недостига. Во текот на овој проект, националните координатори известија дека капацитетот за спроведување на финансиска истрага се зголемил во рамките на специјализираните одделенија, специјалните обвинителства и одделенијата за финансиска истрага, но во сите случаи беше истакнато дека тоа сè уште е недоволно за справување со нивото на работата. Според тоа, овој извештај повторно препорачува да се вклучат главните актуелни трендови од областа на финансиска истрага во сите обвинителски и истражни органи и одделенија, како и да се обезбеди натамошна конкретна обука од областа на одземање на незаконски стекнат имот.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Ова е друга област во која беше направен голем напредок во проектниот период. На политичко ниво има јасно признавање на потребата официјално да се назначи национална (државна) служба за одземање на незаконски стекнат имот (СОНСИ), а ова прашање е цврсто во фокусот на напорите на јурисдикциите од регионот, иако во разни стадиуми. Назначување на СОНСИ е само почеток, а на јурисдикциите сè уште ќе им треба поддршка за да ги доведат нивните служби до добро ниво на капацитет и ефективност. Потребно е повеќе да се работи, на пример во случајот на Босна и Херцеговина (БиХ), за спроведување на препораките за назначување на СОНСИ на ниво на ентитети и на државно ниво, како што е случај во ентитетот Република Српска (РС). Во овој извештај се вклучени и други сврзани препораки.

### Управување со одземен имот

Управувањето со одземен имот во склоп на комплетниот циклус на одземање на незаконски стекнат имот е одделен, но интегрален дел од процесот, што влијае врз истражителите, обвинителите и судовите, покрај специјално основана државна служба за управување со одземен имот. Важно е дека иако одговорноста за управување со одземен имот треба да биде цврсто понесена од националниот управител на процесот на управување со одземен имот, обвинителите мора да бидат свесни за нивните обврски во врска со овој процес. Јурисдикциите во регионот се во разни развојни стадиуми, но се значително понапред во однос на многу други региони во светот во поглед на законодавството и капацитетот за управување со одземен имот. Почетниот извештај на AIRE и РАИ од 2018 година ги истакна проблемите во однос на проценка на вредноста на имоти. Овој извештај заклучува дека оформените агенции за управување со одземен имот имаат капацитет за проценка на вредноста на имоти, па сепак тие агенции не се законски овластени да им пружат поддршка на обвинителите со проценување на вредноста на соодветниот имот до моментот на судското изрекување на наредба за привремено одземање.

Затоа, материјалните и процедуралните норми за одземање на незаконски стекнат имот треба да бидат изменети така што да осигураат агенциите за управување со одземен имот да даваат суштински совети пред запленувањето, во форма на планирање пред одземањето.

Лицата кои управуваат со одземен имот во рамките на агенциите за управување со одземен имот (АУОИ) треба да бидат свесни за стадиумите на случајот со цел да се подготват натаму да управуваат со имотите кои се сврзани со случајот или да ги продадат нив. Тоа најдобро се постигнува доколку АУОИ, обвинителите и судовите се електронски поврзани. Ниту една од западнобалканските АУОИ не е поврзана на овој начин, туку претежно се потпира врз стандардна пошта, е-пошта или телефон за добивање на известувања за измените на наредбите за замрзнување и запленување, на пример, по поднесување на жалба. Според тоа, се налага потреба за натамошна работа за да се дигитализира процесот на управување со одземен имот преку воведување на регистри и системи на одземен имот кои кои електронски ги сврзуваат органите и агенциите кои се вклучени во циклусот на одземање на незаконски стекнат имот.

## Повторно користење на конфискуван имот

Повторно користење на конфискуван имот што не подлежи на давање надомест на жртвата за социјални или правосудни цели е практика која расте на глобално ниво и беше вклучено во неодамнешен инструмент на ЕУ за замрзнување и конфискација.[5] Повторното користење на имотот од страна на општеството и државата е можност и аспект на процесот што често е занемарен од власта. Иако некои од јурисдикциите во регионот немаат воспоставено структурни и законодавни системи за повторно користење на одземениот имот, има некои одлични примери (Албанија и Србија) и тие примери треба да служат како патоказ за јурисдикциите кои сакаат да усвојат систем на повторно користење.

## Меѓународна соработка

За време на траењето на регионалниот проект на AIRE и РАИ, обвинителите известија дека меѓународната соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот претставува еден од нивните најголеми предизвици, особено за истрага и откривање на имот во текот на постапка за проширена конфискација. Недостиг на знаење за можностите за соработка пред влегување во сила на меѓународен договор и подготвување на одредби за взаемна правна помош (ВПП) во врска со одземање на незаконски стекнат имот го наведе регионалниот проект на AIRE и РАИ да одржи обука за меѓународна соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот. Референтниот прирачник „*Алатки и најдобри практики во меѓународната соработка за враќање на имот*“, подготвен

[5] Директива на ЕУ 2014/42/EU, член 10, став 3. Државите членки треба да ја разгледаат можноста да преземат мерки за допуштање конфискуваниот имот да биде повторно користен за цел од јавен интерес или за социјална цел.

заедно со обуката, им беше доставен на практичари од регионот. Покрај тоа, за потребите на практичарите беа организирани две технички студиски посети во Обединетото Кралство и Романија. Овие посети го подобрија нивото на меѓународна соработка меѓу практичарите во регионот и Обединетото Кралство. Исто така, на стратешко ниво, експерти од Обединетото Кралство за одземање на незаконски стекнат имот имаа можност да го објаснат пристапот на Обединетото Кралство кон граѓанската конфискација која не е заснована врз кривична осуда и наредбите донесени по утврдување необјаснето богатство кај некое лице. Националните координатори известија дека обуката, со неа сврзаниот Прирачник и студиските посети биле оценети како добредојдени и корисни, па бараа истата обука да им биде дадена на поголем број обвинители.

Со цел натаму да се подобри регионалната соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот, на проектните корисници им беше предложено да се основа Регионална учесничка мрежа на AIRE и РАИ, на национално и регионално ниво. Оваа мрежа ќе се состои од учесници во проектните активности за обука и студиски посети, а ќе биде воспоставена во секоја од јурисдикциите кои имаат корист од проектот, за да се осигури оддржливост на проектните резултати. На средбите на националните учеснички мрежи, раководени од проектните национални координатори (НК), учесниците веќе идентификуваа мноштво практични проблеми кои би можеле да се изнесат на регионално ниво.

### Мерење на ефективноста и прибирање на статистики

Клучен фактор за мерење на ефективноста на секој систем за одземање на незаконски стекнат имот е статистиката. Како признание на овој заклучок, ЕУ ги вклучи евидентирањето и известувањето за статистиката во најнеодамнешните инструменти на ЕУ за одземање на незаконски стекнат имот. Меѓутоа, добро познато е дека е тешко да се оствари точно, сеопфатно и стандардизирано евидентирање на статистика за одземање на незаконски стекнат имот. Оттаму не изненадува тоа што почетната публикација на AIRE и РАИ „*Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката*“ (2018) на стр. 73[6] извести за недостиг на набљудување и прибирање на статистики за одземање на незаконски стекнат имот во регионот. Ова не е уникатна одлика на Балканот, бидејќи ЕУ сè уште се мачи со споредување на статистики за запленувања и конфискации на имоти и нивните вредности во разни држави членки (ДЖ). Како директен одговор на ова, проектот комплетираше уникатно истражување за да се мапира состојбата во секоја од јурисдикциите на ЗБ и ја спореди таа состојба со најважните стандарди произлезени од меѓународни извори, особено оние од Европската унија, што кулминираше со публикацијата „*Извештај на AIRE и*

[6] Студијата утврди „потреба за прибирање на конкретни комплети на податоци што би овозможило подобра проценка на ефективноста и ефикасноста на процесот на одземање на незаконски стекнат имот, како и исполнување на меѓународните обврски за прибирање на податоци на полето на запленување и конфискација на имот“.

*РАИ за ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, главни репери и студии на случај од добра пракса*“ (2020). Ова е иновативно истражувачко дело. Овој извештај заклучува дека единствениот начин да се осигури точно прибирање на релевантни статистики е да се воспостави заеднички систем во сите органи и агенции кои се вклучени во процесот на привремено и трајно одземање (конфискација) на имот. Со цел да се измери ефективноста на одземањето на незаконски стекнат имот во земјите од регионот преку прибирање на статистики, треба да се поттикне усвојување на стандарден модел за прибирање на статистички податоци, заснован врз појдовната основа што е опишана во Извештајот на AIRE и РАИ. Се препорачуваат натамошни проекти за зголемување на капацитетот, за да се надгради почетното истражување спроведено од проектот на AIRE и РАИ преку поединечно финансирање и специјализирано менторство, чија цел е да се создаде систем кој може да создаде статистика во согласност со бараните стандарди.

### Обука

Сѐ уште има забележлив недостаток на специјализирано домашно образование и обука за полициските службеници во врска со финансиска истрага за пронаоѓање и идентификување на имоти кои подоцна можат да бидат подложени на конфискација. Сѐ уште има потреби и барања за обука за форензичка финансиска истрага за полицијата и обвинителите, обука за презентација на финансиски докази за потребите на судски постапки и натамошна обука за меѓународна соработка. Се препорачува натамошните проекти за градење на капацитетите да ги анализираат потребите за обука на одделните јурисдикции пред да започне општа обука која може да биде интересна, но не особено корисна.

Регионалниот проект на AIRE и РАИ им пружи одлична обука на обвинителите и судиите во последните две години, за разни теми поврзани со одземање на незаконски стекнат имот. Иновативниот пристап на користење експерти од регионот заедно со меѓународни специјалисти беше истакнат како добра пракса, при што регионалните практичари реагираа добро на обуки од регионални експерти. Јасно е дека е потребно натамошно градење на капацитетот за одземање на незаконски стекнат имот во регионот. Без оваа континуирана поддршка, конфискацијата на имотна корист од кривични дела во регионот ќе остане на неприфатливо ниските нивоа на кои се наоѓа сега.

### Клучни исходи:

1. AIRE и РАИ одиграа уникатна улога во развојот на капацитетите за одземање на незаконски стекнат имот во регионот на Западниот Балкан. Елаборираните содржини на три регионални конкретни публикации за одземање на незаконски стекнат имот им обезбедија на јурисдикциите сеопфатен домашен разложен преглед на законите и постапките за одземање на незаконски стекнат имот, методологијата за меѓународна

соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот и пристапот што треба да се примени при прибирање на статистики за одземање на незаконски стекнат имот. Силно се препорачува јурисдикциите да ги искористат јасните описи на законодавството, институциите и постапките изложени во публикациите на AIRE и РАИ пред усвојување на нови одредби за одземање на незаконски стекнат имот и воспоставување на институционални структури, со цел да се помогне тој развоен процес.

2. Воспоставување учесничка мрежа на национално и регионално ниво беше главен предлог за време на проектот. Да се осигури дека практичарите во регионот ќе останат поврзани преку информирање за развојот на законодавството, политиката и постапките кои се однесуваат често пати на техничка и правно предизвикувачка тема, како и преку размена на добра практика и соодветна судска пракса, е од суштинско значење за зголемување на одземањето на незаконски стекнат имот во Западниот Балкан. Оваа учесничка мрежа на AIRE и РАИ претставува вреден ресурс за континуирано одржување на регионалната акција за одземање на незаконски стекнат имот и меѓународна соработка во оваа област, дури и надвор од проектот.
3. За да се осигури дека одземањето на незаконски стекнат имот останува цел на политиката, поттикнувајќи промена неопходна за зголемување на одземањето на незаконски стекнат имот, јурисдикциите треба, во согласност со нивното домашно законодавство или уставните одредби, да развијат конкретна стратегија за одземање на незаконски стекнат имот и акционен план и да формираат работна група. Истакнат експерт за одземање на незаконски стекнат имот треба да биде назначен за претседател на работната група и да управува со политиката и праксата на разни органи и агенции во областа на одземање на незаконски стекнат имот.
4. Треба да се развие регионална програма за поддршка на националните служби за одземање на незаконски стекнат имот за да се помогне меѓусебната едукација на службите. Покрај тоа, домашните СОНСИ ќе имаат корист од натамошно менторство за да се обезбеди целосна ефективност, во согласност со правото на ЕУ, најдобрите практики и индикаторите за ефективност.
5. Западниот Балкан оствари огромен напредок во областа на управувањето со одземен имот, не само во текот на проектот, туку и во годините пред тоа, посебно во однос на градење на институционални капацитети, особено во поглед на воспоставување на специјализирани агенции и дирекции. Меѓутоа, се препорачува дополнително градење на капацитетот во областа на управувањето со одземен имот, преку донесување на законски и подзаконски акти, планирање пред запленување на имот и воспоставување регистри на запленет и конфискуван имот кои би можеле да разменуваат податоци со правосудните бази на податоци за одземање на незаконски стекнат имот.
6. Со цел да се измери ефективноста на одземањето на незаконски стекнат имот во целиот регион, треба да се поттикне воспоставување на стандарден модел за прибирање на статистики, заснован врз појдовната основа што е опишана во Извештајот на AIRE и РАИ. Во регионот има добри примери

на електронски регистри (Регистарот на запленет и конфискуван имот што се води од Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот (АУЗКИ) во Албанија, судски и обвинителски регистар во рамките на Вишиот судски и обвинителски совет во Босна и Херцеговина и Централниот регистар во Србија), но на јурисдикциите сè уште им е потребна поддршка во врска со ова.

7. Потребна е дополнителна обука за зголемување на истражните вештини за пронаоѓање на имот, презентирање на докази за сопственост над имотот и утврдување дали имотот е несразмерно голем, да им се помогне на судии, обвинители и полициски персонал во единиците за финансиска истрага заради разбирање на потенцијалните посредни докази за време на постапката за проширена конфискација, како и обука за меѓународна соработка. Се препорачува натамошните проекти за градење на капацитетите да ги анализираат потребите за обука на одделните јурисдикции пред да започне општа обука која може да биде интересна, но не особено корисна.
8. На барање од корисничките јурисдикции, регионалниот проект на AIRE и РАИ поддржа првична дискусија за развој на регионален западнобалкански повеќестран договор во врска со незаконски стекнат имот меѓу три јурисдикции. Ова ќе обезбеди правна основа за да може имотот што е запленет и одземен во една јурисдикција, односно неговата вредност, во текот на судската постапка да биде споделен меѓу надлежните јурисдикции кои се вклучени во случајот. Ова е одличен модел на најдобра практика за други слични договори склучени во регионот.

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **АДП** | Албанска државна полиција |
| **AIRE** | Совети за индивидуални права во Европа [Advice on Individual Rights in Europe, англ.] |
| **АУЗКИ** | Агенција за управување со запленет и конфискуван имот (Албанија) |
| **АУЗКИ** | Агенција за управување со запленет и конфискуван имот (Косово*) |
| **АУИ** | Агенција за управување со имот |
| **АУОИ** | Агенција за управување со одземен имот (Северна Македонија) |
| **БАМИН [BAMIN]** | Балканска меѓуагенциска мрежа за управување со одземен имот [Balkan Asset Management Inter-agency Network, англ.] |
| **БиХ** | Босна и Херцеговина |
| **ВПП** | Взаемна правна помош |
| **ВСОС** | Висок судски и обвинителски совет |
| **GIZ** | Германско друштво за меѓународна соработка |
| **ГРЕКО [GRECO]** | Група на држави за борба против корупција [Group of States against Corruption, англ.] |
| **ДЧ** | Држави членки |
| **ЕВРОПОЛ [EUROPOL]** | Европска полициска служба [European Police Service, англ.] |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ETS 24** | Европска конвенција за екстрадиција |
| **ETS 30** | Европска конвенција за взаемна помош во кривичната материја |
| **ETS 99** | Дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривичната материја |
| **ETS 141** | Конвенција за перење, откривање, запленување и конфискација на имотна корист од кривични дела |
| **ETS 173** | Европска кривично-правна конвенција за корупција |
| **ETS 182** | Втор дополнителен протокол кон Европската конвенција за взаемна помош во кривичната материја |
| **ЕУ [EU]** | Европска унија [European Union, англ.] |
| **ЕФР** | Единица за финансиско разузнавање |
| **ЗБ** | Западен Балкан |
| **ЗКИККД** | Закон за конфискација на имотна корист од кривични дела |
| **ЗКП** | Закон(ик) за кривичната постапка |
| **ИНТЕРПОЛ** | Меѓународна организација на криминалистичката полиција [International Criminal Police Organisation, англ.] |
| **ЈИЕ** | Југоисточна Европа |

| | |
|---|---|
| **КАРИН [CARIN]** | Камденска меѓуагенциска мрежа за одземање на незаконски стекнат имот [Camden Asset Recovery Inter-agency Network, англ.] |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **КОНПК** | Конвенција на Обединетите нации против корупција |
| **КОНПТОК** | Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал |
| **МАНИВАЛ [MONEYVAL]** | Комитет на експерти за евалуација на мерки за борба против перење пари и финансирање на тероризам |
| **МОУИ [StAR]** | Мрежа за одземање на украден имот [Stolen Asset Recovery Network, англ.] |
| **НЗКО** | Не (е) заснована врз кривична осуда |
| **НОЕ [ENI]** | Национално одделение на Европол [Europol National Unit] |
| **ОБ** | Област Брчко (Босна и Херцеговина) |
| **ОВ** | Одлуки на Владата |
| **ОКСПП [FATF]** | Организација за контрола и спречување на перење пари [Financial Action Task Force, англ.] |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ОСК** | Обвинителски совет на Косово* |
| **ОСМ [DoCM]** | Одлука на Советот на министри [Decision of the Council of Ministers, англ.] |
| **ПВР [JHA]** | Правда и внатрешни работи [Justice and Home Affairs, англ.] |
| **ПФТ** | Против финансирање на тероризам |
| **РАИ** | Регионална антикорупциска иницијатива [Regional Anticorruption Initiative, англ.] |
| **РЗКИ** | Регистар на запленет и конфискуван имот |
| **РОС** | Рамковна одлука на Советот [на ЕУ] |
| **РС** | Република Српска (Босна и Херцеговина) |
| **СнЕ** | Совет на Европа |
| **СОНДК [UNODC]** | Служба на Обединетите нации за дроги и криминал [United Nations Office on Drugs and Crime, англ.] |
| **СОНСИ** | Служба за одземање на незаконски стекнат имот |
| **СПП** | Спречување на перење пари |
| ФБиХ | Федерација на Босна и Херцеговина |

# 1. Вовед

Слично на другите региони во светот, одземањето на незаконски стекнат имот (вклучувајќи имотна корист од кривични дела) беше специфичен фокус на јурисдикциите во Западниот Балкан во последните 15 години. Регионот доби значително ниво на поддршка од проекти финансирани од надворешни донатори. AIRE центарот и Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ) одиграа значителна улога во оваа поддршка. Заедно со сопствената политичка волја за промена, регионот веќе оствари значителен успех, во разни степени во различни јурисдикции, така што беа донесени закони и законски одредби за одземање на незаконски стекнат имот, беше посветено внимание на институционалните структури и политиката и беше поттикната добрата практика преку обука, што ја доведе практиката во усогласеност со мнозинството од меѓународните стандарди. Остварување на меѓународен стандард не мора да значи дека јурисдикцијата има ефективен систем за одземање на незаконски стекнат имот и останува фактот дека нивоата на конфискација во регионот се ниски.

Како одговор на тоа, AIRE центарот и РАИ ги здружија силите во 2017 година за да ги поддржат јурисдикциите на Западниот Балкан во интензивирање и консолидирање на нивните напори на регионално ниво во областа на одземање на незаконски стекнат имот. Првиот чекор на оваа иницијатива беше да се направи компаративна анализа на законодавството и практиката во јурисдикциите на Западниот Балкан. Наодите, препораките и идентификуваните приоритети од оваа анализа се документирани во извештајот „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“, објавен во 2018 година. Користејќи ги препораките и идентификуваните приоритети од овој извештај како водич, AIRE центарот и РАИ соработуваа како партнери во имплементацијата на двогодишен регионален проект насловен „Зајакнување на борбата против корупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за одземање на незаконски стекнат имот“ (регионален проект за борба против корупција). Во текот на овој период беа спроведени голем број активности во регионот и беа објавени извештаи од проектот, со цел да се подобри способноста за одземање на незаконски стекнат имот. Проектот беше финансиран од британската влада. Со проектот беа опфатени следниве јурисдикции: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Благодарение на поддршката обезбедена од Фондацијата Конрад Аденауер и Секретаријатот на РАИ, учеството во одредени активности им беше достапно и на професионалци од Бугарија, Хрватска, Молдавија и Романија. Првичната студија на AIRE центарот и РАИ од 2018 година заклучи дека, иако јурисдикциите во регионот на ЈИЕ во голема мера ги усвоија потребните регионални и меѓународни стандарди за одземање на незаконски стекнат имот, имплементацијата на овие стандарди беше „слаба“. Овој извештај има за цел да ја надгради одличната работа спроведена во проектот и да го искористи досегашниот развој и тековниот импулс за натамошно развивање на способностите за одземање на незаконски стекнат имот во регионот, што

ќе доведе до зголемување на конфискацијата на имотната корист остварена со криминал.

Покрај тоа, извештајот ќе ги истражи сите првични индикации за влијанието на КОВИД-19 врз процесот на одземање на незаконски стекнат имот, на пример, типологии на измами сврзани со КОВИД-19, зголемен ризик за корупција и злоупотреба на јавни средства и способност на властите да се борат против овие кривични дела.

Извештајот е фокусиран и на домашен и на регионален план, така што дава информации за моменталната состојба на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, како и регионот на ЈИЕ во целина. Заклучоците и препораките се презентирани според фаза и тема на одземање на незаконски стекнат имот, со реферирање кон одделни јурисдикции кога тоа е соодветно.

Извештајот има за цел да обезбеди информации за:

1. Национални политики и носители на одлуки на високо ниво кои се вклучени во реформа на системот на кривичната правда.
2. Националниот координатор за одземање на незаконски стекнат имот.
3. Домашни предлагачи и доносители на закони и креатори на политики.
4. Судии.
5. Домашни практичари во областа на одземање на незаконски стекнат имот во рамките на обвинителството и полицијата, особено лицата кои служат за контакт со КАРИН [CARIN], БАМИН [BAMIN] и МОУИ [StAR] во секоја јурисдикција.
6. Раководители на национални служби за одземање на незаконски стекнат имот и агенции за управување со имот.
7. Постоечки и идни проекти финансирани од надворешни донатори, кои се вклучени во подигање на капацитетите за одземање на незаконски стекнат имот во Западниот Балкан (AIRE и РАИ, ЕУ, СнЕ, СОНДК [UNODC], GIZ).

# 2. Методологија (опсег и период)

Овој извештај го проценува развојот на настаните во областа на одземање на незаконски стекнат имот во регионот во периодот од октомври 2018 година до октомври 2020 година.

Беше направен првичен преглед на постоечкото регионално и меѓународно право и најдобра практика во областа на одземање на незаконски стекнат имот, што овозможи идентификување на стандарди според кои ќе се споредуваат јурисдикциите. Овие стандарди се изложени на почетокот на извештајот, а се укажува и на воведување нови стандарди во однос на оние од почетниот извештај во 2018 година.

Потоа, беше направен преглед на сите публикации од проектот, што овозможи појдовна основа според која може да се процени развојот на настаните во регионот и да се идентификуваат сите приоритетни области.

Потоа беше испитан развојот на настаните во секоја јурисдикција од времето на пишување на првичниот извештај. Беше изработен стандарден „образец за извештај од земјата“ за да служи како плански модел за прибирање на податоци. Тој беше дистрибуиран за пополнување од страна на националните координатори на проектот на AIRE и РАИ. Националните координатори ги користеа сите достапни извори на информации за пишување на извештаите за соодветната земја, вклучувајќи информации за постоечкото домашно законодавство и документи за политики, за локалното знаење стекнато во текот на проектот, студии на случај и информации од релевантните органи, агенции, министерства и организации.

Информациите содржани во „обрасците за извештаи од земјите“ беа споредени со наодите, заклучоците и приоритетите идентификувани во првичниот извештај, за да се процени нивото на развој во секоја јурисдикција во текот на проектот. Тоа беше споредено со сегашните меѓународни и регионални стандарди и најдобра практика.

Севкупните наоди се презентирани со заклучоци и препораки, и на регионално ниво и за секоја одделна јурисдикција.

Овој извештај не претставува проценка на влијанието на регионалниот проект на AIRE и РАИ, меѓутоа, тоа влијание е спомнато таму каде што активностите на проектот ја унапределе практиката на одземање на незаконски стекнат имот.

# 3. Дефиниции

Следува листа на зборови и термини од сферата на одземање на незаконски стекнат имот, заедно со практично објаснување на нивното значење и сродните дефиниции од Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (КОНПК) и Варшавската конвенција на Советот на Европа (СЕ), таму каде што постојат дефиниции.

## Одземање на незаконски стекнат имот

Овој извештај го употребува терминот „одземање на незаконски стекнат имот" за сите фази од процесот на лишување на криминалци од нивниот незаконски стекнат имот[7], вклучувајќи пронаоѓање и идентификување на имот, замрзнување и запленување, управување со одземен имот, конфискација, враќање и располагање со имотот.

## Имот

Имот вклучува предмети користени за извршување на кривично дело (предмети од кривичното дело) и имотна корист од кривично дело. Имотната корист често се опишува како добивка или материјална корист од кривично дело. Имотната корист може да се подели на директна имотна корист од кривично дело, исто така наречена објект и индиректна имотна корист од кривично дело. Користејќи го примерот на вооружен грабеж на банка, предмети на кривичното дело би биле пиштолот користен за упатување закани кон вработените во банката и автомобилот користен за бегство, директна имотна корист би биле готовите пари земени од банката, а индиректна имотна корист би биле недвижнините купени со употреба на готовите пари.

Меѓународните и регионалните инструменти ги опишуваат разните видови имот на следниов начин:

„предмети од кривично дело" означува секоја ствар што се користи или е наменета да се користи, на кој било начин, целосно или делумно, за извршување на кривично дело или кривични дела (Варшавска конвенција на СнЕ, член 1(в));

„имот" означува ствари од секаков вид, без оглед дали се телесни или бестелесни, подвижни или недвижни, материјални или нематеријални и правни документи или инструменти со кои се докажува сопственоста врз такви ствари или правниот интерес за нив (КОНПК, член 2(г); Варшавска конвенција на СнЕ, член 1(б));

„имотна корист од кривично дело" е секоја ствар произлезена од или добиена, директно или индиректно, преку извршување на кривично дело (КОНПК, член 2(д));

[7] Конвенцијата на Обединетите нации против корупција од 2005 година го користи терминот „одземање на имот" само за да реферира кон поврат на имоти/средства украдени преку корупција.

„имотна корист“ значи каква било економска корист, произлезена од или добиена, директно или индиректно, од кривично дело, а може да се состои од каков било вид имот како што е дефинирано во овој член (Варшавска конвенција на СнЕ, член 1(а)).

### Пронаоѓање и идентификување на имот

Пронаоѓањето и идентификувањето на имотот го вклучува процесот на кривична и финансиска истрага за пронаоѓање или лоцирање на имотот, во рамките на јурисдикцијата што ја спроведува кривичната истрага, или во друга јурисдикција, врз основа на меѓународно барање за пронаоѓање на имотот. Идентификацијата на имотот има за цел да го открие сопственикот или контролорот на имотот.

### Замрзнување, запленување и ограничување

По пронаоѓање и идентификување на имотот, кога ќе биде извесно во јавноста дека се води истрага за случајот, имотот треба да биде подложен на замрзнување, запленување или ограничување, со цел да се спречи негово преместување во периодот пред правосилната пресуда, до евентуално донесување на наредба за конфискација. Доколку имотот не е замрзнат или запленет, осомничениот сторител на делото може да го премести имотот во обид да го сокрие или да располага со него. Замрзнувањето и запленувањето се применуваат по наредба од судот. Кога некој имот подлежи на наредба за замрзнување, тој останува таму каде што е, на пример, банкарска сметка би била замрзната. Кога некој имот подлежи на наредба за запленување, тој ќе биде ставен во привремен посед на државата, на пример, може да се заплени автомобил. Замрзнувањето и запленувањето исто така се опишува како „секвестрација“.

Терминот „ограничување“ се користи за да се опише привремено забранување на пренесување, пренамена, располагање или движење на имотот што го поседува одредено лице, а тоа исто така се врши со наредба од суд. Во овој случај, имотот обично останува кај сопственикот. Наредба за ограничување е насочена кон поединец, а не кон имот, иако имотот ќе биде опишан како „ограничен“ или како имот што подлежи на наредба за ограничување.

„Замрзнување“ или „запленување“ значи привремено забранување на пренесување, пренамена, располагање или движење на имот, привремено воспоставување контрола или воспоставување контрола врз имот врз основа на судска наредба издадена од суд или друг надлежен орган (КОНПК, член 2(ѓ); Варшавска конвенција на СнЕ, член 1(е)).

### Конфискација и одземање

„Конфискација“ е процес на трајно лишување на сторителот од имотната корист од кривичното дело, по правосилната пресуда. Терминот „одземање“ најчесто се користи за да се опише процесот на трајно лишување на сторителот

од предметите со кои е извршено кривичното дело или некои други нелегални ствари, како што се дрога или огнено оружје, пред или по конечната пресуда. Сепак, зборовите „конфискација“ и „одземање“ се користат наизменично во некои јурисдикции. Зборот „одземање“ може да се користи наместо „конфискација“ и обратно.

„Конфискација“, која вклучува одземање, кога тоа е применливо, значи трајно лишување од имот по наредба од суд или друг надлежен орган (КОНПК, член А. 2(е)).

„Конфискација“ значи казна или мерка, наредена од суд во постапка за кривично дело или кривични дела што доведува до конечно лишување од имот (Варшавска конвенција на СнЕ, член 1(г)).

### Конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Конфискација која не е заснована врз кривична осуда е процес на конфискација на имот без осудување на одредено лице за кривично дело во врска со тој имот. Може да се одвива и во кривична и во граѓанска постапка. Следуваат четири примери на конфискација која не е заснована врз кривична осуда:

а) Конфискација на имотна корист и предмети од кривично дело во текот на кривично гонење, во околности кога обвинувањето во случајот е докажано, но не е можно осудување заради смрт, отсуство или душевна болест на сторителот, или од други причини кои спречуваат правосилно осудување.

б) Проширена конфискација:
Проширена конфискација постои кога се одзема имот кој не е предмет на кривичното дело за кое криминалецот е изведен пред судот. Во овој случај, конфискацијата е „проширена“ на имот што не претставува предмет од кривичното дело, директна или индиректна имотна корист од кривичното дело за кое тој или таа се гони. Проширената конфискација се применува не само на добивката од конкретното кривично дело за кое сторителот е осуден, туку се проширува за да ја вклучи целата добивка стекната со криминална активност. Од властите не се бара да утврдат врска помеѓу сомнителниот криминален имот и конкретното кривично поведение за кое лицето е обвинето. Наместо тоа, конфискацијата може да е заснована врз посредни докази или извлечени заклучоци. Нерамнотежата помеѓу имотите на поединци и нивните законски извори на приход и/или општите докази за вмешаност во доходовна криминална активност може да биде дел од оправдување за „проширување“ на конфискацијата со опфаќање на друг имот (на пример, историјат на осудувања, докази за учество во криминална организација). Бидејќи многу од овие поими во голема мера се базираат врз перцепцијата, земјите често пати се обидуваат да ги прилагодат на нивните законодавства или практики. Затоа, покрај горенаведеното, одредени земји исто така го класифицираат оданочувањето на имотната корист од кривично дело како форма на проширена конфискација.

в) Граѓанско одземање:
Граѓанското одземање е дејствие насочено кон ствари (*in rem*) за чие преземање се налага доказ дека средството е предмет на кривично дело или имотна корист од кривично дело, но тоа не налага утврдување вина на поединец со стандардот надвор од разумно сомневање.

г) Необјаснето богатство:
Необјаснето богатство постои кога поединец поседува или ужива ниво на богатство кое не можел законски да го заработи или кое не може да се објасни со никакви други средства, како што се наследство, добивка на лотарија или подарок.

### Објективно заснована конфискација

Објективно заснована конфискација е конфискација на точниот, реален имот за кој е утврдено дека е имотна корист или предмет на кривичното дело.

### Конфискација на „вредност“ или конфискација на „заменска вредност“

Конфискација на вредност постои кога на осудено лице му е наредено да плати паричен износ кој е еднаков на вредноста на неговата или нејзината имотна корист од кривичното дело. Судот или надлежниот орган ја пресметува „добивката“ на осудениот сторител за одредено кривично дело. Наредбата за конфискација го опфаќа збирниот износ на добивката. Во овој случај, судот не се занимава со стварни предмети на кривичното дело (освен ако се работи за нелегален имот, како што е огнено оружје или дрога) и имотна корист, туку се фокусира врз паричен износ еднаков на имотната корист остварена со кривичното дело. Наредбата за конфискација може да се изврши или да се „плати“ од сторителот со користење на средства кои стојат на располагање, вклучувајќи и легален имот.

Често пати стварните предмети на кривичното дело или имотната корист веќе не се во посед на осудениот сторител кога доаѓа време да се изрече наредба за конфискација. Замената на вредноста овозможува утврдување на вредноста на имотната корист и/или предметите од кривичното дело и се применува еквивалентна вредност која треба да се конфискува како „замена“ на стварните предмети на кривичното дело или имотната корист.

### Продажба на имот

Имотот се продава кога се префрла од движен или недвижен имот, стоки или услуги во готови пари преку продажба.

### Располагање со имот

Располагање со имот е процес на продавање или уништување на имот.

### Спогодба за споделување на имот

Спогодба за споделување на имот е документ со кој се утврдува спогодбата помеѓу две или повеќе држави за споделување на имотот, во случаи кога имотот сврзан со државата која врши кривична истрага или презема кривично гонење е ограничен и е управуван од друга држава. На пример, државите можат да одлучат да ја споделат имотната корист од кривични дела во сооднос 50/50 помеѓу двете засегнати држави.

### Закон за конфискација на имотна корист од кривично дело (ЗКИККД)

Закон за конфискација на имотна корист од кривично дело и неговата кратенка ЗКИККД е генерички израз што се користи во оваа публикација и во рамките на „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди", издаден од AIRE и РАИ (2019), за да се опише дел од секундарното законодавство што е донесен конкретно за одземање на незаконски стекнат имот, а имињата на законскиот акт во разни држави е различна. На пример, во БиХ кратенката се користи за означување закон на ФБиХ наречен Закон за одземање на имот кој незаконски е стекнат со кривично дело; законот на РС се нарекува Закон за одземање на имот кој произлегол од извршување на кривично дело; а во областа Брчко (ОБ) законот се нарекува Закон за одземање на незаконски стекнат имот. Конфискацискиот закон во Албанија се нарекува Антимафијашки закон, а во Црна Гора се нарекува Закон за одземање на имотна корист стекната со криминална дејност.

# 4. Меѓународни и европски стандарди за одземање на незаконски стекнат имот

Ова поглавје дава преглед на меѓународните стандарди (ОН, ОКСПП (FATF)) и европските стандарди (Совет на Европа, ЕУ) развиени за да се осигури ефективно одземање на незаконски стекнат имот на домашно и меѓународно ниво.

## 4.1 Конвенции на ОН

Има две конвенции на ОН кои се однесуваат на одземање на незаконски стекнат имот: Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (КОНПТОК)[8] од 2000 година (која влезе во сила во 2003 година) и Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (КОНПК)[9] од 2003 година (која влезе во сила во 2005 година). Сите јурисдикции на Западниот Балкан, освен Косово*, се приклучија кон обете конвенции. Освен што ги опфаќаат темите корупција и транснационален организиран криминал (ОК), двете конвенции исто така содржат одредби за меѓународна соработка во врска со пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот, како и замрзнување, запленување, конфискација и располагање со тие имоти. КОНПТОК веќе се осврна на меѓународната соработка во врска со финансиски истраги, вклучувајќи и одземање на незаконски стекнат имот (чл. 12-13), располагање со конфискувана имотна корист од кривично дело (чл. 14) и сврзана меѓусебна правна помош (чл. 18) или заеднички истраги (чл. 19). Кривичните дела во врска со корупција се опфатени со одредби од КОНПК. За овие кривични дела концептот на „одземање на незаконски стекнат имот“ беше посебно споменат и понатаму елабориран во поглавјето V – Одземање на незаконски стекнат имот (чл. 51-59). Членовите 53 до 55 од КОНПК се занимаваат со признавање на наредби за конфискација, дури и без кривично осудување. Враќањето и располагањето со конфискуваните имоти е опфатено во член 57.

## 4.2 Препораки на ОКСПП (FATF)

ОКСПП (FATF на англиски јазик или GAFI[10] на француски јазик) е меѓувладина организација основана во 1989 година и моментално се занимава со спречување и борба против перење пари, финансирање на тероризам и други финансиски кривични дела поврзани со тие активности. Стандардите поставени од ова глобално признато тело за креирање политики, исто така, имаат за цел да се

[8] UNGA Res. 55/25, Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал од 2000 година, внесена во UN Doc. A/RES/55/25 (8 јануари 2001 година).

[9] UNGA Res. 58/4, Конвенција на Обединетите нации против корупција, UN Doc. A/RES/58/4 (21 ноември 2003 година).

[10] Groupe d’action financière (GAFI).

остварува меѓународна соработка (Препораки 36 до 40 од првичните препораки на FATF од 2012 година, ажурирани во 2019 година).

Особено препораките 4 и 38 и нивните толкувачки белешки опфаќаат взаемна правна помош во врска со замрзнување и конфискација на незаконски стекнат имот. Всушност, дадени се упатства за процесот на одземање на незаконски стекнат имот, како таков и исто така вклучуваат и конфискација која не е заснована врз кривична осуда.

## 4.3 Совет на Европа

Бројни повеќестрани меѓународни договори и препораки на Советот на Европа (СнЕ) се однесуваат на процесот на одземање на незаконски стекнат имот или се важни за тој процес. Меѓу нив спаѓаат Европската конвенција за взаемна помош во кривичната материја (Конвенцијата за ВПП) од 1959 година и нејзиниот Дополнителен протокол од 1978 година и Вториот дополнителен протокол од 2001 година[11]; Препораката бр. R (88) 18 усвоена од Комитетот на министри на СнЕ од 1988 година за одговорноста на претпријатија за кривични дела[12]; Европската конвенција за перење, откривање, запленување и конфискација на имотна корист од кривични дела (Стразбуршка конвенција) од 1990 година[13]; Европската кривично-правна конвенција за корупција од 1999 година (Стразбуршката конвенција од 1999 година) и нејзиниот Дополнителен протокол од 2003 година[14]; и Конвенцијата на СнЕ за перење, откривање, запленување и конфискација на имотна корист од кривични дела и за финансирање на тероризам од 2005 година (Варшавска конвенција)[15].

Со исклучок на Косово* и Босна и Херцеговина[16] (БиХ) сите јурисдикции во Западниот Балкан ги усвоија и ратификуваа конвенциите на СнЕ.

Исто така, во 1999 година СнЕ ја оформи групата на држави против корупција[17] (ГРЕКО), антикорупциско тело на Советот кое се занимава со набљудување. Членството не е ограничено на членките на СнЕ. Главната цел на ГРЕКО е да ги подобри капацитетите на нејзините членки за борба против корупцијата преку испитување дали членките се придржуваат кон антикорупциските стандарди на СнЕ. Ова се постигнува преку динамичен набљудувачки процес на следење на меѓусебните проценки. Со активности од мандатот на ГРЕКО се опфатени и одземањето на незаконски стекнат имот и имплементацијата на релевантните стандарди и инструменти.

[11] European Treaty Series (ETS) [Европска серија на меѓународни договори] бр. 30, 99 и 187.

[12] https://rm.coe.int/16804c5d71

[13] ETS 141.

[14] ETS 173 & 191.

[15] Council of Europe Treaty Series (CETS) [Серија на меѓународни договори на Советот на Европа] бр. 198, со која е дополнета Стразбуршката конвенција во однос на процесот на одземање на незаконски стекнат имот.

[16] Косово* не е држава членка на СнЕ; БиХ не го потпиша и не го ратификуваше Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за ВПП (ETS 99).

[17] https://www.coe.int/en/web/greco

## 4.4 Европска унија

ЕУ усвои значајни правни акти во врска со процесот на одземање на незаконски стекнат имот од 1998 година, често пати надградувајќи ги или подобрувајќи ги елементите на постоечкото меѓународно право.[18] Додека државите на Западниот Балкан не станат држави-членки на ЕУ, правните прописи опишани во продолжение од овој текст не се обврзувачки за нив. Сепак, освен воспоставување на нови стандарди за процесот на одземање на незаконски стекнат имот, сите држави на Западниот Балкан се кандидатки за членство во ЕУ и се во различни стадиуми на пристапување. Важно е тоа што имплементацијата на правото на ЕУ е услов да се стане држава-членка на ЕУ.

Затоа, сите држави од Западниот Балкан треба во своите правни системи да ги усвојат стандардите од следниве правни акти:

- Заедничка акција 98/699/ЈНА за перење пари, идентификација, пронаоѓање, замрзнување, запленување и конфискација на предмети и имотна корист од кривични дела. Ова треба да им овозможи на државите-членки (ДЧ) чии органи веќе се во раните фази на истрагата во одделни предмети да идентификуваат и пронајдат имотна корист и предмети од кривично дело по барање од друга ДЧ;
- Рамковна одлука на Советот 2001/500/ЈНА за перење пари, идентификација, пронаоѓање, замрзнување, запленување и конфискација на предмети и имотна корист од кривични дела. Ова вклучува два главни елементи. Прво, од ДЧ се бара да имплементираат системи за конфискација на вредност не само за домашни постапки, туку и за странски постапки. Второ, барањата за ВПП во врска со одземање на незаконски стекнат имот треба да имаат ист приоритет како и домашните барања;
- Рамковна одлука на Советот 2003/577/ЈНА за извршување на наредбите за замрзнување на имот или докази во Европската унија. Со неа е воведен принципот на взаемно признавање на наредбите за замрзнување и запленување. Важно е тоа што оваа одлука, исто така, овозможи директен контакт меѓу судските органи, слично на шенгенските прописи;
- Рамковна одлука на Советот 2005/212/ЈНА за конфискација на имотна корист, предмети и имот поврзани со кривично дело. Со неа е овозможено да се врши конфискација на имот пренесен на трето лице, како и да се врши проширена конфискација;
- Рамковна одлука на Советот 2006/783/ЈНА за примена на принципот на взаемно признавање на наредби за конфискација. Со неа е воведен спомнатиот принцип за наредби за конфискација;
- Одлука на Советот на ЕУ 2007/845/ЈНА за соработка помеѓу служби на државите членки за одземање на незаконски стекнат имот во областа на пронаоѓање на имот и идентификување на имотната корист или другиот имот поврзан со кривичното дела (одлука на Советот на СОНСИ). Воведена е обврска за државите-членки на ЕУ да воспостават СОНСИ;

[18] Рамковна одлука на Советот 2001/500/ЈНА, како пример за натамошно подобрување на ефективноста на Конвенцијата ETS 173 на СнЕ („Одземање на имот во Западниот Балкан ...“, AIRE и RAI 2018).

- Директива 2014/42/EU за замрзнување и конфискација на предмети и имотна корист од кривични дела во Европската унија. Со неа, до одредена мера, се поедноставени рамковните одлуки на Советот од 2001 и 2005 година. Таа, исто така, дополнително ги разви одредбите за конфискација на вредност и проширена конфискација и воведе одредби за конфискација која не е заснована врз кривична осуда, кога обвинетиот избегал или не може да биде кривично гонет поради болест. Исто така, таа директива за прв пат воведува обврска за државите членки на централно ниво да прибираат статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот и да ги испраќаат на годишно ниво до Европската комисија;
- Регулатива (EU) 2018/1805 („Регулатива од 2018 година“) за взаемно признавање на наредби за замрзнување и наредби за конфискација. Таа ги замени Рамковните одлуки на Советот од 2003 и 2006 година меѓу држави-членки обврзани со Регулативата, со цел полесно и побрзо да се признаваат судските наредби. Регулативата, исто така, содржи одредби за управување и располагање со замрзнат и конфискуван имот, враќање на имотот и обесштетување на жртвите, прибирање на статистики за меѓународни барања за извршување на наредби за замрзнување, запленување и конфискација. Регулативата исклучува конфискација од граѓанска или управна природа која не е заснована врз кривична осуда. Таа влезе во сила од 19 декември 2020 година;
- Директива (EU) 2019/1153. Таа утврдува правила кои ја олеснуваат употребата на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага или гонење на одредени кривични дела и ја укинува Одлуката на Советот 2000/642/JHA со која се определуваат правила за прибавување и употреба на финансиски информации за време на истрагите, вклучувајќи и пронаоѓање на имот заради конфискација. Врз основа на оваа директива, СОНСИ имаат пристап до националната централизирана база на податоци за банкарските сметки. Европол ќе има индиректен пристап само преку националните одделенија на Европол (НОЕ).

# 5. Преглед на јурисдикции

Обете публикации на РАИ и AIRE „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018) и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019) даваат детални коментари за правната рамка на јурисдикциите од ЗБ и нивната усогласеност со потребните регионални и меѓународни стандарди. Ова поглавје дава резиме на овие одредби, потенцирајќи ги целиот развој на настаните од почетокот на регионалниот проект на AIRE и РАИ.

## 5.1 Албанија

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Иако моментално нема конкретна национална стратегија за одземање на незаконски стекнат имот[19], комитет или акционен план, на одземањето на имот стекнат од кривични дела му се посветува внимание во низа национални стратегии и акциони планови. Прво, Меѓусекторската стратегија за спречување и борба против корупцијата за транспарентно управување за периодот 2008-2013 година беше заменета со Меѓусекторската стратегија за борба против корупцијата 2015-2020 година, одобрена со Одлука на Владата (ОВ) бр. 247 од 20 март 2015 година, која сè уште беше во сила за време на составувањето на овој извештај. Покрај тоа, Меѓусекторската стратегија за борба против организираниот криминал, недозволена трговија и тероризам, одобрена со ОВ бр. 663 од 7 јули 2017 година исто така останува во сила. Понатаму, Националниот стратешки документ за истрага на финансиски криминал за периодот 2009-2015 година, исто така, спомнува одземање на незаконски стекнат имот.

Акциониот план 2020-2030 година, одобрен преку имплементацијата на Меѓусекторската стратегија за борба против корупцијата и усвоен на 30 април 2020 година, меѓу неговите цели ги утврдува следниве мерки во врска со: (i) превентивниот пристап, како што е: зајакнување на електронската инфраструктура на јавни институции; анализа на трендовите на корупција; подобрување на статистиката за активностите на полицијата и сродните служби кои дејствуваат против корупцијата; прибирање, обработка и рационализирање на статистички податоци за корупција; прибирање и рационализирање на статистички податоци за имотот кој бил запленет и конфискуван со судски одлуки за кривични дела на корупција и организиран криминал и нивно проследување до Европската комисија; (ii) казнениот пристап, како што

[19] Работниот документ на Европската комисија насловен Извештај за Албанија 2019 година, кој е приклучен кон Поднесокот од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на региони од 2019 година насловен Поднесок за политиката на проширување на ЕУ [Communication on EU Enlargement Policy] од 29 мај 2019 година сугерира дека во тој момент се подготвувала национална стратегија за одземање на незаконски стекнат имот.

е: набљудување и известување за статистички податоци за запленувања; воспоставување формати за статистичко известување и прибирање податоци; воспоставување конкретни механизми за развој на борбата против корупцијата при администрирањето и управувањето со запленетите и конфискуваните имоти кои произлегле од корупција, преку формирање на Работна група за изготвување на подзаконски акти за спроведување на Законот 34/2019 за администрирање на запленет и конфискуван имот; воспоставување електронски регистар за одржување и пријавување на запленет и конфискуван имот; како и идентификување на јавни тела или субјекти со право на пристап до порталот/е-услугите на АУЗКИ; евидентирање на изнајмени имоти и имоти кои се администрирани; консолидирање на истражниот капацитет со зајакнување на истражителските структури и употреба на правни инструменти, како за аспектот на кривичната постапка, така и за разузнавачкиот аспект; подобрување на соработката помеѓу полицијата и другите служби кои се вклучени во кривично гонење и кривично казнување на корупцијата преку потпишување на нови спогодби за соработка/преразгледување на постоечките договорни аранжмани склучени меѓу институциите од доменот на внатрешните работи и оние кои се надлежни за борба против корупцијата; натамошно зголемување на пристапот до базите на податоци и државните електронски евиденции за спроведување на истраги преку меѓусебно поддржување на системите; изготвување на стандардни процедури и механизми за соработка помеѓу Државната полиција, Националното биро за истраги (НБИ) и Специјалното обвинителство против корупција и организиран криминал (СОПКОК); подобрување на правната рамка за гонење на економски и финансиски криминал; и подобрување на меѓународната судска и полициска соработка во борбата против економскиот и финансискиот криминал.

Меѓусекторската стратегија за борба против организираниот криминал, недозволена трговија и тероризам, одобрена со ОВ бр. 663 од 7 јули 2017 година, која сè уште е во сила, има за цел да развие соодветни политики за понатамошно подобрување на безбедносните стандарди во земјата, каде што, меѓу другото, целите и стратешките политики се насочени кон зголемување на истражните капацитети и ориентирање на овие структури кон разузнавање и зголемување на ефикасноста во обласа на гонење, откривање, запленување, конфискација и одземање на имот што бил стекнат со имотна корист од кривично дело.

И покрај тоа што одземањето на незаконски стекнат имот е високо на политичката агенда, Транспаренси интернешнл во својот извештај за 2019 година заклучи дека запленувањата и конфискациите на криминално стекнати имоти во случаи поврзани со корупција не се систематски наредувани или извршувани во Албанија. Извештајот на Европската комисија за Албанија за 2019 година, во рамките на делот „Борба против корупцијата“, наведува дека Албанија треба: (i) да направи натамошен напредок кон воспоставување на солиден историјат на запленувања и конфискации на криминално стекнати имоти кои произлегуваат од криминални активности/дела поврзани со корупција и организиран криминал и понатаму да ја зголеми употребата на финансиски истраги; (ii) да ги комплетира процедурите за формирање на специјализирани тела за борба против корупција, составени од СОПКОК, НБИ

и надлежниот суд заради решавање на случаи на корупција на високо ниво; да обезбеди ресурси и да осигури соработка помеѓу овие нови структури; (iii) да продолжи да го подобрува пристапот до националните електронски евиденции за полициските и сродните служби.

### Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Детална анализа на законските одредби за одземање на незаконски стекнат имот за Албанија е содржана во публикацијата на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката" (2018), стр. 50-54 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди", стр. 51-65. Овој дел содржи резиме на таа анализа.

Законските одредби за запленување и кривична конфискација во Албанија се содржани во КЗ (2017) и ЗКП (2017). ЗКП (2017) го дели запленувањето во 3 категории, доказно, превентивно и конзервативно запленување, кои заедно обезбедуваат основа за запленувања на предмети од кривични дела и директна имотна корист и индиректна имотна корист од кривични дела. Во членот 36 од КЗ се утврдени одредбите за кривична конфискација. Покрај тоа, Законот бр. 10192 од 3 декември 2009 година за спречување и борба против организираниот криминал, трговија со луѓе и корупција преку превентивни мерки против имотот, т.н. „Антимафијашки закон" (АМЗ), изменет во 2017 година и неодамна Законот 85/2020 од 2.07.2020 година, утврдува одредби за превентивно запленување и конфискација и исто така дава проширени можности за конфискација во албанскиот систем. АМЗ во својот член 12 дозволува запленување и конфискација на вредност, наведувајќи дека друг имот освен оној што е предмет на запленување или конфискација, дури и ако е со законско потекло, може да подлежи на запленување или конфискација доколку неговиот или нејзиниот законски сопственик располага со имотот или доколку има за тоа согласност на обвинителот и законскиот сопственик на имотот. Воведувањето на АМЗ може да се сфати како главен успех за Албанија, што водеше, на пример, до зголемување за 2,1 пати на вредноста на запленетите имоти во првата година од неговото постоење, во споредба со 2010 година. Меѓутоа, беше известено дека одредбите на АМЗ почесто се користат од „класичните" законски одредби за кривична конфискација согласно член 36 од Кривичниот законик, кој е задолжителен и се однесува на сите кривични дела.[20] Потребна е понатамошна работа за вклучување на запленувањето и конфискацијата во сите кривични гонења, покрај оние кои спаѓаат во опсегот на АМЗ.

ЗКП во член 352 предвидува конфискација на имот во отсуство на обвинетиот или кога сторителот е прогласен за „неоткриен".

[20] Работен документ на Европската комисија, Извештај за Албанија 2019 година, кој е приклучен кон Поднесокот од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на региони од 2019 година со наслов Поднесок за политиката на проширување на ЕУ.

Според член 3 од АМЗ, судот може да нареди запленување или конфискација дури и по смртта на осомничениот, неговите роднини или физички или правни лица под негова или нејзина контрола. Нивните имоти можат да бидат одземени од нивните правни наследници.

### Проширена конфискација

АМЗ, надополнет со ЗКП (2017), ѝ обезбедува на Албанија одредби за проширена конфискација која не е заснована врз кривична осуда. Двата главни критериуми за примена на проширена конфискација во Албанија се учество во криминална активност и неоправдан економски статус. Товарот на докажување дека имотот е стекнат од криминална активност првично е на обвинителот, по што осомничениот има право на одговор, па со тоа товарот на докажување на законитоста на имотот се префрла врз обвинетиот. Полициските службеници и обвинителите продолжуваат да се соочуваат со предизвици во примената на законските одредби за проширена конфискација од АМЗ. Во врска со ова беа планирани понатамошни обуки во рамките на наставната програма на Судскиот совет во првата половина на 2020 година, но беа одложени поради пандемијата на КОВИД-19.

Позитивен потег за подобрување на проактивниот фокус на кривичната и финансиската истрага е формирањето на специјална мултидисциплинарна „работна група“ според Акциониот план „Моќта на законот“. Поконкретно, од започнувањето на регионалниот проект на AIRE и РАИ, на 31 јануари 2020 година беше усвоен Нормативниот акт на Владата бр. 1 За превентивни мерки во рамките на зајакнување на борбата против тероризмот и сериозните кривични дела и за консолидација на јавниот ред и безбедност, како правна алатка за Работната група. Ова доведе до одземање на незаконски стекнат имот во многу голем број случаи. Овие одредби имаат привремен ефект и важат до 31 декември 2020 година.

Натамошен пакет измени и дополнувања на законите во Албанија е во тек, вклучувајќи и измени и дополнувања на одредбите за одземање на незаконски стекнат имот. Амандмани на законската и институционалната рамка за одземање на незаконски стекнат имот беа предложени од Владата на 6 февруари 2020 година, со фокус врз организирањето и функционирањето на АУЗКИ и Службата за одземање на незаконски стекнат имот која наскоро треба да се оформи. Законот 34/2019 за управување со запленет и конфискуван имот, кој беше донесен на 17 јуни 2019 година и влезе во сила 30 дена по објавувањето во „Службен весник“, е изменет и дополнет со Законот 19/2020 за дополнување и изменување на Законот 34/2019 за управување со запленет и конфискуван имот, што беше донесен на 5 март 2020 година.

АМЗ беше изменет и дополнет со Законот 85/2020 од 2.07.2020 година. Другиот дел од пакетот што ги опфаќа измените на КЗ и ЗКП сè уште не е усвоен. Сè до неодамнешното влегување во сила на измените и дополнувањата на АМЗ, не беше можно да се применат измените и дополнувањата на Законот 34/2019 за активностите на АУЗКИ. Пакетот беше предложен на 6 февруари 2020

година и беше усвоен истиот ден. Ова е корисно за постапките за одземање на незаконски стекнат имот што во моментов течат според важечката законска рамка, вклучувајќи го и Нормативниот акт бр. 1 од 31.01.2020 година кој има привремена важност до крајот на 2020 година.

### Финансиска истрага

Претходните извештаи на AIRE и RAI заклучија дека, генерално, капацитетот на полицијата и обвинителите за спроведување на финансиски истраги е низок. Нема доволно лица со вештини за спроведување на финансиска истрага насочена конкретно кон одземање на незаконски стекнат имот. ЕУ извести во 2019 година дека на полициските структури и на обвинителството треба да им се даде дополнителна обука за техники на финансиска истрага за да се подобрат нивните капацитети за истражување на неоправдано богатство.

Во кривичните постапки сè уште не се водат паралелни финансиски истраги на систематски начин со опфаќање на имоти стекнати од организиран и сериозен криминал, а нивната ефикасност е ограничена. Воспоставувањето на работната група „Моќта на законот“, сепак, ја подобри меѓуагенциската соработка, помеѓу АДП и обвинителството.

Друг витален фактор за ефективна финансиска истрага за пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот е можноста за брз и директен пристап до релевантни бази на податоци и други извори на информации. Полицијата и обвинителите добија пристап до дополнителни национални регистри (вкупно 40). Сепак, набљудувачкиот извештај за периодот јануари - јуни 2020 година за имплементација на Меѓусекторската стратегија за борба против корупцијата 2015-2023 година укажува дека тие сè уште немаат директен пристап до некои клучни национални регистри.

Друга клучна институционална промена во Албанија е воспоставување на Специјална структура за борба против корупција и организиран криминал (ССБКОК), која се состои од Специјалното обвинителство и Националното биро за истраги. Досега не е формирана Национална служба за одземање на незаконски стекнат имот, иако за ова се дискутира и ова прашање е вклучено во двете национални стратегии.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Албанија сè уште формално не назначи национална централна служба за одземање на незаконски стекнат имот, во согласност со стандардите на ЕУ[21] и глобалната најдобра практика. Според Акциониот план 2020-2023, одобрен на 30 април 2020 година, согласно Меѓусекторската стратегија за борба против корупцијата, целите според одделот Б3 предвидуваат дека во текот

[21] Одлука на Советот 2007/845/JHA од 6 декември 2007 година за соработка меѓу службите за одземање на незаконски стекнат имот на државите членки на полето на пронаоѓање и идентификување на имотна корист од кривични дела или друг имот сврзан со кривични дела.

на 2020 година ќе се формира работна група составена од претставници од Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за јавен ред, Обвинителството, Агенција за управување со запленет и конфискуван имот, со задача да ги процени потребите и барањата за СОНСИ, да издаде препораки, да подготви конечни документи за преиспитување на правната рамка и да направи предлог-проект за основање на албанска СОНСИ.

За 2019 година, целта беше да се избере институција каде што ќе се воспостави СОНСИ и да се изготват стандардни оперативни процедури. Овој индикатор не беше постигнат во 2019 година и затоа беше префрлен во 2020 година. За да се постигнат целите наведени во акциониот план 2020-2023 година, предвидени се следниве активности (3) и мерки (3):

„3.2 Правна основа на СОНСИ (институција-домаќин и стандардни оперативни процедури) изготвени од предложената институција

3.3 Одобрение за воспоставување и спроведување на активностите на СОНСИ

3.4 Активности за подигање на свеста во рамките на борбата против економскиот и финансискиот криминал.“

Целта за 2020 година е изготвување на правната основа за СОНСИ и идентификување на институцијата каде што таа ќе биде сместена. Целта за 2021 година е да се договори рамката за функционирање на СОНСИ и да се состави список на кривични дела за кои е можна конфискација. Целта за 2022 година е да се постигне целосно функционирање на СОНСИ и до Европската комисија да се достави известување за формирањето на СОНСИ. Целта за 2023 година е назначување на специјализирани обвинители кои единствено ќе бидат фокусирани врз пронаоѓање и одземање на незаконски стекнат имот.

Се очекува мерките да бидат спроведени преку активности во текот на првите 6 месеци од 2021 година, првите 6 месеци од 2022 година и првите 6 месеци од 2023 година.

Може да се резимира дека се очекува албанската СОНСИ да биде формирана и целосно функционална до декември 2023 година.

### Агенција за управување со одземен имот (АУОИ)

Албанската агенција за управување со одземен имот - Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот (АУЗКИ) - е основана во 2010 година и сега функционира во рамките на Законот 34/2019, изменет и дополнет со Законот 19/2020 за управување со запленет и конфискуван имот. Првично основана во рамките на Министерството за финансии, таа подоцна се префрли во рамките на Министерството за јавен ред и безбедност (Министерството за внатрешни работи на Албанија). Законот бр. 34/2019 и неговите измени и дополнувања ги дефинираат правилата, процедурите и административната

структура за управување со имот кој бил запленет и конфискуван од судството и државната полиција, а потоа, по наредба од министерот за јавен ред и безбедност, враќање на имотот во заедницата и/или за да се обесштетат жртвите на кривични дела.

Слично на сите други јурисдикции во регионот, Албанија ја основа својата агенција за управување со одземен имот пред назначување на служба за одземање на незаконски стекнат имот. Јурисдикцијата направи значителен напредок во поглед на воспоставување на законодавна рамка, политика и процедури во областа на управувањето со одземен имот, во споредба со многу нејзини соседи во регионот на Западниот Балкан. Во текот на регионалниот проект на AIRE и РАИ, голем фокус беше поставен врз развојот на АУЗКИ, вклучувајќи и измени и дополнувања на Законот 34/2019 и усвојување на голем број одлуки на Владата кои се однесуваат на проценка на вредноста, користење и продажба на одземени имоти, плати и надоместоци, воспоставување на Регистарот на запленет и конфискуван имот и пристап до него. Важно е дека мандатот на Агенцијата беше изменет и сега вклучува управување со поширок опсег на имоти, не само со оние кои спаѓаат во рамките на АМЗ (2017). Членот 4 од изменетиот Закон 34/2019 ги наведува законските одредби од кои произлегува задолжението на Агенцијата да управува со одземениот имот. Неопходниот пакет амандмани значително го зголеми обемот на работа и одговорноста на Агенцијата. Зголемувањето на ефективноста на АУЗКИ е клучен аспект на Стратегијата за борба против корупцијата и Акциониот план 2020-2030, усвоен на 1 јули 2020 година, преку ОВ бр. 516 од 1.7.2020 година. Акциониот план, меѓу неговите цели, утврдува мерки во врска со прибирање на статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот, воспоставување на електронски регистар на имоти кои се управуваат и развој на законот и подзаконските акти за АУЗКИ преку формирање на работна група. Се подготвуваат осум подзаконски акти, согласно Законот бр. 34/2019 и тие се во различни фази на развој:

- Нацрт ОВ „За утврдување на критериуми за одлучување, начини и процедури за користење и отуѓување на конфискувани имоти“;
- Нацрт ОВ „За границите на платите или надоместоците на вработените“;
- Нацрт ОВ „Критериуми, мерки и начин на користење на недвижен имот и на имот што служи за трговска и економска активност“;
- Нацрт ОВ „Правила за содржината и формата на евидентирање на привремено одземените и конфискуваните имоти, како и за определување на јавни тела или субјекти кои имаат пристап до информации во врска со тоа“, што неодамна беше усвоена преку ОВ бр. 835 од 28.10.2020 година;
- Нацрт упатство „За постапките за прибирање и администрирање на приходите, правила за начинот на водење и евидентирање на трошоците и за границите на причинување на трошоци“;
- Нацрт-наредба „За критериумите и правилата за составување список на администратори на имот во АУЗКИ“;
- Нацрт наредба „За одобрување на структурата и органскиот состав на структурата на Агенцијата за запленет и конфискуван имот“;
- Нацрт ОВ за креирање на електронски регистар, за водење евиденција,

форма на евиденцијата и известување за привремено одземените и конфискуваните имоти.

Мандатните функции на АУЗКИ се предвидени во член 8 од Законот бр. 34/2019, изменет и дополнет со Законот бр. 19/2020 и тие се однесуваат на:

- организацијата, функцијата, буџетирањето, одговорностите и овластувањата на АУЗКИ;
- приемот на имоти за управување од АУЗКИ врз основа на судска или управна наредба;
- ослободување на имот од управување од АУЗКИ (продажба);
- управување од надворешни лица (кои не се од АУЗКИ);
- како може да се користат средствата во фазата пред донесување на пресудата и потоа;
- како средствата можат да се пренесат на државата или на трето лице по пресудата;
- враќање на имотот на оригиналниот сопственик кога ќе се укинат наредбите за запленување;
- како може да се остварат приходи од управувањето со имотот и што се случува со овој приход;
- трошоците сврзани со управувањето со имотот и како се подмируваат овие трошоци;
- воспоставување, намена, администрирање и распределување на правата за пристап до „Електронскиот регистар“ на имоти.

Проширувањето на мандатот на АУЗКИ е важно за нејзино ефективно функционирање. Овој развој треба да продолжи со вклучување на Агенцијата во текот на целиот циклус на постапување со имотот. Во моментов Агенцијата нема мандат да управува со имотот сè додека судот не одлучи за имотот преку донесување на судска наредба. Според тоа, АУЗКИ не е вклучена во никакви активности пред запленувањето, односно, не е вклучена со давање проценка и совети за тактиките на запленување во истражната фаза на операцијата. Обвинителството призна дека би било корисно во сите случаи да се прави проценка на вредноста на имотот од страна на вешто лице уште во фазата на истрага, со цел да се направи првична проценка на имотот чие запленување или конфискување би се барало. Оваа дополнителна промена ќе налага натамошни измени и дополнувања на Законот за АУЗКИ.

### Повторно користење на конфискуван имот

Членот 37 од Законот 10192 од 2009 година, изменет и дополнет во 2017 година предвидува посебен фонд во кој се чуваат парите од одземените имоти, за потенцијално користење на парите во државни и социјални проекти, а неодамна тоа беше предвидено и со Законот 85/2020 наречен Специјален фонд за спречување на криминал. Парите собрани од спроведувањето на овој закон се внесуваат во посебен фонд за спречување на криминал и за правно образование. Специјалниот фонд и неговиот износ се утврдени во Законот за годишен буџет.

Овој фонд служи за: (а) да се подобри функционирање на кривичната правда, со доделување средства на Општото обвинителство, Специјалното обвинителство против корупција и организиран криминал (СОПКОК) и Министерството за безбедност и јавен ред; (б) да се подобри превенцијата на криминалот и прелиминарните кривични истраги за алчниот организиран криминал или други кривични дела, да се развијат програми за заштита на сведоци и соработници на правдата со доделување на управуваните средства на Министерството за безбедност и јавен ред; в) да обезбеди помош на жртвите на организираниот криминал, како и да ги унапреди социјалните програми за овие категории, со доделување средства за Министерството кое е надлежно за социјални прашања; г) да обесштети жртви на организиран криминал и трговија со луѓе до мера утврдена во судската одлука; д) да ја надомести разликата во вредноста што може да настане при управување со имотот кој, преку судска пресуда, ќе му се врати на сопственикот на замрзнатиот или конфискуваниот имот (измени и дополнувања со Законот 85/2020 (чл. 16)).

Покрај институциите на централната власт, корисници можат да бидат и: а) одделенија на локалната самоуправа, во географската локација на конфискуваната недвижност; б) непрофитни организации чиј опсег на активност е социјална, културна и здравствена рехабилитација за лица во неволја. Ова ги вклучува особено оние кои се засегнати од криминал или се изложени на ризик од криминал, терапевтски организации и центри, центри за рехабилитација и третман на злоупотреба на супстанции и центри за рехабилитација на жртви на трговија со луѓе, доколку тие ги спроведуваат своите активности најмалку три години по поднесување на барањето. Условите за финансирање на проекти, според членот 37 од АМЗ, се определени од Меѓусекторскиот комитет на експерти за мерки против организираниот криминал, кој ги утврдува критериумите за финансирање на проектите, додека нивната тековна примена и употреба се надгледува од Агенцијата. Според новиот Закон 85/2020 (чл. 16), Комитетот преку одлука утврдува финансирање на проекти и начини на користење на средствата наменети за апликантот. Средствата наменети за спречување на криминал кои не се користат во една фискална година ќе бидат префрлени во следната буџетска година на Агенцијата.

### Меѓународна соработка

Албанија има целосен комплет на законски одредби за меѓународна соработка во врска со одземање на незаконски стекнат имот. Законот бр. 10192 од 3 декември 2009 година за јурисдикциски односи со странски органи во кривичната материја (Закон за ВПП) ги пропишува аранжманите во врска со барања до Албанија за запленување и конфискација (членови 1, 22 и 23). По поднесено барање, запленувањето и конфискацијата се одвиваат во согласност со КЗ и ЗКП. Во Албанија меѓународните писмени барања за извршување на запленување и конфискација не се спроведуваат директно, туку мора да бидат презентирани пред надлежниот окружен суд за донесување на „поволно решение“ (член 506 од ЗКП). Прашањата сврзани со жалбите (членови 274-276 од ЗКП), исто така, се применуваат на имотот кој бил запленет во име и

за сметка на странска јурисдикција и тоа може да резултира со враќање на имотот во рок од неколку недели по запленувањето.

Покрај тоа, членот 10 од АМЗ, вклучува одредби за меѓународна правна помош за време на судење, наведувајќи дека ќе се применуваат меѓународните договори чиј потписник е Албанија, заедно со соодветните процедурални одредби.

Меѓународните стандарди исто така предвидуваат можност да се одговори на странски барања за истрага, запленување и конфискација, кои се засновани врз постапување во кое нема кривична осуда, барем во случај на смрт, бегство или отсуство на обвинетиот, или ако осомничениот е непознат. Албанскиот Закон за ВПП им овозможува на албанските власти да извршат конфискација по странско барање со примена на одредбите на ЗКП (членови 516-518) кои дозволуваат признавање и извршување на странски судски одлуки. Доколку вакво барање е засновано врз кривична постапка, тогаш Албанија треба да може да одговори. Меѓутоа, со оглед на тоа што граѓанска конфискација не се потпира врз кривична осуда и затоа нема казна, албанските власти не можат законски да спроведат барање за запленување или конфискација кое е засновано врз граѓански одредби од овој член на ЗКП.

Албанија е членка на Камденската меѓуагенциска мрежа за одземање на незаконски стекнат имот (КАРИН/CARIN) од 2006 година. Полициски службеник од Дирекцијата за економски и финансиски криминал, Оддел за организирани и сериозни кривични дела на Албанската државна полиција, неколку години беше лице за врска со КАРИН како претставник на албанските служби за внатрешни работи и безбедност во рамките на КАРИН, што него и Албанија ги постави во центарот на меѓународната соработка за пронаоѓање на незаконски стекнат имот на глобално ниво. Обвинителскиот контакт со КАРИН за Албанија во моментов се наоѓа во Општото обвинителство. Со воспоставувањето на новата национална СОНСИ, можеби ќе треба да се смени обвинителскиот контакт со КАРИН, во зависност од Министерството под кое ќе биде поставена СОНСИ. Албанија веќе е добро поставена во неформалната мрежа за управување со одземен имот БАМИН, бидејќи АУЗКИ е членка од нејзиното создавање во 2014 година. Албанија го имаше претседателството над БАМИН во 2020 година.

### Мерење на ефективноста

Во моментов не постои еден централен систем за собирање статистики за запленетите и конфискуваните имоти и нивната вредност. Сепак, работата е во тек во оваа област.

Акциониот план 2020-2030 година, одобрен со цел да се имплементира Меѓусекторската стратегија за борба против корупцијата, усвоен на 1 јули 2020 година преку ОВ бр. 516, утврдува голем број мерки за прибирање и рационализирање на статистичките податоци за имотот што бил конфискуван и запленет со судска одлука, за кривичните дела на корупција и организиран криминал (како што е наведено во документот Следење на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за борба против корупцијата, чиј датум е

јануари - јуни 2020 година). Овие статистички податоци потоа треба да бидат доставени до Европската комисија. Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот (АУЗКИ) игра клучна улога во оваа област. По измените и дополнувањата на Законот за Агенцијата, таа сега има мандат да воспостави и управува со електронски Регистар на запленет и конфискуван имот (РЗКИ), до кој другите јавни органи или субјекти ќе имаат пристап. Воведувањето на РЗКИ ќе ја постави АУЗКИ во централна позиција на национално ниво за прибирање на статистички податоци за запленетите и конфискуваните имоти и нивните вредности. Тука може да упатиме на ОВ бр. 512 од 1.7.2020 година за утврдување правила за организација и функционирање на државните податоци за информации против организираниот криминал, сериозни кривични дела и тероризам и исто така, ОВ бр. 835 од 28.10.2020 година наречена „Правила за содржината и формата на евидентирање на привремено одземените и конфискуваните имоти, како и за определување на јавни тела или субјекти кои имаат пристап до информации во врска со тоа".

Иако веќе се извршени многу истражувања и подготовки, сè уште се дискутира за одредени аспекти на РЗКИ. На пример, сè уште не е јасно како ќе се добијат податоците за случаи кои ќе бидат упатени до полицијата или гонети од неа, односно Обвинителството, за кои нема судска одлука за запленување или конфискација. Се предвидува дека подзаконските акти на Регистарот треба да ја разјаснат оваа материја.

Покрај тоа, меѓу сегашните стратешки и политички цели е формирање на служба за одземање на незаконски стекнат имот, која исто така може во иднина да има сеопфатна улога во прибирање информации и податоци, како и координација на податоците од полицијата, обвинителството, судовите и Агенцијата. Ќе треба јасно да се определат улогите на СОНСИ и АУЗКИ во однос на прибирање на податоци за да се избегне удвојување и да се максимизира ефикасноста. Од едниот или другиот орган, исто така, се очекува да направат целосни студии во врска со зголемувањето на ефективноста на системот за одземање на незаконски стекнат имот.

Во меѓувреме, сите органи вклучени во одземање на незаконски стекнат имот поднесуваат извештај до Министерството за правда, кое е одговорно за објавување на годишната статистика за судските случаи. Досега, со формирањето на СОПКОК, Специјалното обвинителство поднесе извештај до Општото обвинителство во врска со податоците, кои беа внесени во Годишниот извештај на Општото обвинителство. АУЗКИ досега водеше сопствен регистар и поднесуваше извештај до Кабинетот на премиерот. Конечно, стандардите на ЕУ, исто така, налагаат прибирање на статистички податоци за влезните и излезните меѓународни барања за спроведување на замрзнување, запленување и конфискација. Дополнителни информации за ова се достапни во документот „Следење на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за борба против корупцијата", чиј датум е јануари – јуни 2020 година. Не е јасна тековната состојба во врска со прибирањето податоци за пратените и примените меѓународни барања (кои биле поднесени врз основа на формални меѓународни договори), за спроведување на наредби за замрзнување, запленување и конфискација на имот.

## 5.2 Босна и Херцеговина

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Во Босна и Херцеговина постојат многу стратешки документи креирани на различни нивоа на власт (државно ниво на БиХ, ентитети, областа Брчко и кантони) кои содржат конкретни мерки поврзани со одземање на незаконски стекнат имот (т.е. Национална стратегија за борба против организираниот криминал, Национална стратегија за борба против корупцијата, Стратегија за борба против тероризмот, Стратегија за борба против трговијата со луѓе, итн.). Од ова може да се заклучи дека одземањето на незаконски стекнат имот е навистина важен дел од јавните политики за сузбивање на криминалот. Во моментов нема една национална структура која би можела ефикасно да биде домаќин на активностите и да ја води политиката на ниво на земјата. Сепак, одземањето на незаконски стекнат имот исто така би требало да фигурира во агендите на политиките на нивоа на одделни држави и ентитети. Постојат знаци дека се појавува овој тренд. На пример, Федерацијата на БиХ е еден од двата ентитета во децентрализираната уставна рамка која има посебен закон за одземање на незаконски стекнат имот, што предвидува Федералната агенција за управување со одземен имот да подготви и до Парламентот да достави стратегија и акционен план во областа на одземање на незаконски стекнат имот, иако овој документ сè уште не е направен. Стратегиите, комитетите и акционите планови за одземање на незаконски стекнат имот често се содржани во националните стратегии за организиран криминал, борба против корупцијата или финансиска истрага и ова исто така може да функционира во четирите јурисдикциски области во БиХ. Сепак, во моментов ниту една од четирите јурисдикции нема развиено или усвоено единствена стратегија за одземање на незаконски стекнат имот (дури и Федерацијата на БиХ каде што тоа е пропишано со закон). Затоа, се препорачува натамошна поддршка за четирите области, со цел да се зајакне потребата да се води и „поседува“ политиката за одземање на незаконски стекнат имот од еден посебен орган, така што да се изврши приближување кон овој меѓународен стандард.

### Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Обете публикации на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018 година), стр. 55-58 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019 година), стр. 68-83, даваат детален коментар за правната рамка на БиХ и нејзината усогласеност со потребните регионални и меѓународни стандарди. Овој оддел дава резиме на овие одредби и сите настани по објавувањето на публикациите на AIRE и РАИ.

Уставно-правниот систем на Босна и Херцеговина (БиХ) се состои од четири кривично-правни системи. Одземањето на незаконски стекнат имот се уредува на државно ниво со Кривичниот законик (КЗ) и Законикот за кривична

постапка (ЗКП), плус прописите за постапката за извршување. Во ентитетите на Федерацијата на Босна и Херцеговина (ФБиХ), одземањето на незаконски стекнат имот во Република Српска (РС) и во областа Брчко (ОБ) се уредуваат според нивните КЗ и ЗКП и нивните поединечни закони за конфискација на имотна корист од кривични дела (ЗИККД).

Во сите четири јурисдикции, замрзнувањето, запленувањето и конфискацијата на предмети сврзани со кривични дела, директна и индиректна имотна корист од кривични дела се предвидени во рамките на КЗ, ЗКП и поединечните ЗИККД. За ФБиХ, РС и ОБ, усвојувањето на ЗИККД нуди подетална јасност во врска со намерата на одредбата, т.е. отстранување на богатството од сопственост и посед на криминалците преку конфискација на имотната корист од кривични дела. Сличностите и разликите се сеопфатно опишани во „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди", издаден од AIRE и PAE (2019), стр 73-83.

### Конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Иако во земјата има различни процедури со кои се регулира конфискацијата, во сите четири јурисдикции е предвидена „обична" или класична кривична конфискација по осудување. Има одредби за конфискација во кривична постапка без заснованост на конфискацијата врз кривична осуда, во случаи кога сторителот ќе умре, е душевно неподобен да биде кривично гонет, кога е отсутен или има други причини кои спречуваат донесување на правосилна осуда, но според формата и видот тие се различни во одделни ентитети. Конфискацијата која не е заснована врз кривична осуда е предвидена на ниво на ФБиХ и ОБ кога се исполнети посебните услови од Законот (смрт на сторителот; отсуство на сторителот поради бегство; и кога постои непосредна опасност од настапување на застареност). Со неодамнешни законски измени во ентитетот Република Српска беше воведена конфискација која не е заснована врз кривична осуда во случај на смрт, отсуство и сл. И овие одредби се многу слични со оние во Федерацијата на БиХ и областа Брчко.

Стандардот на ЕУ, содржан во Директивата на ЕУ 2014/42/EU во чл. 4 ст. 2[22], утврдува дека можат да се одземат предмети и имотна корист барем во случај на болест или бегство на осомничено или обвинето лице, додека ОКСПП (FATF) исто така ја вклучува и смртта на лицето во својот стандард. Се препорачува БиХ да обезбеди усогласување на своето законодавство барем со стандардот на ЕУ.

[22] Кога не е можна конфискација врз основа на ставот 1, барем кога таквата неможност е резултат на болест или бегство на осомничениот или обвинетиот, државите членки ќе ги преземат неопходните мерки за да овозможат конфискација на предмети од кривичното дело и имотна корист од кривичното дело во случаи во кои кривичната постапка била поведена за кривично дело кое е подобно да доведе до зголемување, директно или индиректно, на економската добивка, а таква постапка можела да доведе до кривична осуда ако постоела можност осомниченото или обвинетото лице биде судено.

### Проширена конфискација

Проширената конфискација постои во сите законодавства на БиХ, во различни степени. Со измените и дополнувањата на Кривичните законици на БиХ, ФБиХ и ОБ во 2010 година воспоставени се основи на материјалното право за проширена конфискација, но самата постапка се потпира врз оскудни прописи за запленување. Федерацијата на БиХ и областа Брчко оттогаш донесоа свои закони за одземање на имотна корист од кривично дело (во 2014, односно 2016 година), но, освен некои помали доуредувања, проширената конфискација остана главно неуредена во овие јурисдикции. РС е единствениот исклучок бидејќи нејзиниот ЗКИККД е целосно посветен на проширената конфискација. Анализата на постоечкото законодавство, која е објавена во „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди", издаден од AIRE и РАИ (2019), заклучува дека законодавците на БиХ не се целосно јасни кои посебни околности мора да се докажат кога се утврдува врска помеѓу имотите подложени на проширена конфискација и кривичните дела од кои тие наводно произлегле. Одредбите во законот на РС и индиректното толкување на кривично-правните одредби на БиХ, ФБиХ и ОБ, сепак, сугерираат дека имотот на сторителот, чија големина и вредност не може разумно да се објасни со споредување со неговиот легален приход, подлежи на проширена конфискација. Меѓутоа, ако законодавецот е несигурен, секако следува дека и практичарите што го применуваат законодавството (судии и обвинители) ќе бидат несигурни, што резултира со ниско ниво на употреба на соодветните одредби.

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Граѓанско или управно одземање или конфискација кое/која НЗКО не е дел од законодавната рамка насочена кон имоти произлезени од кривични дела во БиХ.

### Финансиска истрага

Иако не е јасно наречена „финансиска" истрага, постојат одредби за финансиска истрага во ЗКП на сите четири јурисдикции. Во оние ентитети кои имаат усвоено ЗКИККД, предвидени се одредби за финансиска истрага, но само за казниви дела опфатени со делокругот на ЗКИККД. Прирачникот на стр. 69-73 дава детален коментар за законските можности за финансиска истрага.

Накусо кажано, во рамките на сите јурисдикции на БиХ, ЗКП и ЗКИККД (таму каде што постои таков закон) им даваат право на обвинителите да поведат и да спроведуваат финансиски истраги. Донесувањето на законски одредби е само една компонента на ефективна финансиска истрага. Главни фактори за ефективност се и истражители со соодветни вештини, меѓуагенциска оперативна соработка и брз (директен ако е можно) пристап до релевантни податоци. На овие аспекти сè уште се работи. На пример, во ФБиХ, некои институции се означени како „клучни партнери" со обвинителството во спроведувањето на финансиски истраги (Даночната управа на ФБиХ, Регистарот на хартии од вредност на ФБиХ, Комисијата за хартии од вредност на ФБиХ). Сепак, треба

да се направи уште многу за релевантните истражни органи да имаат брз и директен пристап до извори на информации за ефективна финансиска истрага, особено пристап до банкарски евиденции за физички лица. Ова значи дека друга област која налага поголем фокус е пристап до банкарски и други финансиски информации. Меѓународните и регионалните стандарди[23] препорачуваат воспоставување на национални централни регистри на банкарски сметки, до кои националните служби за одземање на незаконски стекнат имот имаат директен пристап. До денес БиХ нема национален регистар на банкарски сметки на физички лица. Овие проверки се вршат во долг процес на контактирање со одделни банки. Позитивно е тоа што РС воспостави специјализирана полициска единица која работи како служба за одземање на незаконски стекнат имот во РС и таа оствари корист од специјализирана обука за финансиска истрага. Сепак, главно, ова е реткост во земјата. Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека капацитетот на полицијата и обвинителите за спроведување на финансиски истраги е низок. Нема доволно лица со вештини за спроведување на финансиски истраги кои би биле конкретно фокусирани на одземање на незаконски стекнат имот. Општо земено, ова е одлика во БиХ.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Структурата во однос на воспоставување ефективна добро функционирачка национална служба за одземање на незаконски стекнат имот е далеку од решена во БиХ и затоа во оваа витална област сѐ уште е потребно натамошното градење на капацитетите, со надворешна поддршка од експерти кои работат на полето на меѓународно одземање на незаконски стекнат имот. Со цел да работат ефективно, СОНСИ треба да имаат широк пристап до базите на податоци кои се достапни во нивната географска област. Државната агенција за истраги и заштита (ДАИЗ) е полициска агенција основана на државно ниво на БиХ, која служи како национална единица за финансиско разузнавање (ЕФР) и дава помош во меѓународната соработка, со асистенција на полициски агенции од други нивоа на власт. Оваа служба може да има координативна улога за целокупната структура на СОНСИ на БиХ. Сепак, таа би можело да функционира ефективно само доколку би била добро поврзана со регионалните служби за одземање на незаконски стекнат имот во рамките на Федерацијата на БиХ, Република Српска и областа Брчко. Овие служби треба да бидат екипирани со обучени истражители за идентификација, пронаоѓање и одземање на незаконски стекнат имот.

Во однос на специјализацијата, на некои обвинители и полициски службеници ширум земјата им беше дадена специфична обука и тие стекнаа експертиза во оваа област, но не се формално назначени како специјални обвинители за одземање на незаконски стекнат имот и не се поддржани од систем на стимулации, награди и евалуации на нивната работа во областа на одземање на незаконски стекнат имот, како што тоа се прави за кривичните гонења.

[23] Петтата Директива за перење пари и Директивата на ЕУ 2019/1153 со која се воспоставуваат правила за олеснување на употребата на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага или кривично гонење за одделни кривични дела и се укинува Одлуката на Советот 2000/642/JHA.

Се препорачува, како прв чекор, дека би било добро за почеток да се назначи или воспостави СОНСИ во рамките на секој од ентитетите ФБиХ и БД, како и на ниво на државата БиХ, слично на СОНСИ во РС. На јурисдикцијата ќе ѝ треба поддршка од надворешни меѓународни партнери и проекти за спроведување на оваа препорака.

### Агенција за управување со одземен имот

Како и со ситуацијата на воспоставување на СОНСИ во БиХ, децентрализираната структура на земјата во моментов не дозволува централизирана служба за управување со одземен имот. Постојат функционални системи за управување со одземен имот во ФБИХ, ОБ и РС. Врз основа на ЗКИККД беа основани две агенции за управување со одземен имот во ФБиХ и во РС. Во септември 2020 година, Министерството за правда на ентитетот Република Српска усвои нов подзаконски акт за „Правила за постапки за управување со одземен имот", обезбедувајќи ѝ на Агенцијата за управување со одземен имот на РС сеопфатна правна рамка за ефикасно управување со сите видови на имот што е подложен на привремено или трајно одземање. Овој подзаконски акт е развиен со поддршка од проект финансиран од Владата на Обединетото Кралство. Сличен подзаконски акт е подготвен за ентитетот ФБиХ, но сè уште не е донесен.

ЗКП-и не ја одредуваат постапката што следи по донесувањето на пресуда или одлука за конфискација. Ова значи дека се применуваат општите одредби за судските постапки по донесена пресуда (заверени примероци на пресудата им се доставуваат на странките, бранителот, оштетените, лицата чии предмети/имот биле запленети [кога тоа е можно и соодветно] и сопственикот на предметот/имотот што подлежи на конфискација во случај тоа лице да не е обвинето. Соодветните ЗКИККД-и утврдуваат различни одредби за системот што е воспоставен во однос на управување со одземен имот. По правосилноста на пресудата, имотот може да се продаде, додека уметнички дела и други предмети од културно или историско значење можат да им се дадат на уметнички галерии, музеи и културни институции за чување и користење. Клучна цел на агенција за управување со одземен имот е да ја зачува вредноста на имотот до правосилната пресуда и да постигне највисока можна продажна вредност по донесување на таква пресуда. Ова може да се постигне само со усвојување на постапки за управување со одземен имот кои се содржани во закони и особено со подзаконски акти кои јасно го уредуваат секој модалитет на управување за специфични форми на одземен имот, без оглед на статусот на имотот во постапката (запленет или конфискуван). Експертизата за одземање на незаконски стекнат имот се зголеми во оваа област во текот на изминатите 10-15 години, со постојано развивање и споделување на најдобра практика за законодавство и процедури во склоп на групи практичари како што е БАМИН. БиХ е во одлична позиција да го искористи ова знаење и да започне да прави и донесува законски и подзаконски акти, бидејќи е членка на БАМИН од 2014 година. Исто така, ФБиХ, во отсуство на СОНСИ, ја презеде водечката улога во државната политика за одземање на незаконски стекнат имот. РС е подетална во своето законодавство со одредбите на ЗКИККД. Сепак, постојат празнини во системите. На пример, ниту еден од четирите ентитети во БиХ не воспоставил посебен фонд за чување на парите од

одземениот имот, заради нивно потенцијално користење во државни и социјални проекти. За прашања како што се продажба на запленет имот во фазата пред донесување на пресуда и за користење на имот од државни институции или за социјални цели, исто така, ќе биде нужно да се направат одредени законодавни измени и секако ќе биде наложено да се врши детално регулирање и надзор. Сигурна сум дека практичарите кои работат на ова поле ќе се согласат дека треба уште да се направи во оваа област.

### Меѓународна соработка

Сите формални влезни и излезни барања за взаемна правна помош кои се однесуваат на БиХ минуваат низ Одделот за меѓународна соработка на Министерството за правда и од тука се испраќаат во соодветните региони на БиХ за извршување. Евиденцијата на статистичките податоци во врска со пронаоѓање на имот или извршување на наредби за запленување и конфискација моментално е во фаза на развој. Вишиот судски и обвинителски совет (ВСОС) разви нов статистички модул во рамките на централизираниот судски систем за управување со предмети. Овој систем е развиен со значајна финансиска поддршка од ЕУ-ИПА и експертиза на Британската амбасада.

Оперативните придобивки на една земја од поврзување со меѓународна мрежа на практичари за одземање на незаконски стекнат имот (КАРИН, БАМИН и МОУИ) не можат да бидат преценети. Особено, за земја со предизвици во однос на внатрешната соработка, како што е БиХ, од суштинско значење е секој од ентитетите да назначи по едно лице од полициската служба за врски со КАРИН и еден обвинител за врски со КАРИН. Во моментов има еден полициски службеник во полициската служба на РС кој ја врши функцијата на нејзина СОНСИ и еден обвинител од ФБиХ како лице за врски. Последно спомнатиот поединец беше идентификуван како директен резултат на обуката на AIRE и РАИ за меѓународна соработка и неговото назначување претставува голем чекор напред за земјата. БиХ е веќе добро поставена во рамките на неформалната мрежа за управување со одземен имот БАМИН.

Назначување на дополнителни лица за врска со КАРИН во сите ентитети на БиХ и на државно ниво значително ќе ги зголеми можностите за ефективно меѓународно одземање на незаконски стекнат имот во сите фази на процесот, носејќи со себе дополнителни стратешки придобивки за БиХ во поглед на развојот на законодавството, структурите и процедурите. За ова треба да се побара помош од меѓународната заедница.

### Мерење на ефективноста

Прибирањето на податоци во врска со одземање на незаконски стекнат имот во Босна и Херцеговина претходно беше опишано како слабо. Вишиот судски и обвинителски совет (ВСОС) е надлежен на државно ниво за правосудно евидентирање на случаи од судовите. Од 1 јануари 2020 година, ВСОС на БиХ воведе посебен модул во рамките на Судскиот систем за управување, кој ќе изврши селективно евидентирање и зачувување на статистичките податоци

за запленетите и конфискуваните имоти. Во времето на пишување на оваа публикација беше добиено известување дека овој систем на сеопфатен и ефективен начин ќе ги обезбеди потребните податоци за бројот на случаи на запленување и конфискување на имот, како и за бројот на запленувања и конфискации, односно за вредноста на управуваниот имот. Со цел да биде ефективна алатка за мерење на ефективноста, системот треба да обезбеди податоци што можат да претставуваат доволна основа за почетниот процес на утврдување репери според кои може да се мери идниот напредок. Со цел да се оствари оваа потреба, повеќе јурисдикции воведоа системи за управување со одземен имот во рамките на нивните (национални) агенции за управување со одземен имот кои, заедно со евиденцијата на статистичките податоци за запленетите и конфискуваните имоти и нивната вредност, обезбедуваат предметски систем за управување со секој вид имот, од почетокот на неговото управување од страна на државата, до располагање со него или негово користење. Специјалниот модул во рамките на Судскиот систем за управување на ВСОС во моментов нема да ја задоволи оваа потреба. Сепак, ЗКИККД на РС и ФБиХ даваат овластувања за прибирање на статистички податоци за запленетите и одземените имоти (ФБиХ) и за водење на евиденција и обработка на податоци за имотите со кои управуваат (РС). Двете агенции работат напорно, заедно со ВСОС, за да ги поврзат сопствените регистри со новиот систем. Стандардите на ЕУ сега исто така налагаат јурисдикциите да го следат бројот на меѓународните влезни и излезни барања сврзани со одземање на незаконски стекнат имот, со цел да се следи и ефективно да се мери меѓународното одземање на незаконски стекнат имот. Не е јасно како БиХ би го постигнала тоа, во системот на ВСОС или во агенциските системи. Можеби ќе треба да се воспостави трет систем во рамките на државниот оддел за меѓународна соработка на Министерството за правда, кој се занимава со барања за ВПП.

Извештајот на AIRE и РАИ за регионалната методологија за набљудување многу концизно заклучи дека со процесот на одземање на незаконски стекнат имот во БиХ не се управува на унифициран, централизиран и усогласен начин, поради многу сложени уставни аранжмани и недостаток на координација меѓу различните нивоа на власт. Иако во моментов не се воспоставени механизми за размена и прибирање на податоци за запленетите и конфискуваните имоти, се работи на ова. Нововоспоставениот специјален модул во рамките на Судскиот систем за управување е позитивен чекор за БиХ и треба значително да ја подобри состојбата на ова поле, а со тоа БиХ ќе биде усогласена со Директивата на ЕУ 2014/42. Ова го отвора патот за понатамошна работа за прибирање на сите релевантни статистички податоци ширум БиХ, вклучувајќи и податоци за меѓународни барања.

## 5.3 Косово*

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Косово* на владино ниво се фокусираше врз одземање на незаконски стекнат имот, низ разни стадиуми на неговата консолидација и зајакнување на владеењето на правото. На почетокот на регионалниот проект на AIRE и РАИ

во 2018 година, Министерството за правда, во координација со меѓународни партнери, направи функционална ревизија за да ги усогласи правните акти и принципите во надлежните институции, со цел да се воспостави рамка за зајакнување на темелите на правосудниот систем. Овој процес беше дизајниран во три фази и се фокусираше врз шест столба, вклучувајќи кривична правда, мерки за борба против корупцијата и меѓуинституционална соработка и координација. Целта на столбот на кривична правда е да се подобри правната и институционалната рамка во борбата против организираниот криминал и корупцијата на високо ниво; да се осигури интегритетот на полицијата во Косово* во третманот на криминал на високо ниво; во Полицијата на Косово* да се формира работна група за борба против корупцијата и да се подобри правната и институционалната рамка за извршување на кривични санкции. Целта на столбот за борба против корупција е да се воспостави институционална и правна рамка во борбата против корупцијата, да се подобрат правилата/рамката за прифаќање подароци и системот за пријавување на имотот и да се инкриминира незаконското богатење.

Третата фаза од функционалната ревизија вклучуваше подготвување на стратегија за секторот владеење на правото за периодот од 2020 до 2025 година. Исто така, ќе биде изработен и акционен план за спроведување на стратегијата. Процесот на подготвување завршува со одобрување на стратегијата од страна на Управен одбор на Владата. Процесот, кој е во тек, се спроведува во соработка со Судскиот совет на Косово* (ССК), Обвинителскиот совет на Косово* (ОСК) и други институции, вклучувајќи и меѓународни партнери. Од јуни 2020 година Косово* има нов министер за правда. Според тоа, наредните стратегии, цели и акциони планови се очекуваат во претстоечките месеци.

Косово* има национален координатор за борба против економскиот криминал чиј мандат вклучува одземање на незаконски стекнат имот. Сè уште нема посебна национална стратегија, комитет или акционен план за одземање на незаконски стекнат имот.

## Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Публикациите на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018), стр. 58-60 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), стр. 95-104, содржат детален коментар за правната рамка на Косово* и нејзината усогласеност со бараните регионални и меѓународни стандарди. Овој дел дава резиме на овие одредби и сите настани од објавувањето на извештаите AIRE и РАИ.

Конфискацијата на имотна корист од кривични дела е уредена во Косово* со Кривичниот законик (КЗ, 2019) и Законот за кривичната постапка (ЗКП), како и со Законот за проширени овластувања за конфискација на имотна корист од кривични дела (ЗКИККД 2019).

Законските прописи за одземање на незаконски стекнат имот беа изменети неодамна, како резултат на целите од втората фаза од процесот на функционална ревизија, па така тие беа усогласени со меѓународните и европските стандарди. ЗИККД бр. 06/Л-087 беше донесен во 2018 година и влезе во сила во 2019 година, а новиот КЗ бр. 06/Л-074 влезе во сила во 2019 година. Во текот на 2019 година, се работеше на подготвување на нов ЗКП. Гласањето за овој законик требаше да се одржи на почетокот на 2020 година, но тој закон сè уште не е донесен.

И новиот КЗ и ЗИККД предвидуваат дека вредност еквивалентна на имотот може да биде конфискувана, односно предвидуваат можност за замрзнување, запленување и конфискување на имот од трети страни и заштита на совесни трети страни.

Конфискација на незаконски стекнат имот што му припаѓа на обвинетиот или трето лице која не е заснована врз кривична осуда е можна според ЗИККД (2019), во случај на смрт, бегство или душевна болест или деловна неспособност.

Косово* сè уште не донесе законски одредби за граѓанска конфискација која не е заснована врз кривична осуда. Сепак, поранешниот владин министер за правда во мај 2020 година предложи нов граѓански заснован закон за конфискација на имот произлезен од имотна корист од кривични дела, без претходна кривична осуда. Овој нов закон ќе овозможи конфискација на имот без претходно обвинение. Нацрт-концептот на овој документ беше објавен за јавна консултација. Со оглед на тоа што сега има друг министер за правда, сè уште не е познато дали оваа иницијатива ќе продолжи.

### Проширена конфискација

Како и другите јурисдикции во регионот, Косово* вклучи одредби за проширена конфискација во својот неодамна изменет ЗИККД (2019). Клучна разлика во одредбите за проширена конфискација во Косово* во однос на другите слични закони во регионот е тоа што имотот може да подлежи на конфискација врз основа на претпоставка дека, според стандардот „рамнотежа на веројатности“, имотот е резултат на имотна корист стекната со криминална активност. ЗИККД, исто така, вклучува поширок опсег на кривични дела за кои се применува, наместо едноставно реферирање кон оние кои се содржани во КЗ; ревидиран список на дефиниции во согласност со новите одредби; и одредби за проширена конфискација кои му овозможуваат на обвинителот да поднесе барање во рамките на законскиот рок од пет години. Како што веќе утврдија повеќе од јурисдикциите со новите закони за проширена конфискација кои обезбедуваат современо решение за тековен проблем, главен предизвик е во примената на законот. Косово* успешно ја искористи одредбата за проширена конфискација. Во февруари 2020 година Апелациониот суд донесе одлука во случај на перење пари така што го конфискуваше имотот на сторителот чија вредност изнесуваше приближно 1 милион евра. Исто така, Апелациониот суд ја потврди и дополнителната санкција изречена од Основниот суд во Приштина за одземање на имотната корист од кривичното дело во износ од 946.820,84

евра. Ова е позитивен чекор не само за Косово*, туку регионот и научените лекции од овој случај треба да се споделат со другите јурисдикции на ЗБ.

### Финансиска истрага

За одземање на незаконски стекнат имот се надлежни следниве органи во Косово*:

1) Агенцијата за управување со запленет или конфискуван имот - Министерство за правда;
2) Канцеларијата на националниот координатор за борба против економски криминал - државен главен обвинител, Обвинителство на Косово;
3) Полицијата на Косово * - Одделение за економски криминал – Служба за одземање на незаконски стекнат имот - Министерство за внатрешни работи;
4) Царинските службеници и вработените во даночната управа;
5) Единицата за финансиско разузнавање (ЕФР) - Закон бр. 05/Л-096 за спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризам;
6) Агенцијата за борба против корупција - независна институција основана со Законот бр. 03/Л-159 за основање на Агенција за борба против корупција.

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека, генерално, капацитетот на полицијата и обвинителите за спроведување на финансиски истраги е низок. Нема доволно лица со вештини за спроведување на финансиска истрага фокусирани конкретно врз одземање на незаконски стекнат имот. Косово* сè уште нема финансиски истражители во полицијата, обвинителството, службата за одземање на незаконски стекнат имот или агенцијата за управување со одземен имот фокусирани само на пронаоѓање и идентификување на имот што подоцна би можел да подлежи на запленување или конфискација. Ниту, пак, има специјализирани обвинители за одземање на незаконски стекнат имот во рамките на Специјалното обвинителство или Агенцијата за борба против корупцијата чија улога е да се фокусира само на замрзнување, запленување и конфискација. Меѓутоа, во контекст на Обвинителскиот совет на Косово*, поточно Државното обвинителство, постои национален координатор за економски криминал, кој е обвинител што постапува во случаи во кои има замрзнување, запленување и конфискација на имот.

Сегашното законодавство предвидува дека полицијата и државните обвинители можат да поведат и спроведуваат истраги (на пример, член 6 од сегашниот Законик за кривичната постапка). Сепак, не е дефинирана финансиската истрага за конкретната цел на пронаоѓање на незаконски стекнат имот заради конфискација. Измената на ЗКИККД во однос на проширена конфискација (2018) целосно ја покрива потребата од финансиска истрага заради спроведување на истрага за конфискација. Таа се поведува од државен обвинител со цел да се идентификува имотот што може да подлежи на барање за верификација и може да се поведе во сите фази на кривичната истрага и во период до пет години по правосилноста на пресудата. Сегашниот Законик за кривичната постапка предвидува истражни овластувања за прибавување

на финансиски информации, информации од финансиски институции и други релевантни органи и тела.

Новиот текст на ЗКИККД воведе нови овластувања за истражни дејствија и ограничувања на располагање со имотот кои не беа присутни во претходниот ЗКИККД (2013). За пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот, ЗКИККД (2018) и ЗКП содржат соодветни одредби за пристап до финансиски информации и бази на податоци од страна на полициските службеници и обвинителите, вклучувајќи и тајното следење на банкарските сметки. Државниот обвинител може да овласти конкретни истражни дејствија кои се преземени пред кривична постапка, согласно член 84 ст. 1 од ЗКП, или да побара од судијата на претходна постапка да даде одобрение за преземање на тајни или технички истражни дејствија, во согласност со членовите 86-100 од ЗКП, доколку обвинителот има основано сомневање дека било извршено, се извршува или веројатно ќе биде извршено кривично дело според член 90 од ЗКП. Со цел да се презентираат докази засновани врз финансиски информации, обвинителот мора да има пристап до сите институции каде што е евидентиран имотот, по издавање на наредба од судијата на претходна постапка (на пример, банки, даночна управа, агенција за катастар, итн.). Следењето или контролата врз банкарските сметки е дел од овие прикриени мерки.

Царинските службеници и вработените во Даночната управа на Косово* (ДУК) имаат атрибути слични на орган на „финансиска полиција". Според ЗКП, тие имаат надлежност, одговорност и обврска да истражуваат и откриваат кривични дела. Во однос на перење пари и финансирање тероризам (Закон за изменување и дополнување на Законот од 2013 година за спречување на перење пари и финансирање тероризам), истите службени лица се надлежни да ги истражуваат овие кривични дела, под надзор од државниот обвинител. Царината и даночниот управител назначуваат службено лице за посредување со Специјалното обвинителство и другите обвинителства за да обезбедат ефективна меѓуагенциска соработка.

Како специфичен истражен механизам, Единицата за финансиско разузнавање во Косово* (ЕФР) е независна државна институција одговорна за истражување, собирање и анализа на информации за перење пари и финансирање на тероризам, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (2013).

Специјалното одделение за борба против корупција (СОБПК) - Работна група за борба против корупцијата - беше специјализирана единица во рамките на истражниот оддел на Полицијата на Косово*. Беше формирано во 2010 година и работеше заедно со Специјалното обвинителство на Косово* за истраги и гонења на кривични дела за корупција. Иако ова оделение беше распуштено во септември 2020 година, сите тековни постоечки случаи ќе продолжат да се испитуваат од страна на надлежните полициски истражители и обвинителите и, доколку постојат докази за коруптивна активност, сторителите ќе бидат гонети пред судовите.

## Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Во 2018 година директорот на Полицијата на Косово* го назначи Одделението за економски криминал на Полицијата во Косово* како национална служба за одземање на незаконски стекнат имот. Иако Одделението е достапно за меѓународна соработка преку мрежата КАРИН, мандатот, опсегот, овластувањата, улогите и одговорностите на оваа служба сè уште се во фаза на развој. По идното назначување на нов директор на Полицијата, меѓународната заедница треба да осигури оваа служба да е целосно функционална преку обезбедување на надворешна техничка помош за поддршка и градење на капацитетот.

## Агенција за управување со одземен имот

Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот (АУЗКИ) беше основана на крајот на 2010 година и започна со работа на почетокот на 2011 година. Таа работи во рамките на Законот бр. 03/Л-141 за управување со запленет и конфискуван имот, кој беше дополнет и изменет со Законот бр. 05/Л-049 за управување со запленет и конфискуван имот во 2016 година, со цел да се зголеми ефективноста и ефикасноста на Агенцијата. Овој закон ја дефинира Агенцијата како национално централно тело во Министерството за правда.

Со цел да ги исполни своите обврски утврдени во законот, Агенцијата:

- » Управува со запленет и конфискуван имот што бил користен или произлегол од кривично дело, вклучувајќи и имотна корист од тероризам, со исклучок на имотот конфискуван за реализација и наплата на даночни обврски;
- » Извршува привремена мерка со која суд наредил обезбедување на имот;
- » Извршува конечна судска одлука, во согласност со важечкото законодавство;
- » Ја проценува вредноста на запленетиот и конфискуваниот имот;
- » Води евиденција за имотот со кој управува и за одлуките на Судот за запленување и конфискација на имот;
- » Ги администрира податоците во врска со запленетиот и конфискуваниот имот во централизиран компјутерски систем;
- » Го утврдува начинот на зачувување на вредноста на имотот со кој управува;
- » Учествува во давање на меѓународна правна помош за сите случаи поврзани со запленет и конфискуван имот, преку управување со имот кој е запленет или конфискуван врз основа на барања упатени од друга држава;
- » Овозможува продажба на запленет и конфискуван имот согласно Одлуката на надлежниот суд, ги уплатува приходите собрани од продажбата на имотот во Буџетот на Косово*, или испорачува имот за користење од страна на Владата;
- » Дава совети на обвинителството, судот и другите институции за специфичната природа на процесот на управување со запленет и конфискуван имот, со цел да обезбеди помош при планирање на потенцијални запленувања и/или конфискации;

- Склучува Меморандуми за соработка со партнерски органи и тела и со релевантни институции за да се договорат за нивните односи и одговорности, како и за да се подобрат резултатите од нејзината работа, во согласност со одредбите на Законот за управување со запленет и конфискуван имот.

Агенцијата е исто така одговорна за проценка на вредноста и управувањето со сите имоти кои биле запленети и конфискувани во Косово*. Според член 284(6) од ЗКП, судот ќе издаде наредба со која на Агенцијата ќе ѝ наложи да продава, ликвидира или задржи конфискуван недвижен или движен имот или други средства. Сепак, несогласувањата во податоците собрани од Агенцијата и националниот координатор за економски криминал во врска со привремено одземени имоти укажуваат дека судовите не секогаш се обраќаат до Агенцијата за проценка на вредноста и управување со тие имоти.

### Повторно користење на конфискуваниот имот

Во моментов не постои систем за социјално повторно користење на конфискуваните имоти. За извршувањето на судски пресуди сврзани со конфискација на имот и правни побарувања кои се однесуваат на имот одлучува надлежниот суд. Доколку пресудата наложи конфискација на овие предмети, тие автоматски ќе преминат во државна сопственост. Заверен примерок од пресудата веднаш се испраќа до Агенцијата за управување со запленет и конфискуван имот, која може да ги продаде предметите или да ѝ ги предаде на Владата за користење. Парите собрани од продажбата на имотот одат директно во државниот буџет.

### Меѓународна соработка

ЗКП (чл. 219) се однесува на меѓународни барања, наведувајќи дека сите меѓународни барања ќе бидат поднесени во согласност со законот на Косово* за меѓународна правна соработка во кривичната материја, преку Одделението за меѓународна правна соработка во Министерството за правда. Новиот ЗКИККД во член 21 ја повторува оваа одредба, наведувајќи дека меѓународната соработка заради ограничување на располагање со имот и конфискација ќе се остваруваат во согласност со Законот на Косово* за меѓународна правна соработка во кривичната материја. Иако не е тестирано (немало барања од ваков карактер), Косово* нема специфично законодавство што му дозволува да извршува меѓународни барања во врска со странска постапка на граѓанска конфискација која не е заснована врз кривична осуда. Сепак, во 2020 година, Косово* подготви нов Закон за меѓународна правна соработка во граѓанската материја. Овој закон ги пропишува главните надлежности и процедури за обезбедување меѓународна правна помош во граѓанската материја меѓу Косово* и други земји. Тој особено го олеснува обезбедувањето взаемна правна помош во граѓанската материја во отсуство на применлив двостран или повеќестран меѓународен договор, врз основа на реципроцитет или взаемно признавање.

Соработката меѓу другите јурисдикции и институциите на Косово* од косовските власти е опишана како добра. Косово* има дополнителен предизвик за меѓународна соработка поради тоа што сè уште не е дел од механизмите на Европол и Интерпол. Тоа е компензирано така што институциите на Косово се составен дел од релевантните регионални мрежи за одземање на незаконски стекнат имот и управување со одземен имот – КАРИН и БАМИН. Националниот координатор за економски криминал, кој е специјализиран обвинител за одземање на незаконски стекнат имот во Косово*, веќе неколку години е лице за врска на Косово* со КАРИН и е добро познат во рамките на глобалната заедница која се занимава со одземање на незаконски стекнат имот. Полицискиот службеник за врски од Косово* неодамна беше заменет и останува во Полицијата на Косово*.

Врз основа на формална соработка, Косово* склучи билатерални договори за взаемна правна помош во кривичната материја со Албанија, Унгарија, Италија, Турција, Германија, Хрватска и Северна Македонија. Имајќи го предвид својот предизвик во однос на политичкиот статус, Косово* работи напорно за воспоставување на добра меѓународна соработка, а неговиот оддел за меѓународна соработка при Министерството за правда игра клучна улога. На пример, беа донесени планови, во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ, за работилница во март 2020 година поврзана со меѓународната соработка меѓу Косово* и Албанија. Овој настан, за жал, беше одложен поради избувнувањето на пандемијата на КОВИД -19.

### Мерење на ефективноста

Статистичките податоци за запленетите и конфискуваните имоти се прибираат на централно ниво во Косово*, на два начина. Прво, Агенцијата за одземен и конфискуван имот прибира статистички податоци за имотот ставен под нејзино управување од страна на судовите. Овие статистички податоци го вклучуваат бројот на запленети и конфискувани имоти и нивната вредност. Покрај тоа, националниот координатор за економски криминал редовно прибира статистички податоци од сите релевантни институции. Прибирањето и компилирањето на статистичките податоци за запленетите и конфискуваните имоти, од кои се изработува квартален извештај, е клучна мандатна функција на националниот координатор за економски криминал. Во моментов, релевантните органи кои ги чуваат податоците (судовите, полицијата, обвинителството, царината и сл.) не се електронски поврзани.

Прибирањето на статистички податоци од страна на националниот координатор се врши рачно, со користење на членови на персоналот кои работат во неговата канцеларија. Нема дилема дека патувањето во сите обвинителства секоја недела и директното зборување со колегите е најточниот метод за да се осигури дека се евидентирани сите запленувања и конфискации. Дискутабилно е дали тоа е најефикасен метод. Исто така, бидејќи статистичките податоци собрани од националниот координатор се прибавени во различен момент во споредба со тие од АУЗКИ, природно е да има некои несогласувања, особено за бројот на запленетите имоти, бидејќи тие можат или да бидат вратени во текот

на првичното постапување или да се измолкнат од видикот на АУЗКИ со оглед на тоа што судовите не секогаш ги предаваат имотите на агенцијата. Косово* има одлична можност да ги здружи своите процеси и ресурси и да произведе дури и поточни статистички податоци од веќе достапните, со комбинирање на статистичките податоци од националниот координатор и оние на АУЗКИ, обработувајќи ги во еден електронски регистар.

Во јуни 2020 година, Основниот суд во Урошевац започна пробна замена на сите рачни регистри на судски одлуки со електронски регистри, преку воведување на систем наречен CMIS. Сите документи добиени од суд ќе бидат регистрирани во електронските регистри преку системот CMIS, со што ќе се зголеми ефикасноста во судот. По завршувањето на пробната фаза на проектот во Основниот суд во Урошевац, проектот CMIS ќе се имплементира во сите други судови во Косово*. Доколку е успешен, ова може да биде почеток на дигитализирање на евиденцијата на одлуките, што, пак, може да биде од корист за ширење информации до другите органи.

Од усвојувањето на Регулативата на ЕУ за взаемно признавање на наредби за замрзнување и наредби за конфискација[24], европските стандарди сега исто така налагаат прибирање на статистички податоци за влезни и излезни меѓународни барања за извршување на наредби за запленување и конфискација на имот. Одделението за меѓународна соработка на Министерството за правда е служба која испраќа и прима барања за взаемна помош, засновани врз двострани договори и реципроцитет, како и барања во врска со одземање на незаконски стекнат имот и уредување на некои прашања со странски јурисдикции како што е споделување на имот. Не е јасно дали во моментов се прибираат статистички податоци посебно за барањата за одземање на незаконски стекнат имот, но ова одделение не би требало да има тешкотии да го постигне ова, бидејќи има докажан историјат на успешно работење во областа на одземање на незаконски стекнат имот.

## 5.4 Црна Гора

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Во Црна Гора нема национален комитет за одземање на незаконски стекнат имот, национална стратегија за одземање на незаконски стекнат имот или национален акционен план за одземање на незаконски стекнат имот во чии рамки би се дискутирале сите аспекти на процесот за одземање на незаконски стекнат имот. Сепак, одземањето на незаконски стекнат имот е во агендата на одделни органи, чие внимание во моментов претежно е фокусирано врз предизвици поставени од одредбите за проширена конфискација. Проширената конфискација беше стратешка и политичка определба уште од усвојувањето на Законот за одземање на имотна корист стекната со криминална дејност (2015 година). Сите извештаи испратени до Собранието на Црна Гора за работата

[24] Регулатива (EU) 2018/1805 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година за взаемно признавање на наредби за замрзнување и наредби за конфискација.

на судовите и обвинителствата, исто така, му посветуваат внимание на ова особено прашање. Обуката на полицијата и обвинителите за спроведување на ефективни финансиски истраги во моментов е политички приоритет.

### Одредби за замрзнување, запленувања и конфискација на незаконски стекнат имот

Публикациите на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018), стр. 64-66 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), стр. 84-94, даваат детален коментар за усогласеноста на правната рамка на Црна Гора со потребните регионални и меѓународни стандарди. Овој дел дава резиме на овие одредби и сите настани по објавувањето на публикациите на AIRE и РАИ.

Во Црна Гора одземањето на незаконски стекнат имот се уредува со Кривичниот законик (КЗ, 2018) и Законикот за кривична постапка (ЗКП, 2018). Покрај тоа, Црна Гора направи позитивен чекор со комбинирање на нејзините одредби за одземање на незаконски стекнат имот во еден консолидиран закон, преку донесување на Законот за одземање на имотна корист стекната со криминална дејност (2015), понатаму нарекуван ЗОИКСКД. ЗОИКСКД влезе во сила во јануари 2016 година. Тој се надоврзува на процесот на одземање на имотна корист или „материјална добивка“ од кривично дело преку одредба за проширена конфискација. Исто така, тој содржи одредби за финансиска истрага, пристап до банкарски информации, привремено замрзнување и запленување, управување со одземен имот, конфискација, заштита на совесни трети лица, конфискација на еквивалентна вредност, надомест на жртвите, меѓународна соработка и прибирање на статистика (водење евиденција). Вклучувањето на сите овие одредби во еден инструмент го прави ЗОИКСКД „едношалтерски“ закон за одземање на незаконски стекнат имот и најсеопфатен во регионот. Новиот закон става акцент врз конфискација на имотна корист, наместо само предмети или директен имот и ги подобрува одредбите за проширена конфискација кои веќе постоеја во ЗКП од 2009 година.

Во јули 2019 година, Собранието на Црна Гора усвои измени и дополнувања на Законот за одземање на имотна корист стекната со криминална дејност, за да се овозможи повеќе време за спроведување на финансиски истраги во постапки за проширена конфискација. Претходниот рок од 1 година за поднесување обвинителски предлог за одземање на материјална добивка беше продолжен на 2 години, за да се овозможи подолг период за пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот. Ова е особено важно кога имотот е пренесен во странска јурисдикција, бидејќи меѓународните барања за информации за локацијата и сопственоста над имотот можат да бидат долготраен процес. Можеби е прерано да се процени дали ова имало некакво влијание врз примената на законот.

### Конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Кривична конфискација која не е заснована врз кривична осуда може да се нареди во случај на смрт или кога поведената постапка не може да продолжи поради постоење на околности кои трајно го исклучуваат гонењето. Во такви случаи, конфискацијата е можна само кога судот ќе утврди дека е веројатно, според основаноста на доказите, дека поведената постапка ќе завршела со осуда доколку лицето не умрело или не се појавеле околности кои трајно го исклучуваат гонењето.

### Проширена конфискација

Проширената конфискација беше дел од црногорското законодавство од 2009 година, но членовите содржани во ЗКП во врска со оваа одредба беа укинати по усвојувањето на новиот ЗОИКСКД (2015). Со случаи на проширена конфискација се занимава само СЈО и иако обвинителите се запознаени со концептот што не е нов (со оглед на тоа што тој постои од 2009 година), тие сè уште се соочуваат со предизвици, и во примената на одредбата и во поглед на систематското користење. Обвинителот мора да собере докази кои покажуваат очигледен несразмер меѓу законскиот приход и имотот што е во сопственост на одредено лице, па оттаму можат да тврдат дека имотот е криминално стекнат. Измените и дополнувањата на ЗОИКСКД од почетокот на проектот го продолжија периодот во кој обвинителот треба да ги собере овие докази пред главната расправа од 1 година на 2 години. Сепак, тешкотиите беа очигледни и за време на главната расправа која се одржува на крајот на периодот на „истрага“. Обвинителот првично презентира докази за имотот кој, наводно, е во сопственост на обвинетиот или трето лице и за разликата меѓу законскиот приход и имотот на лицето. По ова товарот на докажување на законитоста на имотот се префрла врз обвинетиот, кој потоа има можност да презентира докази за да покаже дека имотот е легална материјална добивка (чл. 40). Откако ќе бидат изведени сите докази, судот ја донесува својата одлука. Директивата на ЕУ 2014/42 за замрзнување и конфискација вели дека судот мора да биде „уверен“ дека предметниот имот „произлегува од криминално однесување“, но не кажува каков треба да биде степенот на уверувањето, така оставајќи ја отворена можноста да се избере понизок доказен стандард од стандардот „надвор од разумно сомневање“, на пример, стандардот „рамнотежа на веројатности“. ЗОИКСКД (2015) молчи за доказниот стандард што треба да биде постигнат од судот и бидејќи постапката е кривична, се чини соодветно дека судот би го избрал кривично-правниот стандард „надвор од разумно сомневање“. Во Црна Гора, како и кај другите јурисдикции во регионот, сè уште постои недостаток на упатства во релевантното право и судската пракса во однос на тоа како да се утврди нелегалното потекло на имотот. По препораките дадени во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ, требаше да се одржи обука во рамките на наставната програма на судската академија. За жал, поради пандемијата на КОВИД-19, ова сè уште не се случило. Обука за законските одредби за проширена конфискација и за нивната примена ќе започне веднаш штом се укинат ограничувањата. Понатаму, за да се помогне во примената на одредбите

за проширена конфискација, би било корисно да има директно менторство засновано на случаи, заедно со анализа на тековните и минатите случаи за да се идентификуваат бариерите кон најдобра практика.

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Законодавната рамка на Црна Гора не предвидува во граѓанска или управна постапка да се врши конфискација на криминално стекнат имот без кривична осуда.

### Финансиска истрага

Обезбедени се правни можности за финансиска истрага во рамките на ЗКП (2018) и на ЗОИКСКД (2015). Членот 11 од ЗОИКСКД (2015) предвидува дека државен обвинител може да издаде наредба за поведување на финансиска истрага доколку се исполнети пропишаните услови. Покрај тоа, според член 14 од ЗОИКСКД (2015), полицијата спроведува финансиска истрага за идентификување на имотната корист од кривичните дела, по сопствена иницијатива или по наредба од државниот обвинител кој е надлежен за финансиската истрага. ЗКП (2018) дозволува пристап до финансиски информации од банки и други финансиски институции доколку, по предлог од државниот обвинител, истражен судија ѝ издаде наредба на банката да даде информации за банкарски податоци и сметки (чл. 257-б од ЗКП). Дополнително, ЗОИКСКД (2015) наведува дека истражниот судија може да им наложи на банки и други финансиски институции да стават на располагање податоци кои можат да се користат како докази заради спроведување на финансиски истраги. Иако не е изречно спомнато, следењето на банкарските сметки би било можно според сегашниот закон.

Како клучен аспект на ЗОИКСКД на Црна Гора, член 16 изречно наведува дека финансиските информации собрани за време на кривичната истрага можат да се користат во финансиската истрага и обратно. Процесот на паралелна финансиска истрага се перцепира како добра практика на глобално ниво, а вклучувањето на такви одредби во ЗОИКСКД ја нагласува релевантноста, важноста и можноста на оваа витална опција.

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека, генерално, капацитетот на полицијата и обвинителите за спроведување на финансиски истраги е низок. Нема доволно лица со вештини за спроведување на финансиски истраги кои кои би биле фокусирани конкретно врз одземање на незаконски стекнат имот. Од 2018 година беа ангажирани дополнителни експерти во Специјалното обвинителство (кои се занимаваат со проширена конфискација) и беше постигнат напредок со подобрување на финансиските истраги.

Проектот ЕУРоЛ 2 организираше обуки за обвинители и полицијата во Полициската академија, во соработка со Центарот за обука на судии. Првичната програма за обука беше проследена со неколкудневна студиска посета во Италија во јули 2019 година.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Од почетокот на регионалниот проект на AIRE и РАИ, Црна Гора воспостави Национална служба за одземање на незаконски стекнат имот (СОНСИ), во рамките на полицискиот оддел за меѓународна оперативна полициска соработка, што исто така е канцеларија за олеснување на размената на информации со Интерпол, Европол и Сирена. СОНСИ беше основана во 2019 година, според Законот за внатрешни работи и олесни голем број барања со користење на каналите на СОНСИ, КАРИН, Интерпол и Европол. Соработката меѓу СОНСИ и службите на ЕУ за одземање на незаконски стекнат имот е законски предвидена со ЗОИКСКД (чл. 79), кој утврдува дека организациската единица на полицијата која е надлежна за финансиски истраги ќе постапува по барања во согласност со Одлуката на Советот на ЕУ 2007/845/JHA од 6 декември 2007 година. Сепак, не е јасно дали Одделот за меѓународна полициска соработка е „организациската единица на Полицијата која е надлежна за финансиски истраги“. Локацијата на ЕФР во Црна Гора неодамна се промени. Таа се префрли од Министерството за финансии во Министерството за внатрешни работи, ставајќи го во истото Министерство со СОНСИ, иако на различно место во организациската структура. Новоусвоената Директива (ЕУ) 2019/1153 на Европскиот парламент и на Советот со која се утврдуваат правила за олеснување на употребата на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага или гонење на одредени кривични дела ги наведува во нејзиниот член 3 став 1 органите кои можат да имаат директен пристап и да пребаруваат во Националниот централен регистар на банкарски сметки, истакнувајќи дека „тие надлежни органи ја вклучуваат барем службата за одземање на незаконски стекнат имот“. Давање директен пристап на црногорската СОНСИ до Националниот централен регистар на банкарски сметки, што е администриран од Централната банка на Црна Гора, може да налага измена на ЗОИКСКД (2015).

### Агенција за управување со одземен имот

Прирачникот на AIRE и РАИ за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди дава корисен преглед на законските одредби на ЗОИКСКД (2015) за управување со одземен имот во Црна Гора, вклучувајќи ги и функциите на АУОИ (чл. 53) и евидентирање на информациите. Покрај ЗОИКСКД, надлежностите на АУОИ се утврдени во Уредбата за закуп на запленета/конфискувана имотна корист од кривични дела и Уредбата за продажба на запленета имотна корист од кривични дела. Агенцијата за управување со државен имот, која дејствува во рамките на Министерството за финансии, веќе неколку години ги извршуваше функциите на национална агенција за управување со одземен имот. Бидејќи во Црна Гора е подобрена примената на законските одредби за проширена конфискација, од оваа агенција ќе се бара да управува со зголемен број на имоти што практично ќе ја стави на тест ефективноста на законодавство, постапките и капацитетот.

## Повторно користење на конфискуван имот

Не постои посебен фонд во кој се чуваат парите од одземените имоти, за потенцијално користење во државни и социјални проекти. Парите реализирани од продажба на одземените имоти се уплаќаат во државниот буџет. Во случај на неуспешна продажба, конфискуваниот имот може да биде дониран за хуманитарни цели или да му се довери за користење на државен орган или орган на јавната управа.

## Меѓународна соработка

Член 78 од ЗОИКСКД (2015) содржи одредби за меѓународна соработка во врска со замрзнување и заплена, конфискација и управување со имотна корист од кривични дела, врз основа на меѓународен договор или реципроцитет. Основ за меѓународна соработка во Црна Гора, како и кај повеќето јурисдикции, се одредбите за взаемна правна помош во кривичната материја. Не е јасно дали би можело да се одговори на барања од странска јурисдикција за спроведување на наредби за замрзнување, запленување и конфискација кои се засновани врз постапка за граѓанска конфискација без претходна кривична осуда, бидејќи тоа никогаш не било тестирано, иако веројатноста за примена на оваа можност е сомнителна.

Членот 83 од Законот за одземање на имотна корист стекната со криминална дејност определува рокови за привремени мерки за имотот управуван во Црна Гора во име на странска држава чиј орган бара изрекување на такви мерки. По 18 месеци странскиот орган кој поднел барање ќе биде известен дека имотот ќе биде вратен по две години. Овој рок може да биде продолжен до најмногу 3 години по поднесување барање од таа  држава до судот.

Потребата да се користат регионалните механизми воспоставени за олеснување на меѓународното одземање на незаконски стекнат имот, т.е. КАРИН, БАМИН и МОУИ, е нагласена во Прирачникот на AIRE и РАИ за алатки и најдобри практики за меѓународна соработка при одземање на незаконски стекнат имот. Полицискиот службеник од Црна Гора за врска со КАРИН се наоѓа во полициска единица за финансиски и економски криминал. Истото лице веќе неколку години е лице за врска, што е одличен пристап кон градење надворешни односи на меѓународно ниво. Како единствена порта кон глобалната мрежа за одземање на незаконски стекнат имот (Интер-агенциски мрежи за одземање на незаконски стекнат имот – ARIN, англ.), полицискиот службеник за врска со КАРИН треба да биде добро познат и да има добри врски на домашно ниво за оперативно дејствување (дури и пред пристапување кон меѓународен договор) и стратешко дејствување. На почетокот на проектот на AIRE и РАИ не беше назначен претставник од Обвинителството на Црна Гора за врска со КАРИН. Овој оперативен јаз оттогаш е пополнет, така што за врска со КАРИН сега е назначен обвинител од Специјалното обвинителство.

Членот 79 од Законот за одземање и конфискација на имотна корист стекната со криминална дејност ја овластува организациската единица на Полицијата

која е надлежна за финансиски истраги (во чии рамки се наоѓа лицето за врска со КАРИН) да постапува по барања за пронаоѓање на незаконски стекнат имот кои се поднесени од држави на ЕУ, врз основа на Одлуката на Советот 2007/845/JHA од 6 декември 2007 година (види го одделот за воспоставување на СОНСИ во Црна Гора).

### Мерење на ефективноста

Членот 77 од ЗОИКСКД (2015) пропишува водење на евиденција за замрзнување, запленување и конфискација. Во него е наведено дека евиденцијата може да се води во хартиена форма или во електронска форма. ЗОИКСКД сугерира сеопфатен список на статистички податоци што ќе се прибираат, во согласност со Директивата на ЕУ за замрзнување и конфискација и стандардите на ОКСПП (FATF). Сепак, не е наведено кој ја води евиденцијата. Надлежни и одговорни црногорски институции за прибирање податоци за одземање на незаконски стекнат имот во земјата се Врховниот суд, врховниот државен обвинител, Полицијата, Агенцијата за имот и владината служба за европска интеграција. Другите јурисдикции во регионот им дадоа мандат на нивните агенции за управување со одземен имот да прибираат статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот и овој нивен пристап не изненадува. Со оглед на тоа што определи своја државна агенција за управување со одземен имот, Црна Гора може да ја смета таа агенција како најсоодветна локација за националниот електронски регистар на статистички податоци за запленети и конфискувани имоти, со цел сеопфатниот комплет на нумерички податоци да добие на вредност. Од 2016 година Специјалното обвинителство ги води годишните статистички евиденции. Овие евиденции го покажуваат бројот и видот на случаите во кои било извршено привремено одземање и трајно одземање (конфискација), без разлика дали тоа било направено преку спогодба за признавање на вината или по наредба на судот, како и износите на вредноста на одземениот имот. Ова на одреден начин обезбедува базични статистички податоци за проценка.

## 5.5 Северна Македонија

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Одземањето на незаконски стекнат имот е формален и составен дел од сите претходни национални стратегии за реформа на судството. Националната агенција за управување со одземен имот, основана според Законот за управување со одземен имот (2008), елаборираше два стратешки плана (2014-2016 и 2018-2020). Стратешкиот план за периодот 2018-2020 година, кој содржеше Акционен план за зајакнување на капацитетот за спроведување на финансиски истраги и конфискација на незаконски стекнат имот, предвиде воспоставување на „Национална комисија за следење на спроведувањето на Стратегијата и Акциониот план“. Ова треба да се пофали како позитивен чекор кон воведување систематски пристап за одземање на незаконски стекнат имот. Сепак, планираното треба да се спроведе во пракса и понатаму да се надградува, што може да налага дополнителна поддршка од надворешни меѓународни специјалисти.

## Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Публикациите на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018) стр. 60-64 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), стр. 105-114, даваат детален коментар за правната рамка на Северна Македонија и нејзината усогласеност со потребните регионални и меѓународни стандарди. Овој дел дава резиме на овие одредби и сите настани по објавувањето на публикациите на AIRE и РАИ.

Во Северна Македонија, законодавството за замрзнување, одземање на предмети и конфискација на имот и имотна корист од кривично дело се предвидени во Кривичниот законик (2018) и Законот за кривична постапка (2018). Не е донесен посебен закон за конфискација и не постојат планови за донесување на таков закон. Материјално-правни одредби за проширена конфискација се содржани во КЗ и процедуралните одредби во ЗКП. Сеопфатно објаснување на одредбите за одземање на незаконски стекнат имот во Северна Македонија е достапно во публикациите на AIRE и РАИ „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019) и „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018). Нема донесено нови правни инструменти за одземање на незаконски стекнат имот или измени и дополнувања на постојните одредби за одземање на незаконски стекнат имот од 2018 година. Сепак, во моментов е формирана работна група во Министерството за правда за да разгледа мноштво предлози за измени и дополнувања на ЗКП со цел да се обезбеди подобра перспектива за конфискација. Министерството за правда воспостави и работна група која е фокусирана врз изготвување на нов КЗ, што ќе опфати и прашања во врска со конфискацијата.

Одземање на предмети од/на кривични дела и директна имотна корист од кривични дела, конфискација на вредност еднаква на имотната корист и одземање/конфискација од трети лица се предвидени во КЗ и ЗКП, кои исто така содржат одредби за заштита на правата на трети совесни лица, меѓутоа, од судската пракса елаборирана во претходните извештаи на AIRE и РАИ произлегува дека би било корисно да се изменат одредбите за одземање/конфискација од трети лица и гаранциите за заштита на трети совесни лица.

Извештаите објавени во регионалниот проект на AIRE и РАИ сугерираат дека постои потреба за подобро дефинирање на инструментите, институциите и процедурите кои овозможуваат одземање на незаконски стекнат имот во Северна Македонија, особено во врска со проширената конфискација, а оваа потреба сè уште останува релевантна. Работната група на Министерството за правда која подготвува нов кривичен законик се осврнува на овие прашања.

### Конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Конфискација која не е заснована врз осудуваност во кривична постапка е вклучена во законската рамка на Северна Македонија. Предметите што според КЗ мора да се одземат, ќе се одземат и кога кривичната постапка нема да заврши со пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен, на пример, во случај на смрт или отсуство на осомничениот. Во овој случај, се води посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист од кривично дело и одземање на предметите кога има фактички или правни пречки за водење на кривична постапка против сторителот на кривичното дело. Во овие случаи, судот, по предлог од јавниот обвинител, спроведува посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист од кривично дело и одземање на предмети, доколку се исполнети условите од Кривичниот законик.

### Проширена конфискација

И КЗ (чл. 98-а) и ЗКП содржат одредби за проширена конфискација кои се целосно опишани во „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“, AIRE и РАИ (2019). Сугерирано е дека постојат многу малку случаи на применување или обид за применување на проширена конфискација. Причините за ова, како што е елаборирано во Прирачникот, сѐ уште се присутни и вклучуваат недостаток на подготовка од страна на обвинителите, прегoлема должина на постапките и општ недостаток на разбирање кај обвинителите и судиите како да се примени законот. За разлика од мнозинството други јурисдикции во регионот, со исклучок на Косово*, балансниот доказ дека вредноста на имотот на обвинетиот го надминува неговиот законски приход и дека тој имот произлегува од кривично дело на кое е применлива одредбата за проширена конфискација, се оценува од суд врз основа на стандардот „рамнотежа на веројатности“. Меѓутоа, не постојат одредби кои изречно го уредуваат утврдувањето на незаконското потекло на имотот. Членот 98-а ст. 1 од КЗ јасно утврдува дека, во одреден временски период и по изрекување на осуда за одредени кривични дела, кога судот е „ основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело“, тој имот може да биде конфискуван. ЗКП (2018), исто така, содржи одредби за проширена конфискација во поглед на утврдување на фактите во случајот за кој се води кривична постапка. Сепак, остануваат проблемите сврзани со утврдувањето на незаконското потекло на имотот според потребниот стандард.

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Северна Македонија не вметна одредби за граѓанско или управно одземање или конфискација во својата правна рамка за одземање на незаконски стекнат имот за да опфати имотна корист од кривични дела.

### Финансиска истрага

ЗКП во член 530 дава правна основа за пронаоѓање и идентификување на имотот и имотната корист стекнати со извршување на кривично дело. Јавниот

обвинител е должен да собира докази во текот на постапката и да ги извиди околностите што се од важност за утврдување на имотот и имотната корист и да предлага мерки наведени во член 202 од ЗКП. Во врска со утврдување на висината на износот на имотот и имотната корист прибавени со кривичното дело, јавниот обвинител може да побара потребни известувања од други државни органи, финансиски институции или правни лица и граѓани, кои се должни без одлагање да ги достават информациите. Доколку постои основано сомневање дека имотот е во странство, судот е должен да распише меѓународна потерница или објава.

Јавното обвинителство (ЈО) е севкупно надлежно за финансиска истрага. Во вршењето на работите кои спаѓаат во надлежност на ЈО, јавниот обвинител соработува со широк спектар на агенции и органи, вклучувајќи ја Финансиската полиција, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Државниот девизен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и други инспекциски органи и тела, други државни органи и правни лица кои според закон имаат задачи да спречуват и откриваат кривични дела. Органите на државната управа и другите државни органи, тела, институции или правни лица кои собираат податоци и водат евиденција, во согласност со законот, се должни да ги достават овие податоци по барање од јавниот обвинител или, доколку тоа е неопходно, по барање од финансиската полиција. Јавниот обвинител исто така може да соработува и да разменува информации со обвинители, странска полиција и државни тела од други земји и организации кои работат во областа на финансискиот криминал, врз основа на билатерални договори и ратификувани меѓународни договори во врска со прашања кои спаѓаат во обвинителска надлежност. Сепак, јавниот обвинител само врз основа на судска наредба може да врши пребарување во сите бази на податоци, банкарски сметки, евиденции и прегледи на Управата за јавни приходи, Катастарот, регистрите на хартии од вредност, моторни возила и други бази на податоци. Ова не е ефикасна постапка и таа треба да се подобри со законска и процедурална измена.

Законодавството, исто така, дозволува банкарските сметки да се следат под одредени услови утврдени во ЗКП. За време на предистражната или истражната фаза, по барање од јавниот обвинител во врска со незаконски стекнат имот, судијата на претходна постапка може да донесе решение за следење на трансакциите на банкарска сметка, а такво решение по поднесување на обвинителен акт се донесува од првостепениот суд. Судијата на претходна постапка мора да одлучи во рок од 12 часа од приемот на барањето. Ако судијата не го прифати барањето на јавниот обвинител, тој или таа ќе побара советот на судии без никакво одлагање да донесе одлука за барањето. Потоа, советот на судии донесува одлука во рок од 24 часа од приемот на барањето од јавниот обвинител. По барање од јавниот обвинител, судијата на претходна постапка може да ѝ нареди на банка или друга финансиска институција да ги следи финансиските трансакции на тоа лице и редовно и навремено да го известува јавниот обвинител во одредени временски интервали кои се наведени во решението. Врз основа на образложено барање од јавниот обвинител, судот

исто така може да ѝ нареди на финансиска институција или друго правно лице да запре извршување на одредени финансиски трансакции или времено да заплени одреден имот.

Во итни случаи, јавниот обвинител може да определи посебни мерки во врска со финансиски трансакции или имот дури и без издавање на судска наредба. Во такви случаи јавниот обвинител веднаш го известува судијата на претходна постапка, кој во рок од 72 часа треба да ја издаде наредбата. Доколку судијата не ја донесе наредбата, јавниот обвинител ги враќа податоците и не може да ги отвори пред одлуката на судијата.

Формирано е посебно одделение на финансиска полиција, согласно со Законот за финансиската полиција („Службен весник" бр. 12/14, објавен на 22.01.2014 година). Законот за финансиската полиција уредува финансиска истрага и предвидува широк спектар на истражни задачи и механизми, вклучувајќи:

» Откривање и водење на кривични истраги за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, како што се перење пари и други приноси од кривично дело (член 273), неовластена трговија (член 277), криумчарење (член 278), даночно затајување (член 279);
» Собирање и анализа на податоци за готовински трансакции;
» Преземање предистражни и други мерки кога има основано сомневање за сторени кривични дела;
» Следење на движењето на парите со цел да се откриваат кривични дела утврдени со закон;
» Спроведување форензички компјутерски анализи на привремено одземени компјутерски системи и други електронски уреди;
» Поднесување кривични пријави до јавниот обвинител задолжен за постапување по кривични дела кои спаѓаат во неговата надлежност и кои се гонат по службена должност;
» Поднесување иницијатива за поведување даночна постапка или други постапки за утврдување и наплата на јавните обврски пред надлежните органи;
» Координирање, иницирање и поднесување обвиненија за казниви дела.

Член 200 од ЗКП содржи одредби за пристап до банкарски информации, по барање од обвинител до надлежниот суд. Покрај тоа, Финансиската полиција, во рамките на Законот за финансиската полиција, има директен пристап до банкарски и други финансиски информации без потреба да добие наредба од судот.

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека капацитетот на полициските служби и јавното обвинителство за спроведување финансиски истраги е низок. Дури и ако се земе предвид Законот за финансиската полиција, студијата на AIRE и РАИ истакна бројни недостатоци во ефективните инструменти за пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнат имот, нецелосни имотни евиденции, отсуство на специјализирани одделенија надлежни за пронаоѓање на имот и недостаток на меѓуинституционална координација.

Од 2018 година, Северна Македонија воспостави истражни центри во рамките на јавното обвинителство. Иако е прерано да се процени влијанието на оваа промена, се чини дека ова е позитивен потег што е преземен како своевидно признавање на слабиот капацитет во оваа област, како што за тоа беше известено од AIRE и РАИ.

Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија редовно организираше обуки на јавни обвинители и судии за финансиска истрага. Сепак, не постои специјализирано образование и обука за полициските службеници во врска со финансиска истрага за пронаоѓање и идентификување на имот што подоцна може да биде конфискуван.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Владата на Република Северна Македонија сè уште нема официјално назначено државна служба за одземање на незаконски стекнат имот (СОНСИ) што би се занимавала со имот прибавен со криминална активност. Сепак, еден искусен обвинител во Јавното обвинителство во Скопје е номиниран за национален „експерт" за прашања кои се однесуваат на одземање на незаконски стекнат имот, кој ја извршува оваа улога заедно со низа други обврски. Како приоритет се налага давање натамошна поддршка на овој обвинител и на планот за воспоставување на СОНСИ, т.е. надградување на капацитетот и знаењето, со цел да се воспостави целосно функционална СОНСИ, во согласност со стандардите на ЕУ. Заради ова може да биде потребно да се донесат законски измени, особено во врска со пристапот до бази на податоци без потреба од судска наредба. Работна група составена од практичари и академски и научни претставници подготви работна верзија на Законот за СОНСИ што наскоро ќе влезе во процедура за усвојување. Најдобрата практика на ЕУ, која го вклучува и нивото на директен пристап до базите на податоци за пребарување на имоти и леснотијата на пристапот (без судска наредба), е вклучена меѓу индикаторите за ефективност на националните СОНСИ, во рамките на список од 11 индикатори за ефективност. Стандардите на ЕУ исто така наведуваат дека СОНСИ мора да има пристап до националниот централен регистар на банкарски сметки.[25]

### Агенција за управување со одземен имот

Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ) е формирана во јануари 2009 година, со влегување во сила на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на РМ", бр. 98 од 04.08.2008 година). Таа е независна агенција, која е директно одговорна пред Владата. Со Агенцијата управува управен

[25] Директива (EU) 2019/1153 на Европскиот парламент и на Советот, со која се воспоставуваат правила за олеснување на употребата на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага или кривично гонење за одделни кривични дела и се укинува Одлуката на Советот 2000/642/ JHA, во својот член 3 ст. 1 ги опишува надлежните органи кои можат да имаат директен пристап до националните централни регистри на банкарски сметки и да пребаруваат во нив и наведува дека „меѓу овие надлежни органи спаѓаат барем службите за одземање на незаконски стекнат имот".

одбор составен од пет членови. Овие членови беа формално претставници од релевантни државни органи (Министерството за правда, Министерството за финансии, Државното правобранителство), застапени со по еден член. Сепак, по амандманот од 2016 година се направи измена така што беше овозможено членови на одборот да станат лица од сите слоеви на општеството.

Функциите на АУОИ се уредени со закон. Агенцијата е надлежна да управува со одземените имоти, имотната корист од кривични дела и одземените предмети, а со согласност од судот и надлежни органи таа управува со привремено замрзнат и запленет имот, конфискуван имот и имотна корист од кривични дела и одземени предмети, со цел да се зачува нивната вредност. Агенцијата ги води сите постапки кои се однесуваат на управувањето со имот, вклучувајќи складирање, правење проценка на состојбата и вредноста, евидентирање на сите имоти со кои управува и продажба на имотот. Таа исто така е одговорна за правење на статистички, финансиски и други извештаи за управуваниот имот. Агенцијата дава обука за управување со имот, за вработените во Агенцијата, како и за други субјекти и правни лица вклучени во постапката за привремено одземање и конфискација. Таа дава мислења во врска со примената на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка и извршува други работи утврдени со закон.

Законот во моментов е во фаза на ревизија. Работна група, веќе формирана во 2020 година, подготви нов законски текст за управување со имот, што вклучува сеопфатен пакет амандмани кои ќе бидат донесени од Собранието.

### Повторно користење на конфискуван имот

Во моментов нема посебен фонд во кој би се чувале парите од одземените имоти за потенцијално користење во државни и социјални проекти во Северна Македонија. Сепак, се појавија добри примери за повторно користење на директна имотна корист од кривично дело. Агенцијата ги донира предметите кои се расипливи или се со мала вредност за добротворни организации.

### Меѓународна соработка

Основа за формална меѓународна соработка во врска со одземање на незаконски стекнат имот е Законот за меѓународна соработка во кривична материја („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 124/10). Покрај тоа, склучени се билатерални договори со соседните држави. Република Северна Македонија е договорна страна во голем број важни меѓународни договори за одземање на незаконски стекнат имот, вклучувајќи ја и Европската конвенција за взаемна помош во кривичната материја и нејзините дополнителни протоколи (ETS 30, 99 и 182); Европската конвенција за перење, откривање, запленување и конфискација на имотна корист од кривични дела (ЕТС 141); Европската кривично-право конвенција за корупција (ETS 173) и нејзиниот дополнителен протокол (ETS 191); Конвенцијата на СнЕ за перење, откривање запленување и конфискација на имотна корист од кривична дела и за финансирање на тероризам (CETS 198).

Северна Македонија е членка на КАРИН од 2014 година. Република Северна Македонија неодамна назначи свој „специјализиран обвинител“ од ЈО (кое наменски дејствува како СОНСИ) за врска со КАРИН од областа на незаконско стекнување на имот, заедно со назначениот полициски службеник за врска со КАРИН. Ова е позитивен чекор и ја сместува Северна Македонија цврсто во глобалната мрежа на експерти за одземање на незаконски стекнат имот и за оперативно и стратешко делување. Република Северна Македонија се усогласи со институционалните тела на ЕУ, Европол [Europol] и Европравда [Eurojust]. Таа има оперативен договор со Европол од 2011 година и од 2015 година има полициски службеник за врска кој работи во седиштето на Европол во Хаг. Република Северна Македонија потпиша договор за соработка со Eurojust во 2008 година, кој влезе во сила во 2010 година. Таа исто така е членка на БАМИН.

Меѓународната соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот налага надлежните органи да имаат правна и процедурална способност брзо да одговорат на барањата за замрзнување, запленување и конфискација на имот во име и за сметка на друга држава, или по приемот на информации од друга држава. Покажувањето ефективност во оваа област налага водење на статистички евиденции на централно ниво во врска со меѓународни барања (види го одделот „Мерење на ефективноста“). Иако статистиката не е сеопфатна во оваа област, може да се смета дека Северна Македонија може да пружи добри примери на тековна меѓународна соработка во случаи сврзани со одземање на незаконски стекнат имот.

Домашното законодавство во Северна Македонија предвидува конфискација или одземање во кривична постапка што не е заснована/о врз кривична осуда, во однос на физички лица и правни лица кои сториле кривични дела, доколку осомничен е починат, избегал или на друг начин е недостапен (чл. 540 од ЗКП). Исто така, можно е да се постапи по барања од странски држави во врска со наредби донесени од нивни органи, па така Северна Македонија е усогласена со меѓународните стандарди. Не е јасно дали биле примени барања од странски држави врз основа на граѓанска или управна постапка без кривична осудуваност, но бидејќи не постои домашна пракса за ова, се јавува сомневање дали Северна Македонија би можела да одговори на такво барање.

Во текот на проектот, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 12 јуни 2019 година, потпиша Меморандум за разбирање и Договор за взаемна соработка со Националната дирекција за гонење на мафија и тероризам на Република Италија, кој предвидува споделување на имот меѓу двете јурисдикции.

До денес нема примери за споделување на имот со друга јурисдикција, иако се очекува иден договор и споделување со Соединетите Американски Држави, во врска со случај кој е во тек.

### Мерење на ефективноста

Во Република Северна Македонија не се водат централизирани евиденции за замрзнати, запленети и конфискувани имоти и за нивната вредност. Прибирањето и обработката на статистичките податоци се поделени помеѓу повеќе институции. Различни институции и органи независно едни од други водат статистики за работата на судовите и судиите: Судскиот совет на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Врховниот суд и Државниот завод за статистика. Недостатокот на унифицирана методологија за прибирање, обработка и анализа на статистички податоци резултираше со неконзистентни и неспоредливи статистички податоци.

Извештајот на AIRE и РАИ за регионалната методологија за набљудување дава детален преглед на фокусот на Северна Македонија во оваа област, потенцирајќи дека Министерството за правда го дефинирало усвојувањето на Методологијата за судска статистика како врвен приоритет во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Во рамките на твининг-проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефективно спречување и борба против корупцијата", компонента 4, беше подготвена техничка спецификација и беше прибавен софтвер за веб-решение „Систем за собирање и обработка на статистички податоци за спречување и борба против корупција" („Акстат"). Од 1 април 2019 година, 49 институции потпишаа Меморандум за разбирање со кој им се овозможува пристап до системот „Акстат" како кориснички институции, вклучувајќи ја и Агенцијата за управување со одземен имот. Сепак, не е јасно дали овој систем ќе овозможи утврдување и доставување на сеопфатни статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот кои се потребни за усогласување со стандардите на ЕУ и појдовната основа утврдена во извештајот на AIRE и РАИ за регионална методологија за набљудување, што вклучува број и вредност на запленети и конфискувани имоти, број на случаи во кои е одземен имот и број на меѓународни барања за одземање на незаконски стекнат имот.

## 5.6 Србија

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Иако на државно ниво не постои посебна стратегија за одземање на незаконски стекнат имот, српската „агенда" за одземање на незаконски стекнат имот се протега низ голем број национални стратегии, вклучувајќи ја Националната стратегија за борба против корупцијата и Националната стратегија за борба против организираниот криминал. Одземањето на незаконски стекнат имот спаѓа во надлежност на разни владини органи и тела кои имаат задолженија за борба против организираниот криминал, перење пари и корупција. Овие меѓусекторски тела се составени од претставници на разни министерства, државни органи и служби. Одземањето на незаконски стекнат имот беше цел на политиката во Србија уште од 2002 година, кога за првпат беше поставено на тоа место во рамките на Стратегијата за борба против организираниот криминал. Донесувањето на посебен закон за одземање на незаконски стекнат

имот беше поставено како цел во тоа време, а на неговото донесување му претходеа измени и дополнувања на Кривичниот законик. „Работната група“ задолжена за подготвување на Закон за одземање на имот произлезен од кривично дело (ЗОИПКД) започна со работа во 2005 година, ЗОИПКД беше донесен на 23 октомври 2008 година, а влезе во сила на 1 март 2009 година. Овој закон се сметаше како револуционерен во тоа време.

### Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Публикациите на AIRE и РАИ „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018), стр. 66-69 и „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), стр. 115-127, даваат детален коментар на правната рамка на Србија и нејзината усогласеност со потребните регионални и меѓународни стандарди. Овој дел дава резиме на овие одредби и сите настани од објавувањето на публикациите на AIRE и РАИ.

Правната рамка со која е уредено трајно одземање (конфискација) на имотната корист од кривично дело во Србија е содржана во Кривичниот законик (КЗ, 2016) и Законикот за кривична постапка (ЗКП, 2014). Покрај тоа, како што веќе е спомнато, Србија донесе позитивна одлука за усвојување на посебен закон за одземање на незаконски стекнат имот, што беше реализирана со донесување на Законот за одземање на имот произлезен од кривично дело (ЗОИПКД, 2016), кој предвидува, покрај одредбите во КЗ и ЗКП, јасни дефиниции за предмети од кривично дело, имот и имотна корист, одредби за проширена конфискација, конфискација на вредност еднаква на имотната корист, конфискација од трети страни и заштита на совесни трети страни. Единствена неодамнешна измена на законодавството е измената на членот 2 од ЗОИПКД во мај 2019 година, во врска со кривичните дела на кои се применува законот, како одговор на измените и дополнувањата на одредбите на КЗ за кривични дела во врска со злоупотреба на службената положба. Освен ова, законската рамка останува иста.

### Конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Законските одредби на Србија предвидуваат конфискација која не е заснована врз кривична осуда (НЗКО) само во кривична постапка. Покрај одредбите за проширена конфискација од ЗОИПКД (види го подоле делот за проширена конфискација), имотот може да биде конфискуван доколку сторителот умре, избега или е душевно неспособен да му се суди. Членот 3(4) од ЗОИПКД, покрај обвинетите, ги опишува и сите лица кои се сметаат како сопственици на имотот. Меѓу нив спаѓаат соучесници, оставители, наследници и трети лица. Терминот „оставител“ означува лице против кое не е поведена кривична постапка или постапката била запрена поради неговата или нејзината смрт, а во текот на кривичната постапка против други лица било утврдено дека сторил кривично дело според членот 2 од ЗОИПКД во соучесништво со тие лица. Во пракса ова значи дека имотот може да биде конфискуван од наследниците

на оставителите, т.е. обвинетите во однос на кои била запрена кривичната постапка поради нивната смрт или на кои не им се судело. Ова се случи само еднаш во Србија, кога им се судеше на членовите на таканаречениот Земунски клан; вината на двајцата водечки организатори на кланот, кои беа убиени од полицијата во престрелка, беше утврдена во време на судењето и донесувањето на пресудата, а имотот од значителна вредност, вклучувајќи и куќа, на крајот беше одземен од вдовиците. Понатаму, обвинетите кои не се достапни можат да бидат судени во отсуство под специфични услови и нивниот имот може да биде одземен. Според ЗКП, сепак, во случај да бидат уапсени, тие можат да побараат повторно судење, кое мора да се одржи. Под специфични законски пропишани услови може да се нареди задолжително психијатриско лекување на обвинети лица кои се душевно болни и во овој случај нивниот имот исто така може да биде одземен.

### Проширена конфискација

Законот за одземање на имот произлезен од кривично дело (ЗОИПКД, 2016 година) е единствениот закон што дозволува проширено одземање (конфискација) на целиот имот за кој се претпоставува дека произлегол од криминална активност во Србија. По кривична пресуда, се утврдува несразмер помеѓу законскиот приход на обвинетиот и имотот што го поседува и кога обвинителството покажува дека станува збор за очигледен несразмер, судот може да нареди одземање врз основа на „разумно сомнение“ дека имотот потекнува од криминална активност. За одредени кривични дела, вредноста на имотната корист од кривичното дело мора да надмине 1,5 милиони српски динари (приближно 12.750 EUR). Обвинителството првично има обврска за докажување така што треба да покаже дека имотот е несразмерно голем, а потоа товарот на докажување се префрла врз обвинетиот или трето лице кое е сопственик, кои имаат можност на судот да му објаснат дека имотот бил законски стекнат.

Одредбата за проширено одземање (конфискација) сè уште им причинува тешкотии на обвинителите во однос на докажување дека имотот претставува имотна корист од кривично дело и на судиите во однос на прифаќање докази во врска со незаконската сопственост над имотот. Оваа констатација е применлива и за привремената фаза на замрзнување и запленување и за фазата на трајно одземање (конфискација) на имотот. Судиите му дозволуваат на обвинителот да изведе докази за разликата или „очигледниот несразмер“ меѓу законскиот приход и имотот што одредено лице го поседува. Меѓутоа, откако обвинетиот или наводниот сопственик ќе имаат можност да дадат објаснување за законската сопственост (префрлување на товарот за докажување), судиите се соочуваат со тешкотии во однос на предложеното прифаќање на сите докази од „предлогот“ на обвинителот, вклучувајќи и посредни докази, како и со потешкотии доколку ги отфрлат објаснувањата дадени од „сопствениците“ на имотот. Имотот многу често се враќа назад. ЗКП уредува само одземање на предмети, имот и имотна корист од кривичното дело за кое е поднесено обвинението. Сите прашања во врска со проширената конфискација се содржани во ЗОИПКД. Судиите можат да извлечат насоки за своето постапување преку следење на судската пракса

и нејзиното хармонизирање. Обвинителите и судиите сè уште не ги прифатија целосно можностите на проширената конфискација и затоа соодветната законска одредба не се користи толку често како што може да се користи.

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Србија продолжува да ги проширува своите легислативни можности во областа на одземање на незаконски стекнат имот и во моментов подготвува „Закон за утврдување на потеклото на имотот и за посебен данок", кој предвидува утврдување дали имотот е зголемен во однос на можниот законски приход. Сите имоти и средства со необјаснето потекло ќе бидат оданочени. Оваа управна мерка, иако претставува даночна одредба, која спаѓа во надлежност на Управниот суд, треба да се додаде во делот од српскиот легислативен механизам што е насочен кон имот со необјаснета големина и потекло. Се предвидува овој закон да влезе во сила во 2021 година.

Правните одредби за одземање на незаконски стекнат имот во Србија се во согласност со потребните регионални и меѓународни стандарди, но дозволуваат трајно одземање (конфискација) само во кривична постапка. Користењето на правни средства во граѓански и/или управни постапки без кривична осудуваност ќе овозможи повеќенасочен пристап кон трајно одземање на имоти произлезени од кривични дела, без посебни и често тешки согледувања за примена на мерката во околности во кои нивното применување зависи од постоење на кривична пресуда. На пример, за време на кривична постапка и постапка за проширена конфискација, трети лица можат со право да покажат дека законски стекнале имот, а ваквата интервенција е во согласност со европските стандарди.[26] Тие имаат право на жалба против судски одлуки и на крајот можат да ја тужат државата во граѓанска постапка за надомест на штета и да докажат дека законски го стекнале својот имот. Врховниот суд на Србија го разгледа прашањето за правото на трета страна да побара повторно судење по конечно решение за конфискација донесено во кривична постапка, правен лек што е резервиран само за обвинетиот. Со оглед на тоа што сопствениците на имотот се странки во постапка за проширена конфискација и меѓу нив може да има не само обвинети, туку и трети лица, Врховниот суд утврди дека трети лица имале право да бараат повторување на кривичната постапка според ЗКП. Понатаму, Судот исто така утврди дека само имотот на обвинетиот можел да биде конфискуван врз основа на спогодба со која тој/таа ја признал/а вината, додека за конфискација на имотот на трети лица се бара водење на одделни контрадикторни постапки. Иако ставовите и мислењата на Врховниот суд не се обврзувачки, тие се релевантни за судската пракса.

Со цел да се надминат овие ограничувања, Србија може да ја разгледа можноста да донесе правни одредби за трајно одземање (конфискација) на имот независно од кривична постапка, така што да се предвиди дека би било доволно да се докаже со граѓански доказен стандард, а не со кривичен доказен стандард,

[26] Директива на ЕУ 42/2014, член 6(2).

дека постои поврзаност помеѓу предметниот имот и криминалното однесување во целина. Новиот управен „даночен“ закон, доколку биде усвоен (донесен) и ако успешно се применува, може на некој начин да го пополни овој јаз.

### Финансиска истрага

Правните одредби во Србија предвидуваат дека полициските служби и обвинителите имаат пристап до финансиски информации и бази на податоци. Овие одредби се содржани во ЗОИПКД и ЗКП и тие нудат широк спектар на механизми за финансиско профилирање на осомничените лица и нивните имоти. Законодавството ги предвидува органите кои имаат можност да пристапат до финансиски информации, видовите на информации, како и условите и ограничувањата за пристап. Исто така, предвидени се низа современи специјални техники за финансиска истрага. Добивањето пристап до банкарските податоци е можно по наредба од јавен обвинител, при што централната банка на Србија назначува службеник кој е задолжен да дејствува како лице за врска со органите на кривичен прогон. Покрај тоа, Единицата за финансиска истрага (ЕФИ), која работи како национална СОНСИ, има директен пристап до голем број бази на податоци, вклучувајќи и банкарски сметки на правни и физички лица. Брзата меѓуагенциска соработка меѓу органите и агенциите кои чуваат и бараат финансиски податоци е еднакво важна за законската можност за пристап до податоци. ЕФИ има список на персонал од деловни банки кои служат како лица за врска. Во Единицата за финансиска истрага се ангажираат финансиски истражители кои фокусирани само на пронаоѓање и идентификување на незаконски стекнати имоти и финансиско профилирање.

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека полициските служби и обвинителствата имаат мал капацитет за спроведување на финансиски истраги. По објавувањето на овие извештаи, бројот на вработените во Единицата за финансиска истрага беше зголемен, иако сепак недоволно. Беше зголемен и бројот на обвинители. Постоењето на експерти за финансиска форензика во одделите на обвинителството е исто така позитивен фактор. И покрај ова, потребно е натамошно зајакнување на обвинителството, особено во однос на форензичката финансиска истрага и презентирањето на финансиски докази пред суд.

Во текот на проектот беа организирани голем број домашни обуки за полициски истражители, обвинители и судии во рамките на Судската академија. Неколку „тркалезни маси“ одржани во 2018 година се особено значајни во однос на развојот на капацитетот за извршување на ефективно одземање на незаконски стекнат имот, вклучувајќи го и капацитетот за финансиска истрага. Само во периодот од септември 2019 до март 2020 година беа одржани дванаесет обуки за борба против перење пари и организиран криминал. На обуките имаше предавања за проактивни финансиски истраги против физички и правни лица. Еден дводневен настан во ноември 2019 година, организиран во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ, беше посветен исклучиво на одземање на незаконски стекнат имот. Покрај тоа, Единицата за финансиска истрага учествуваше на неколку

тркалезни маси, дискутирајќи за ефективната соработка со други органи и тела, за известувањата прибавени со оваа соработка и нивниот квалитет и капацитет да послужат како докази во кривичната постапка. Обуките опфатија финансиски истраги против физички и правни лица.

Двата прирачника подготвени во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ беа активно промовирани и беа одржани кратки предавања на годишната консултативна средба што беше организирана од Врховниот суд во Врњачка Бања во октомври 2019 година. Преземените активности и направените студии во Регионалниот проект на AIRE и РАИ ја зголемија свеста кај обвинителите и полицијата за значењето на финансиските истраги и одземањето на незаконски стекнат имот. Влијанието на активностите од овој проект може да се одрази преку зголемување на бројките во статистиката во следните години, бидејќи постапките од областа на организираниот криминал траат значително долго време, што спречува да се донесе заклучок во овој момент.

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Единицата за финансиска истрага, формирана врз основа на ЗОИПКД, во моментов функционира како национална СОНСИ. Оваа единица работи како посебна организациска единица во рамките на Министерството за внатрешни работи, односно полицијата. Во повеќето случаи и вр основа на наредба од надлежниот јавен обвинител, Единицата спроведува финансиска истрага за пронаоѓање и идентификување на имотот и собирање докази за законскиот приход, начинот на живот и трошоците за живот на обвинетите, сообвинетите или оставителите. Единицата собира и докази за имот наследен од наследниците, т.е. докази за имот и надоместок пренесен на трети лица. Индивидуалните истражни дејствија се спроведуваат по службена должност и по наредба од јавен обвинител. Државните и другите органи, организации и јавни служби мора без одлагање да ги достават бараните податоци до Единицата. Јавните обвинители можат да им наложат на банките и другите финансиски организации да доставаат податоци за статусот на деловните и приватните сметки на сопствениците на сметки и сефовите до Единицата за финансиска истрага и да ја упатат Единицата да изврши автоматска обработка на таквите податоци. Народната банка на Србија назначи службеник задолжен за врски со Единицата. Оваа единица, исто така, извршува претреси во куќи и претреси во други простории на сопственици или други лица, по наредба од надлежен суд и по барање од сопствениците или други лица, ако постои веројатност да се најдат докази. Единицата има овластување да заплени предмети, записи, документи и податоци кои можат да послужат како доказ. Државните и другите органи, организации и јавни служби мора да ѝ обезбедат на единицата пристап до податоци, записи, документи и др.; тие не можат да се повикуваат на доверливост. Физички и правни лица кои поседуваат документи во врска со изворот на приход и имотот по кој било основ мора да ѝ ги предадат без одлагање на Единицата по нејзино барање, ако постои веројатност дека тие документи можат да го олеснат идентификувањето на имотната корист од кривично дело. Единицата подготвува профили на сопствениците на имот кои се под истрага, врз основа на барање од надлежниот обвинител. Таквите

извештаи вклучуваат податоци за криминалните активности на поединците и нивното криминално досие, доколку го имаат, анализа на нивниот имот и законски приход, заедно со анализа на „очигледниот несразмер“ помеѓу нивниот законски и реален приход, на тој начин покажувајќи дека животниот стил е несразмерно скап. Единицата направи неколку вакви анализи по барање од Обвинителот за организиран криминал во текот на изминатата година.

Од 2016 година Единицата за финансиска истрага има законско право да ангажира професионалци кои работат во други државни органи или институции, со цел од нив да добие стручна помош. На пример, Единицата во изминатата година во неколку случаи ангажираше експерти кои работат во даночната управа. Работејќи како српска СОНСИ, Единицата, исто така, ги обработува влезните и излезните барања за ВПП во процесот на меѓународна соработка за откривање и идентификување на имотна корист од кривични дела со цел да се изврши нивно запленување или конфискација. Единицата има безбеден доверлив канал за размена на информации со други СОНСИ преку Европол и нејзината платформа за размена на информации СИЕНА. Таа разменуваше информации користејќи го овој метод во десет наврати во изминатата година.

Иако е основана во Министерството за внатрешни работи, Единицата има репутација на добра соработка со Обвинителството за организиран криминал и Специјалното обвинителство за борба против корупција. Бројот на вработени се зголеми во текот на изминатата година и беше вложен голем напор за обучување на персоналот. Сепак, има недоволно вработени во оваа единица уште од времето на нејзиното формирање и таа сè уште нема експерти за финансиска форензика.

### Агенција за управување со одземен имот

Српската АУОИ е формирана во 2008 година во рамките на Министерството за правда, под името Дирекција за управување со одземен имот. Постои како автономно правно лице со седиште во Белград и може да основа организациски единици во други градови. Нејзината улога и функции се опишани во членот 9 од ЗОИПКД. Имотот кој спаѓа во делокругот на Дирекцијата за управување со одземен имот вклучува запленета/конфискувана имотна корист од кривични дела, предмети запленети по наредба од јавен обвинител (член 24 од ЗОИПКД) и предмети од кривичното дело (член 87 од КЗ), материјална добивка прибавена од кривичното дело (членови 91 и 92 од КЗ), имот заложен како гаранција во кривична постапка, предмети запленети во кривична постапка и имот чие располагање е ограничено со одлуки на Обединетите нации и други меѓународни организации во кои членува Република Србија. Во врска со овие имоти и предмети, Дирекцијата е надлежна за проценка, складирање, одржување и продажба. Таа, исто така, ги администрира паричните средства кои се потребни за управување со имотот.

### Повторно користење на конфискуван имот

Пред 2016 година парите реализирани од одземените имоти беа уплатувани во Буџетот на Република Србија. Измените и дополнувањата на ЗОИПКД од 2016

година предвидуваат дека парите добиени од одземените имоти се уплатуваат во државниот буџет, но определуваат дека 30% од тие пари ќе се користат за финансирање на социјални и здравствени потреби во согласност со одлуки на Владата. Парите обично се наменети за социјални проекти поврзани со борба против трговија со луѓе, засолништа и центри за социјална работа. Постојат и примери кога надлежните органи даваат имот за директна „употреба“, на пример, куќи и возила за општински центри, засолништа, центри за борба против семејното насилство, возила на полициските оддели и сл.

### Меѓународна соработка

Делот од законодавството што им овозможува на властите да бараат и да одговараат на барањата од други држави, за пронаоѓање, замрзнување, запленување и одземање на незаконски стекнат имот е адекватен, а тие барања се однесуваат на предмети, имотна корист произлезена од криминална активност и имот чија вредност е еднаква на приходите од кривично дело. Во овој дел од законодавството што содржи одредби за меѓународна соработка спаѓаат ЗОИПКД (чл. 64 до 78), Законот за меѓународна помош во кривичната материја, ратификуваните конвенции, особено Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал (КОНПТОК), Конвенцијата за ВПП и Варшавската конвенција на СнЕ. Тука не спаѓаат правните акти кои овозможуваат извршување на меѓународни барања во врска со странска граѓанска или управна постапка за трајно одземање (конфискација) што не е заснована врз кривична осуда. Ако важечкото законодавство се стави настрана, процесот на добивање информации од органи на странски држави е нотирен предизвик во праксата и налага обвинителите и полициските служби да ги користат достапните регионални и меѓународни механизми како што се КАРИН, МОУИ и БАМИН.

Во однос на соработката со полициски служби од други држави за пронаоѓање на имоти, Србија има оперативен договор за размена на податоци со ЕУРОПОЛ од 2014 година, со постојано службено лице за врска кое е сместено во седиштето на ЕУРОПОЛ. Србија е членка на КАРИН од 2009 година. Нејзиниот полициски контакт со КАРИН се наоѓа во Единицата за финансиска истрага. Како единствена порта кон глобалната мрежа за одземање на имот прибавен со кривични дела (Интер-агенциски мрежи за одземање на незаконски стекнат имот - АРИН), полициските и обвинителските службени лица за врска со КАРИН треба да бидат добро познати и да имаат добри врски на домашно ниво за оперативните и стратешките истражувања. Од корист за Србија ќе биде да назначи обвинител кој активно се занимава со домашно и меѓународно одземање на незаконски стекнат имот како нејзин обвинителски контакт со КАРИН.

Србија билатерално споделува имот со други јурисдикции и моментално е вклучена во развој на регионална и повеќестрана спогодба за споделување на имот која ги вклучува и ФБиХ, Република Српска и Црна Гора, а е поддржана од регионалниот проект на AIRE и РАИ.

### Мерење на ефективноста

Разни видови статистики за замрзнување, запленување и трајно одземање (конфискација) на имоти и за нивните вредности се прибираат од страна на голем број агенции и органи, и се анализираат од други, вклучувајќи ги судовите, обвинителите, полицијата и Дирекцијата за управување со одземен имот. Понатаму, обезбедена е статистика за периодот опфатен со проектотот на AIRE и РАИ и корисно е евидентирана во прегледот на AIRE и РАИ во склоп на Студијата за регионална методологија за набљудување (2019). Во рамките на студијата е опишано дека Србија има добар систем на прибирање податоци што овозможува да се спроведе одлична анализа на податоците за одземање на незаконски стекнат имот.

Мерењето на ефективноста на кој било систем за одземање на незаконски стекнат имот се потпира не само врз статистичките податоци за одземање на незаконски стекнат имот, туку и врз други фактори, вклучувајќи го нивото и видот на криминалот во одредени држави и заканата што тој криминал ја предизвикува. Сепак, имањето пристап до сеопфатна статистика лоцирана на една централна локација е од суштинско значење за процесот. Настојувањето на Србија да го оствари ова, со прибирање на сите потребни податоци во рамките на Дирекцијата за управување со одземен имот, е позитивен развој.

Вреди да се забележи дека Дирекцијата за управување со одземен имот го води националното централно прибирање на статистички податоци за замрзнати, запленети и трајно одземени (конфискувани) имоти, вклучувајќи ја и нивната проценета вредност и ги вклучува податоците во својот „Централен регистар“. Софтверот за базата на податоци беше надграден во 2019 година и овој Централен регистар сега е од најголема важност за обединувањето на националната статистика. Тој е директно достапен за полицијата, обвинителите, судовите и другите надлежни институции.

Стандардите на ЕУ (Директива на EU 2014/42 и Регулатива на EU 2018/1805) исто така налагаат прибирање на статистички податоци во врска со влезни и излезни барања за замрзнување, запленување и трајно одземање (конфискација) на незаконски стекнат имот. Во моментов судовите рачно на стандарден образец го евидентираат издавањето на наредби од влезни и излезни меѓународни барања за замрзнување, запленување и трајно одземање (конфискација) на незаконски стекнат имот. Тие податоци можат да се соберат, иако со мануелен процес. Според тоа, статистичките податоци се достапни, доколку се потребни за внатрешно следење и известување или на барање од ЕУ и надворешни проценки. Се предвидува овие функции да бидат можни преку електронски метод во иднина.

# 6. Влијание на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот во Западниот Балкан

Нема дилема дека здравствената криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19 и економската криза што следеше, имаат негативно влијание врз системот на кривична правда на глобално ниво. Во ова време во кое се случуваа настани без преседан беше наложена потребата да се преземат неопходни мерки кои беа без преседан; меѓутоа, овие случувања отворија непожелна можност за измама, корупција и зголемување на цените на забранетите ствари, како што се дрогите, а тоа потенцијално влијаеше врз нивото на криминалот. Покрај тоа, голем број од државите во регионот одржаа избори во 2020 година што за резултат имаше побавна владина активност од онаа која инаку е вообичаена, недостаток на континуитет и на унифицирано донесување одлуки. Оваа политичка нестабилност предизвикува дополнителна загриженост за време на кризата.

Како одговор на променливата криминална клима која следеше по глобалната здравствена криза, меѓународната заедница се справи со предизвикот да остане информирана за состојбата, така што објавуваше редовни ажурирани информации за влијанието на кризата врз одделни кривични дела, како што се кривични дела сврзани со наркотици, сексуални деликти и идната криминална закана[27], на пример во врска со дистрибуцијата на вакцини.[28]

### Импликации врз судските процеси во Западниот Балкан

Во извештајниот период од март до мај 2020 година сите држави посочија дека истрагите и гонењата, како и нивото на запленети и замрзнати имоти и средства останале на слични нивоа како оние пред избувнувањето на пандемијата. Ова се случи и покрај тоа што вработените имаа ограничен пристап до нивните вообичаени работни средини. Полициските и обвинителските служби физички ги ротираа вработените во канцелариите, оставајќи ги другите да продолжат да работат од дома. Сепак, бројни фактори што ги ограничуваат нормалните работни практики во текот на подолг период во летото и за време на „вториот бран" несомнено имаа соодветен ефект врз зголемување на случаите. Како последица на тоа, се очекува пад на нивоата на идентификувана, запленета и одземена имотна корист од кривични дела. Државите од Западниот Балкан известија за следниве фактори кои влијаат врз нормалната работна практика:

[27] *How COVID 19 Related Crime Infected Europe During 2020*, 11 ноември 2020, публикација на Europol https://www.europol.europa.eu/activities-services/staying-safe-during-КОВИД-19-what-you-need-to-know

[28] „Interpol Warns of Organised Crime Threat to COVID-19 vaccines", https://www.interpol.int/en/News-and-Events/News/2020/INTERPOL-warns-of-organized-crime-threat-to-КОВИД-19-vaccines

» Персоналот се намали, бидејќи дел од вработените се разболеа од вирусот или беа принудени да останат дома во карантин откако стапиле во контакт со заразено лице;
» Персоналот што е потребен за работа од дома имал ограничен пристап до техничката опрема која е потребна за извршување на работи поврзани со одземање на незаконски стекнат имот, на пример, пристап до службена е-пошта, софтвер за финансиска анализа, пристап до бази на податоци за пронаоѓање на имот, пристап до безбедни платформи за размена на меѓуагенциска и меѓународна соработка во поглед на пронаоѓање на имот;
» Ограничен пристап до судовите пред кои вообичаено се поднесуваат барања за принудни мерки за финансиски истраги;
» Ограничен пристап до сведоци за добивање изјави за доказни цели, на пример од банки и финансиски институции;
» Ограничен персонал (полиција, извршители) за активно спроведување на наредби за замрзнување, запленување и конфискација;
» Помалку случаи на кривично гонење во судовите ќе резултира со помалку запленувања и конфискации на имот. На пример, во една држава, препораката од Министерството за правда за одржување на судења преку видео линк беше критикувана од адвокатите и Здружението на судии, кои ја оценија како незаконска и инсистираа ова прашање да се разреши во согласност со законот и Уставот. Правните професионалци тврдеа дека судењата преку видео линк не го гарантираат правото на правично судење бидејќи обвинетите, со оглед на тоа што не би биле во судницата, не би имале можност да водат доверливи разговори со нивните бранители. Во некои случаи, бранителот одби да учествува во судењата преку видео линк и судските рочишта беа одложени;
» Предлозите за измени и дополнувања на законските одредби за одземање на незаконски стекнат имот, кои се наоѓаат во Кривичниот закон(ик), Закон(ик)от за кривична постапка, законите за конфискација на имотна корист од кривични дела или законите за управување со одземен имот беа суспендирани. Во еден случај, во 2019 година беше предложен суштински нов закон за граѓанско одземање на имот, но потоа предлог-законот беше ставен во мирување поради кризата.

### Идентификувани ризици

1. Беа направени вонредни измени во буџетите на јавните институции, со цел да се справат со промената на националните приоритети предизвикани од пандемијата. Овие измени беа направени итно и затоа се одвиваа без вообичаена соработка или надзор и честопати без транспарентност. Итното и невообичаено движење на државните парични средства дава зголемена можност за злоупотреба на моќ и злоупотреба на јавни средства во државните институции.
2. Лековите и заштитната медицинска опрема беа итно потребни и затоа не беа следени вообичаените процедури за набавка. Од повеќе држави е известено дека овие итни набавки биле спроведени преку директно преговарање со претпријатија, без објавување на јавен оглас и без претходно обезбедено мислење од Бирото за јавни набавки. Многу држави

од ЗБ објавија дека плаќаат значително зголемени парични износи за лекови и заштитна опрема (ракавици, маски, заштитни одела, штитници, итн.). Организираните набавки на овој начин несомнено претставуваат зголемен ризик од корупција како резултат на недостаток на фер конкуренција при изборот на претпријатија, зголемена цена на набавки и, како што е соопштено, очигледна нетранспарентност на постапките.

3. Останува тековниот ризик од злоупотреба на донации и меѓународна помош кои беа обезбедени за заштита на здравјето на граѓаните и за поддршка на економската состојба на секоја јурисдикција.
4. Постојат индикации дека лихварството поттикнува корупција и нелегални деловни инвестиции, на пример, во градежништвото, што го зголемува ризикот од нелегално економско влијание од криминални групи.
5. Државите кои многу се потпираат врз приходи од туризмот можат да искусат зголемување на незаконската употреба на државните фондови, корупција и регрутирање на нови членови и соработници на организираниот криминал поради економската криза.

### Влијание на пандемијата на КОВИД-19 врз одземање на незаконски стекнат имот

Пандемијата на КОВИД-19 обезбеди можности за зголемување и разновидност на алчниот организиран криминал, особено измама и корупција, но исто така и компјутерски криминал, кражба, лихварство и фалсификување, а треба да се истакне и дека продажбата на фалсификувани заштитни предмети, вклучувајќи маски, средства за дезинфекција и лекови значително се зголеми од избувнувањето на кризата. Ова е надополнето со зголемување на вредноста на нелегалните стоки поради ограничувањата на меѓународните и домашните економски текови, што резултираше со зголемување на вообичаената криминална активност.

Паралелно со ова, за време на пандемијата многу од институциите чиј фокус е обично врз борбата против организираниот криминал и корупцијата работеа со намален интензитет. Судовите исто така работеа со побавно темпо и не беа во можност да продолжат со постапување во одредени кривични случаи. Бидејќи одземањето и конфискацијата на имотот во сите јурисдикции на Западниот Балкан зависи од постоењето на кривична истрага и гонење, несомнено ќе се намали нивото на имоти запленети и конфискувани во 2020 и 2021 година. Евидентираните статистички податоци за бројот на кривични гонења и трајни одземања (конфискации) на имотна корист од кривични дела ќе дадат појасна слика во јурисдикциите кои успешно прават статистики.

Позитивно е тоа што академиите за обука на полицијата и судството, генерално, можеа да продолжат со планираните обучувачки активности, со спроведување на обуки преку интернет за судии, обвинители и истражители.

### Препораки сврзани со пандемијата на КОВИД-19

1. Владите треба да бидат поттикнати редовно да објавуваат информации за изворите на парични средства добиени за справување со кризата што

беше предизвикана од пандемијата на КОВИД-19, како и за начинот на нивното трошење.

2. Владите треба да бидат поттикнати да објавуваат информации за она што го добиле преку финансиска поддршка од ЕУ и други меѓународни и регионални организации.
3. Владите треба да бидат поттикнати редовно да објавуваат информации за тоа како се трошат средствата добиени од сите извори за справување со пандемијата.
4. Јавните набавки за справување со пандемијата или како резултат на пандемијата треба да се спроведат со целосна транспарентност.
5. Државното институционално трошење на средствата собрани во буџетот за КОВИД-19 преку донации од физички лица, правни лица и меѓународни организации треба да биде транспарентно и за тоа да има јавно достапни информации.
6. Списоците со донатори и информациите каде и како се распределуваат донираните средства треба редовно да се ажурираат и објавуваат.
7. Потребен е континуиран и зголемен надзор и контрола од надлежните државни органи (Финансиската полиција, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство) и граѓанскиот сектор, барем во текот на 2021/2022 година.
8. Домашните органи и надворешната техничка помош треба да се фокусираат врз поддршка на идната меѓународна соработка во финансиски и кривични истраги и запленувања на незаконски стекнати имоти, вклучувајќи ја соработката во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ, со оглед на тоа што набавките на медицинска и заштитна опрема очигледно биле извршени преку разни држави. Меѓународните набавки беа комплексни, бидејќи опремата беше оскудна, а условите за набавка и плаќање вклучуваа различни посредници во нетранспарентни договори.
9. Потребно е подетално да се анализираат минатите, сегашните и идните ризици, како и влијанието на пандемијата и да се подготви план на активности за подобрување на ефикасноста на борбата против криминалот, вклучувајќи и конфискација на имотна корист од кривични дела. Давателите на техничка помош треба да ја разгледаат можноста за ангажирање експерт за подготвување анализа на овие ризици и нивното влијание во пандемиската клима на КОВИД-19.

# 7. Заклучоци и препораки

Ова поглавје дава резимирани заклучоци за тековниот капацитет за одземање на незаконски стекнат имот во регионот на Западниот Балкан, заедно со предлози и препораки за подобрен и поефикасен систем за одземање на незаконски стекнат имот. Овие препораки треба да бидат вклучени во домашните стратегии и акциони планови за одземање на незаконски стекнат имот. Извештајот може, исто така, да послужи како насочувачки документ за идно градење на капацитетите во регионот. Препораките се напишани со закосени букви на крајот од секој оддел.

Беа добиени известувања дека трите прирачници, што беа подготвени во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ, биле активно промовирани од тимот за управување со проектот, националните координатори и обучувачите. Во одделни држави беа одржани предавања на голем број национални и регионални настани. Преземените активности и направените студии во регионалниот проект на AIRE и РАИ ја зголемија свеста кај судиите, обвинителите и експертите за кривична правда во поглед на значењето на одземањето на незаконски стекнатиот имот. Влијанието на овие настани може да се рефлектира преку зголемување на статистичките податоци за конфискација во наредните години, бидејќи постапките за организиран криминал траат значително време што не допушта сега да се извлече заклучок.

Регионалниот проект на AIRE и РАИ одигра уникатна улога во развојот на капацитетот за одземање на незаконски стекнат имот во регионот на Западниот Балкан. Елаборацијата во четирите регионални конкретни специфични публикации за одземање на незаконски стекнат имот им обезбеди на соодветните јурисдикции сеопфатен домашен преглед на законите и процедурите за одземање на незаконски стекнат имот, применливите стандарди на ЕКЧП и ЕСЧП, методологијата за меѓународна соработка на полето на одземање на незаконски стекнат имот и пристапот што треба да се примени при прибирање на статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот.

Силно се препорачува јурисдикциите да ги искористат јасните описи на законодавството, институциите и процедурите кои се наведени во публикациите на AIRE и РАИ пред, и со цел да се помогне во, усвојувањето на нови одредби за одземање на незаконски стекнат имот и развојот на институционалните структури.

### Одземање на незаконски стекнат имот како цел на политиката

Меѓународните стандарди[29] препорачуваат дека, за да можат државите ефикасно да ги таргетираат и намалат криминалните активности преку употреба

[29] Препорака на FATF бр. 2, Политики за БПОК/ПФТ и координација – земјите треба да имаат свои национални политики за БПОК/ПФТ, кои се формулирани врз основа на доволно информации за идентификуваните ризици, а тие политики треба редовно да се преиспитуваат и треба да се назначи орган или да има координација или друг механизам што е одговорен за такви политики.

на мерки од сферата на одземање на незаконски стекнат имот, одземањето на незаконски стекнатиот имот треба да биде во посебен фокус на работата на министрите, креаторите на политиките, законодавците и практичарите од сите органи и агенции. Оваа состојба може целосно да се оствари само ако одземањето на незаконски стекнат имот е цел на политиката. Да се обезбеди дека одземањето на незаконски стекнат имот е цел на политиката ќе налага, исто така, цврста политичка волја. Од таа причина, овој извештај првично ги процени политиките на одземање на незаконски стекнат имот во државите од Западниот Балкан.

Главно прашање што треба да се разгледа при утврдување дали државите од Западниот Балкан ги постигнале стандардите на ОКСПП (FATF) - непосреден исход (8) е:

*„8.1. Во која мера се спроведува конфискација на имотна корист од кривични дела, предмети и имот со еквивалентна вредност како цел на политиката?“*

Во државите во регионот има голем број стратегии и акциони планови кои вклучуваат одземање на незаконски стекнат имот (на пример, Меѓусекторската стратегија на Албанија за борба против против корупцијата и Меѓусекторската стратегија на Албанија за борба против организираниот криминал, Стратешкиот план на Агенцијата за управување со одземен имот и акциониот план поврзан со стратешкиот план во Северна Македонија 2018-2020 година и српската Национална стратегија за борба против корупцијата и Националната стратегија за борба против организираниот криминал). Сепак, не постојат посебни комитети или комисии за одземање на незаконски стекнат имот во ниту една од шесте земји. Одземањето на незаконски стекнат имот е составен дел на кривичната правда и потребно е да се изменат секојдневните процеси на агенциите за да се врши ефективно одземање на незаконски стекнат имот. Ова вклучува нужност за опипливи промени кои можат да бидат спроведени само од практичари. Акционен план без комитет за негово спроведување е фундаментална слабост во процесот на спроведување на ефективно одземање на незаконски стекнат имот. Дополнително на тоа, постоечките стратегии за борба против организиран криминал, против спречување на перење пари и против корупција не се однесуваат конкретно на одземање на незаконски стекнат имот, туку содржат само мал број цели за конфискација на имотна корист од соодветните кривични дела.

Стратегиите и акционите планови одат напред само кога некој има „сопственост“ врз нив. Одземањето на незаконски стекнат имот засегнува широк спектар на министерства и агенции, вклучувајќи ги полициските одделенија во Министерството за внатрешни работи, обвинителствата, Министерството за правда, особено во однос на меѓународната соработка и Министерството за финансии во однос на управување со одземениот имот. Во рамките на ЕУ, национална (државна) служба за одземање на незаконски стекнат имот често пати е фронтален и централен дел на сите агенди за креирање на политики. Косово* направи прогресивен чекор со назначување на национален координатор за економски криминал, кој е надлежен и за одземање на незаконски стекнат

имот. Ова е добра практика и другите држави во регионот треба да размислат за назначување на национален координатор за одземање на незаконски стекнат имот, кој би бил претседател на национален комитет или работна група за одземање на незаконски стекнат имот.

*Се препорачува дека, со цел да се обезбеди одземањето на незаконски стекнат имот да остане цел на политиката и да се поттикнува промена неопходна за зголемување на нивоата на конфискација, јурисдикциите треба да направат конкретна стратегија за одземање на незаконски стекнат имот и акционен план и да формираат работна група. Истакнат експерт за одземање на незаконски стекнат имот треба да биде назначен за претседател на работната група и да ги насочува политиката и праксата на сите релевантни органи и агенции во сферата на одземање на незаконски стекнат имот.*

## Одредби за замрзнување, запленување и конфискација на незаконски стекнат имот

Публикациите на AIRE и РАИ, кои ја опишуваат правната и политичката состојба во секоја од јурисдикциите, заедно со проектните активности и обуките спроведени од 2018 година, им овозможија на јурисдикциите на политичко и практичарско ниво да проценат каде се наоѓаат на скалата на ефективноста на процесот на одземање на незаконски стекнат имот. Јурисдикциите продолжија да се развиваат во текот на целиот период на проектот, несомнено со огромната помош што ја донесе проектот за ова „мапирање на состојбата“. Ова важи и за континуираниот развој на законодавството во регионот, со измени и дополнувања во врска со одземање на незаконски стекнат имот во КЗ, ЗКП и ЗОИККД.

Иако консолидирање на одредбите за одземање на незаконски стекнат имот во еден правен акт не е предвидено, како такво, во меѓународното право и стандарди, има растечки тренд на глобално ниво да се комбинираат сите или мнозинството од домашните одредби за одземање на незаконски стекнат имот во еден консолидиран закон. Ова е реакција на растечкото усвојување на меѓународни и регионални одредби, што го прави поефективно изготвувањето на нов закон за да се примени новиот пристап отколку правењето измени и дополнувања на постоечки закон. Некои од јурисдикциите во регионот не усвоија консолидиран закон за одземање на незаконски стекнат имот. Северна Македонија не донесе ЗОИККД и во моментов нема планови за донесување на таков закон. Албанија од 2009 година има Антимафијашки закон и во оваа фаза не би донела посебен закон кој ги опфаќа сите аспекти на одземање на незаконски стекнат имот за поширок спектар на кривични дела. Во „Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), објавен како дел од регионалниот проект на AIRE и РАИ, јасно е утврдена содржината на релевантните законски акти во секоја јурисдикција во однос на имотната корист од кривични дела, што му овозможува на регионот да ги спореди донесените законски акти и да ги подобри со измени и дополнувања, доколку тоа е потребно. Како добар пример, ЗОИКСКД на Црна Гора вклучува широк спектар на потребни одредби за

одземање на незаконски стекнат имот кои ги опфаќаат сите фази на процесот на одземање на незаконски стекнат имот, па така овој практично „едношалтерски“ закон за одземање на незаконски стекнат имот е најсеопфатен во регионот. Иако е тешко усвојувањето на нови закони да им се припише директно на информациите и обуките обезбедени во регионалниот проект на AIRE и РАИ, за време на изготвувањето на овој извештај беше пријавено дека на публикациите се повикувале обвинители и законодавци, пред дизајнирање и менување на законодавството.

*Силно се препорачуваат публикациите на AIRE и РАИ, особено „Прирачникот за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди“ (2019), да се ставaт на располагање на домашните комитети за одземање на незаконски стекнат имот и одборите за легислативна ревизија во регионот како практична референца за добра практика при изработка на закон за одземање на незаконски стекнат имот.*

## Проширена конфискација

Претходно беше препорачано да се ревидираат одредбите за проширена конфискација во јурисдикциите на ЗБ, бидејќи овие одредби не се користат толку често и широко како што треба и не се успешни кога се користат. Не постои нова судска пракса за да му помогне на овој процес, а недостатокот на обука и менторство во оваа област го попречува успешното применување на одредбите од страна на обвинителите и судиите. Прашањата сврзани со проширена конфискација во најголем дел се однесуваат на опсегот на примена (видови на кривични дела за кои таа се применува), временските периоди кои подлежат на (ретроактивна) контрола за утврдување на законското потекло на имотот и доказниот стандард со кој се донесува одлуката во врска со прашањето на (не)законитост на имотот. На обвинителите и судиите сè уште не им е сосема јасно кои конкретни околности мора да се докажат за утврдување врска меѓу имотот кој е предмет на проширена конфискација и кривичните дела од кои тој имот, наводно, произлегол. Оваа несигурност може да предизвика ниско ниво на употреба на оваа нова одредба и налага одржување на дополнителна обука.

Во сите јурисдикции, со исклучок на Косово* и Северна Македонија, стандард на докажување е кривичниот стандард, кој е повисок од граѓанскиот стандард што се применува во многу јурисдикции надвор од ЗБ со користење на оваа законска одредба. Косово* е единствената јурисдикција во регионот која употребува граѓански стандард. Нејзиното законодавство во сферата на „конфискација на имотна корист“ предвидува да се користи стандардот „рамнотежа на веројатности“. Исто така, Косово* извести за успешен случај на проширена конфискација во 2020 година. Научените лекции од овој случај треба да се споделат со другите јурисдикции од ЗБ. Во некои јурисдикции законот е сè уште нов и неговата примена сè уште не е тестирана за да се процени неговата ефикасност.

Прирачникот на AIRE и РАИ од 2019 година корисно сугерираше дека, со цел да се разберат предизвиците сврзани со примена на закони за проширена

конфискација, јурисдикциите треба да обезбедат редовно следење на соодветната судска пракса (на домашните судови и ЕСЧП), особено од страна на обвинителствата. Треба да бидат назначени лица кои се вработени во релевантните правосудни институции за да ги следат одлуките во соодветните области и на состаноците на персоналот да известуваат за добрите практики за кои сметаат дека се корисни. Бидејќи овие предизвици сè уште постојат, но сега се пошироко признаени, сега се препорачува регионален пристап за следење на бариерите за проширена конфискација и добрата практика.

Покрај тоа, сè уште е потребна обука за одредбите за проширена конфискација и за нивна примена. За да се помогне во примена на одредбите за проширена конфискација, би било корисно да има директно менторство засновано врз случаи.

Откако првично ги идентификуваше законските и имплементациските предизвици за проширена конфискација во регионот, регионалниот проект на AIRE и РАИ направи детална и уникатна анализа на законодавството, примената на законодавството и постоечките проблеми во секоја јурисдикција. Корисниците на оваа анализа изјавија дека тоа им помага на обвинителите и судиите да идентификуваат некои бариери за успешна примена на проширената конфискација. Сепак, тоа е комплициран правен и нов современ пристап кон конфискацијата чија примена налага натамошно фокусирање.

*Се препорачува да се следи праксата на ЕСЧП и националната судска пракса, а за одлуките во врска со проширената конфискација да продолжи споделувањето на информации на домашните и регионалните платформи, вклучувајќи ја и Регионалната учесничка мрежа на AIRE и РАИ.*

*Исто така, се препорачува обуката за примена на законите, особено со менторство засновано врз случаи, да продолжи да им се дава на финансиски истражители и обвинители кои ги подготвуваат случаите на проширена конфискација, како и на обвинители и судии кои ги проценуваат врските помеѓу имотот што подлежи на проширена конфискација и кривичните дела од кои тој наводно потекнува.*

*Со цел да се поддржи регионалната примена на проширена конфискација, примерите за успешни случаи кои постојат, вклучувајќи ги оние содржани во Извештајот на AIRE и РАИ „Ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионалната методологија за набљудување, главни репери и студии на случаи од добра пракса (2020)" треба да бидат споделени на домашно ниво и во регионот, на внатревладино ниво, но и на јавни форуми и меѓу граѓански организации. Ова ќе помогне за промена на секаква негативна перцепција на јавноста за борбата против корупцијата и организираниот криминал.*

### Граѓанска или управна конфискација која не е заснована врз кривична осуда

Законодавната рамка на јурисдикциите во регионот на ЗБ сè уште не предвидува без изречена осуда да се конфискуваат криминално стекнати имоти во граѓанска

или управна постапка која е насочена кон имотот (*in-rem*), а не лично кон поединецот (*in-persona*). Меѓутоа, од почетокот на регионалниот проект на AIRE и РАИ, Косово* предложи нов граѓански закон за конфискација на имот произлезен од имотна корист од кривично дело без претходно изрекување осуда, кој во моментов е во процес на консултации. Ова е интересен развој во регионот и треба внимателно да биде следен од законодавците, агенциите кои ги спроведуваат соодветните закони и од оние кои дизајнираат и имплементираат проекти. Користењето на граѓански и/или управни правни средства кои не се засновани врз кривична осуда ќе овозможи пофокусиран пристап кон конфискација на криминално стекнат имот, без посебни и често тешки согледувања во кривичниот процес кои се зависни од постоењето на кривична осуда, како што се, на пример, тешкотиите опишани кај постапката за проширена конфискација.

*Се препорачува, во иднина, јурисдикциите од ЗБ да ја разгледаат можноста за воведување на законски одредби за конфискација на имот независно од кривична постапка (in-persona (насочена кон лице)), така што да биде доволно во граѓанска постапка (in-rem (насочена кон имот)) да се докаже со граѓански стандард на докажување, а не со кривичен стандард на докажување, дека постои поврзаност помеѓу предметниот имот и општото криминално однесување на лицето.*

*На практично ниво, се препорачува натамошна поддршка од Обединетото Кралство, како водечки пример за начинот на применување на одредби за граѓанска конфискација НЗКО и одредби за необјаснето богатство.*

## Финансиска истрага

Претходните извештаи на AIRE и РАИ заклучија дека капацитетот на полициските служби и обвинителството за спроведување на финансиски истраги е низок. Генерално, ова сè уште е така. Со анализирање на информациите од Прирачникот на AIRE и РАИ, очигледно е дека проблемот не е во законодавството, кое предвидува адекватни истражни техники и ги дефинира условите и целите на финансиските истраги. Во Прирачникот е наведено дека специјализацијата на задолженијата за финансиска истрага очигледно е општ тренд што ќе продолжи и во наредниот период (стр. 143). Сепак, постигнатиот напредок се чини минимален. Останува фактот дека нема доволно лица со вештини за спроведување на финансиска истрага, не само за одземање на незаконски стекнат имот, туку и за општа кривична истрага. Постоечките експерти се изолирани во специјализираните единици и не се „интегрирани“ во полициските и правосудните органи. Недостатокот на политичка волја да се изврши промена во оваа област е пречка за напредок.

*Се препорачува интегрирање на искусни и специјализирани финансиски истражители и обвинители да биде цел на политиката во рамките на национална стратегија и акциони планови за одземање на незаконски стекнат имот.*

*Се препорачува дополнителна обука во регионот за финансиска истрага за целта на одземање на незаконски стекнат имот, на пример, финансиско*

*профилирање на осомничени лица и идентификување на вистинските сопственици на сите видови имот.*

Прашањето на брз пристап до банкарски информации е од витално значење за ефективно пронаоѓање на имотот. Предизвиците во оваа област во сите јурисдикции сè уште се присутни. Законодавството во овој момент им дозволува на банките да му даваат информации на обвинителот, по наредба од судот. Ова не го решава предизвикот за навремено добивање банкарски информации. Тоа беше дискутирано на многу форуми за финансиска истрага ширум светот, особено во рамките на ЕУ и нејзината платформа ARO/СОНСИ, која сега разви најдобра практика со утврдување на централни регистри на банкарски сметки и други записи и право на пристап до нив. Постои надеж дека идните реформи на регулативата за банките ќе го либерализираат концептот на банкарски тајни, во согласност со стандардите на ЕУ, со што на обвинителите кои вршат финансиски истраги ќе им се овозможи директен пристап до содржината на банкарските сметки, согласно судските наредби доколку е потребно.

*Се препорачува јурисдикциите да воспостават национални централни банкарски регистри, во согласност со стандардите на ЕУ и да усвојат законска основа за брз и директен пристап до овие регистри, особено од страна на националните служби за одземање на незаконски стекнат имот (или ентитетските СОНСИ во случај на БиХ), по можност без потреба за судска наредба.*

Како што е наведено, финансиските информации се составен дел од секоја кривична истрага. Се чини дека јурисдикциите во регионот го признаваат ова, но сè уште има малку докази дека единиците кои прибираат финансиски информации ефикасно соработуваат со кривичните истражни и обвинителски органи. Како клучен аспект на ЗОИКСКД на Црна Гора, член 16 конкретно наведува дека финансиските информации прибрани за време на кривичната истрага можат да се користат за финансиската истрага и обратно. Оваа иста одредба е вклучена во српскиот ЗОИПКД, во член 4 ст. 2 каде што е наведено дека доказите собрани во кривичната истрага можат да се користат во постапката на проширена конфискација. Иако процесот на паралелна финансиска истрага се перцепира како добра практика на глобално ниво, нејзиното вклучување во одредба какви што се спомнатите одредби од законите на Црна Гора и Србија ја потенцира релевантноста, важноста и можноста на оваа витална опција.

*Се препорачува јурисдикциите во регионот да усвојат законска основа што ќе овозможи финансиските информации собрани во текот на кривичната истрага да се користат во финансиската истрага и обратно.*

### Служба за одземање на незаконски стекнат имот

Со цел да се усогласат јурисдикциите со стандардите на ЕУ и глобално признаената најдобра практика, потребна е дополнителна поддршка за секоја јурисдикција од Западниот Балкан за воспоставување и развој на ефективни служби за одземање на незаконски стекнат имот (СОНСИ). Националните

централни служби за одземање на незаконски стекнат имот мора да бидат законски и процедурално способни да им ги пружат потребните услуги на сите истражни и обвинителски агенции, во сите кривични области, преку ефективно пронаоѓање и идентификација на имоти кои можат да подлежат на привремено и трајно одземање (конфискација). Само некои јурисдикции од регионот формално назначија национална централна служба за одземање на незаконски стекнат имот (во овој период е во тек назначувањето во Албанија, а некои ентитети од БиХ не назначија СОНСИ), во согласност со стандардите на ЕУ[30] и глобалната најдобра практика. Постојат јурисдикции на кои сè уште им е потребна поддршка за приближување на тие служби до целосен оперативен капацитет (на пример, Северна Македонија (нов предлог-закон за СОНСИ), Косово* и одредени ентитети од БиХ). Локацијата е клучна за успехот на националната служба за одземање на незаконски стекнат имот. Таа служба мора да биде во можност да ги извршува функциите наведени во 11-те индикатори за ефективност што се разработени од Платформата ARO (СОНСИ) на ЕУ. Овие индикатори се договорени од стручни финансиски истражители и обвинители кои веќе работат во рамките на ARO (СОНСИ) од ЕУ. За поддршка на учењето и развојот, Западниот Балкан би имал корист од регионален пристап кон градење на капацитетите на СОНСИ, на пример, регионални конференции и меѓусебно разгледување и оценување на работата на една СОНСИ од друга СОНСИ и обратно (како што тоа се случува во ЕУ). Покрај тоа, за индивидуалните СОНСИ, доколку веќе не се поддржани од други проекти, ќе треба да се воспостават процедури и да се спроведе натамошна обука во врска со нивните активности за да бидат целосно ефективни.

Јурисдикциите на ЗБ најчесто ги поставуваат своите служби за управување со одземен имот во законска рамка (со исклучок на Црна Гора каде што Државниот уред за имоти при Министерството за финансии има надлежност за управување со одземен имот). Јурисдикциите можеби ќе треба да разгледаат усвојување на сличен пристап за воспоставување на национални СОНСИ и во врска со ова ќе биде потребна натамошна поддршка. На пример, ќе биде потребна поддршка во форма на законски измени или промени во политиката, заради усогласување со новата Директива за пристап до банкарски информации[31]. Најдобрата практика на ЕУ ги вклучи и нивото на директен пристап до базите на податоци за пронаоѓање на имотите и леснотијата на пристап (без судска наредба) до овие бази на податоци како индикатори за ефективност на националните СОНСИ во рамките на индикаторите за ефективност.

[30] Одлука на Советот 2007/845/JHA од 6 декември 2007 година за соработка меѓу службите за одземање на незаконски стекнат имот на државите членки на полето на пронаоѓање и идентификување на имотна корист од кривични дела или имот сврзан со кривични дела.

[31] Директивата на ЕУ 2019/1153 со која се воспоставуваат правила за олеснување на употребата на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага и кривично гонење за одделни кривични дела во својот член 3 ст. 1 ги опишува надлежните органи кои можат да имаат директен пристап до државни централни регистри на банкарски сметки и да пребаруваат во нив и наведува дека „меѓу овие надлежни органи спаѓаат барем службите за одземање на незаконски стекнат имот“.

*Се препорачува да се развие регионална програма за поддршка на службите за одземање на незаконски стекнат имот за да им се помогне на службите да учат преку меѓусебна размена на информации со колеги од СОНСИ од други држави. Покрај тоа, домашните СОНСИ ќе имаат корист од натамошно менторство за да се обезбеди целосна ефективност, во согласност со правото на ЕУ и индикаторите за ефективност. Албанија треба да продолжи да оди напред кон официјално назначување на национална централна СОНСИ, со воведување правни одредби кои ги пропишуваат нејзиниот мандат и овластувања. БиХ треба да размисли за воспоставување или назначување на СОНСИ во рамките на секој нејзин ентитет и на државно ниво.*

## Управување со одземен имот

Меѓународниот и регионалниот развој на настани во областа на одземање на незаконски стекнат имот во последните две децении ја зголеми важноста на улогата на националните агенции за управување со одземен имот (АУОИ), ставајќи поголем фокус врз потребата за ефикасно законско уредување на овој аспект на одземањето на незаконски стекнат имот и неговото добро поставување во национална архитектура на одземање на незаконски стекнат имот. Постојат меѓународни стандарди[32], иако се релативно малку и на располагање има повеќе најдобра практика отколку стандарди[33]. Функцијата на управување со одземен имот треба да биде законски уредена во ран стадиум од процесот. АУОИ треба да бидат вклучени во раната фаза на процесот на одземање на незаконски стекнат имот, а не само по донесување на судска наредба, поради можноста за давање совети за отстранување на одреден имот од списокот на управуван одземен имот, складирање на имотот и проценка на неговата вредност. Обвинителите во моментов презентираат информации пред судовите за приближна вредност на имотот, пред вклучувањето на АУОИ (на пример во Албанија). АУОИ се државни тела вклучени во спомнатите активности. Тие треба да ги советуваат обвинителите и полициските служби во текот на целиот процес.

Сите јурисдикции во регионот воспоставија или назначија АУОИ, што го поддржува циклусот на одземање на незаконски стекнат имот во различни мери. Во повеќето случаи, службите се оформени и функционираат во законска рамка за управување со одземен имот. Тие се организациски сместени во Министерството за внатрешни работи или Министерството за правда или во рамките на агенција за државен имот на Министерството за финансии. Важно е АУОИ да е свесна за фазите на случајот со цел да се подготви за натамошно управување со одземениот имот или да го продаде. Ова најдобро се прави кога АУОИ, обвинителот и судовите се електронски поврзани. Ниту една од балканските АУОИ не е поврзана на овој начин, туку се потпира главно врз стандардна пошта, е-пошта или телефон за добивање на известување за промените во условите од наредбите за замрзнување и запленување, на пример по поднесена жалба. Мал број на јурисдикции неодамна развија електронски

[32] Директива на ЕУ 2014/42/EU за замрзнување и конфискација, чл. 11.

[33] FATF Best Practice Paper [Документ за најдобрата практика на ОКСПП] 2012, rec. [препорака] 33, необврзувачки насоки на КОНПК за управување со одземен имот и препораки на КАРИН, 2008.

системи што ги поврзуваат овие агенции, заради статистичко евидентирање (Албанија, БиХ), но никој од нив сè уште не е целосно функционален и потребна е понатамошна работа за да се дигитализираат системите за управување со одземен имот. Слично на тоа, во повеќето случаи АУОИ не е информирана за веројатноста полицијата да заплени имот, на пример за време на претходно планиран претрес. АУОИ треба да има стручно знаење кое е потребно за ефикасно запленување (привремено одземање) на имотот. Затоа, таа треба да го води планирањето пред запленувањето кога полициските претреси веројатно ќе доведат до запленување на имотот. Во целиот регион сè уште недостасува планирање пред одземање на имот во текот на полициски претреси.

*Западниот Балкан постигна огромен напредок во областа на управување со одземен имот, не само во текот на проектот, туку и во годините пред тоа. Сепак, се препорачува дополнително градење на капацитетите во областа на управувањето со одземен имот, преку уредување на таа материја со законски и подзаконски акти, планирање пред одземање и воспоставување регистри на запленет и конфискуван имот кои би можеле да разменуваат информации со судските бази на податоци за одземање на незаконски стекнат имот.*

### Повторно користење на конфискуван имот

Јурисдикциите сè повеќе размислуваат за повторно користење на конфискуваниот имот што не подлежи на давање надомест на жртвата за социјални или правосудни цели. Системите за државно и социјално повторно користење се разликуваат во целиот регион. Некои јурисдикции имаат можност да донираат или даруваат средства што се расипливи, на пример, во добротворни организации или проекти во заедницата, а во други јурисдикции не постои таква можност. Слично на тоа, само во некои јурисдикции има основано фонд во кој сите или дел од конфискуваните имоти можат да се депонираат за државно или социјално користење. Сепак, постојат неколку одлични примери за социјално повторно користење во регионот, на пример во Албанија и Србија, а ова треба да се сподели заради поттикнување развој на слична практика во други јурисдикции.

*Се препорачува натамошна работа за развој на државната и социјалната политика и практика за повторно користење на одземениот имот бидејќи за тоа има потреба во сите јурисдикции на Западниот Балкан.*

### Меѓународна соработка

Меѓународно е признаено дека разновидноста на домашните закони, политики и процедури ги прави техничките прашања на одземање незаконски стекнат имот да бидат предизвик за меѓународната соработка, дури и за најнапредните јурисдикции. Затоа не изненадува што, во текот на проектот на AIRE и РАИ, обвинителите известија за ова како за еден од најголемите предизвици, особено во текот на истрагата и фазата на пронаоѓање на имотот. На пример, ако во законски одредби за проширена конфискација има кратки рокови за обвинителско докажување дека имотот во странски јурисдикции

е во сопственост на обвинетите, тие кратки рокови ќе ја направат задачата на обвинителот речиси невозможна. Откако меѓународната соработка беше идентификувана како предизвик, регионалниот проект на AIRE и РАИ се фокусираше врз обезбедување програма за обука за меѓународна соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот и создаде референтен прирачник за алатки и најдобри практики за меѓународно одземање на незаконски стекнат имот. Конкретната регионална обука на оваа тема, спроведена во рамките на проектот, беше поздравена од обвинителите и треба да се пофали. Сепак, ова е тешка област и јурисдикциите ќе имаат корист ако на оваа тема бидат обучени повеќе обвинители.

Се препорачува повеќе обвинители да бидат обучени за меѓународно одземање на незаконски стекнат имот, за водење истрага за лоцирање на имотот во странски јурисдикции и за подготвување на барања за взаемна правна помош заради спроведување на наредби за замрзнување, запленување и конфискација. Споделувањето на искуствата на експерти од Обединетото Кралство во оваа област се покажа како успешно за време на проектот и затоа се препорачува натамошна обука и поддршка.

Постоење на здрава правна основа за меѓународна соработка за одземање на незаконски стекнат имот води само делумно кон обезбедување на ефективен систем. Потребата да се користат регионалните механизми кои специјално се воспоставени за олеснување на меѓународното одземање на незаконски стекнат имот, т.е. КАРИН, БАМИН и МОУИ, сега е признаено како меѓународна добра практика и е нагласено во рамките на Прирачникот на AIRE и РАИ за алатки и најдобри практики за меѓународно одземање на незаконски стекнат имот. Сите јурисдикции од Западниот Балкан сега назначија лица за врски од полициските служби и обвинителството, но јурисдикциите треба да обезбедат дека тие лица се наоѓаат во адекватни органи или агенции и дека се најсоодветни за таа улога, за да им пружат услуги на своите колеги во нивните органи или агенции, а исто така да им помагаат на нивните меѓународни партнери при одземање на незаконски стекнат имот. Постигнат е напредок како директен резултат на поддршката обезбедена од регионалниот проект на AIRE и РАИ, во текот на обуката за меѓународна соработка во 2019 година, со назначување на обвинител од ФБиХ како лице за врска со КАРИН. Ова е прв пат некој ентитет или државата БиХ да биде застапуван/а од обвинител откако државата стана членка на мрежата во 2012 година и тоа претставува голем чекор напред.

*Се препорачува јурисдикциите да обезбедат дека на платформите за одземање на незаконски стекнат имот (КАРИН, МОУИ и БАМИН) се претставувани од адекватни органи или агенции, со цел да се олесни оперативната меѓународна соработка за одземање на незаконски стекнат имот.*

Покрај веќе достапните специфични мрежи за одземање на незаконски стекнат имот, а како резултат на повратните информации добиени од проектните координатори за време на обуките и студиските посети, корисничките јурисдикции од проектот на AIRE и РАИ предложија воспоставување на „Регионална учесничка мрежа“. Беше одлучено дека оваа мрежа ќе се состои од учесници од проектните

активности и дека ќе се воспостави во секоја од корисничките јурисдикции за да се обезбеди одржливост на резултатите од проектот. Проектниот тим оттогаш подготви Упатства за учесничката мрежа и ги достави до националните координатори (НК). Потоа, НК оформија национални учеснички мрежи во рамките на соодветните јурисдикции финансирани од проектот. На состаноците на учесниците, водени од НК, учесниците веќе идентификуваа бројни практични проблеми кои можат да се изнесат за решавање на регионално ниво. Предложено е воспоставување на Платформа на регионалната учесничка мрежа, што ќе олесни разменување на добри практики и зајакнување на регионалната соработка во областа на одземање на незаконски стекнат имот.

*Се препорачува да се воспостави Регионална мрежа на учесници од проектот на AIRE и РАИ, на национално и регионално ниво, за да се идентификуваат општите проблеми во областа на одземање на незаконски стекнат имот за кои е потребен регионален пристап. Овој ресурс треба внимателно да се разработи и да се обезбедат соодветни опции за размена на искуства и споделување на знаењето. Учесничката мрежа треба да идентификува листа на угледни регионални експерти за одземање на незаконски стекнат имот, заради споделување на искуства со Учесничката мрежа и заради нивно вклучување во групата. Овие експерти треба да помогнат за размената на добра пракса и за законски ревизии и измени.*

*Покрај витална обука, а на барање од корисничките јурисдикции, AIRE и РАИ го поддржаа првичниот консултативен состанок за развој на регионален, мултилатерален договор за споделување на имот меѓу Србија, ФБИХ, ентитетот Република Српска и Црна Гора. Ова ќе обезбеди правен аранжман за споделување на криминално стекнат имот по конфискација и треба да се користи како модел за најдобра практика за други слични договори склучени во регионот.*

### Мерење на ефективноста и прибирање на статистики

Мерењето на ефективноста на кој било систем за одземање на незаконски стекнат имот се потпира врз голем број фактори, вклучувајќи и статистика за одземање на незаконски стекнат имот, но исто така и за нивото и видот на криминалот во јурисдикциите и заканата што тој ја предизвикува. Сепак, имањето пристап до сеопфатна статистика која се подготвува и/или чува на една централна локација е од суштинско значење за процесот. Регионот има јасен поттик да го постигне тоа, мотивиран и поддржан од истражувањето направено во рамките на регионалниот проект на AIRE и РАИ. Недостаток на набљудување и собирање на статистички податоци за одземање на незаконски стекнат имот беше идентификуван од AIRE и РАИ и тие за тоа известија во публикација „Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката“ (2018), стр. 73[34]. Како директен одговор на

[34] Студијата утврди „потреба за прибирање на конкретни комплети на податоци што ќе овозможи подобро сфаќање на ефективноста и ефикасноста на процесот на одземање на незаконски стекнат имот, како и исполнување на меѓународните обврски за прибирање податоци на полето на запленување и конфискација на незаконски стекнат имот“.

ова, во проектот беше извршено уникатно истражување заради мапирање на состојбата во секоја јурисдикција на ЗБ и состојбата беше споредена со најважните стандарди произлезени од меѓународни извори, особено од Европската унија, што кулминираше со публикацијата на AIRE и РАИ „Извештај за ефективно спроведување на мерки за одземање на имот и имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, клучни репери и студии на случаи од добра пракса“. Покрај прибирање на збирна статистика за бројот на запленувања и конфискации и за нивната вредност, стандардите на ЕУ сега исто така налагаат јурисдикциите да го следат бројот на меѓународни влезни и излезни барања со цел да се набљудува и измери ефективноста на меѓународното одземање на незаконски стекнат имот. Сега е вистинското време јурисдикциите да се фокусираат врз статистиката за одземање на незаконски стекнат имот, а ЗБ има одлична можност да го направи ова правилно, со поддршката што веќе е обезбедена од регионалниот проект на AIRE и РАИ. Извештајот на AIRE и РАИ за регионална методологија за набљудување јасно ги утврдува статистичките податоци за одземање на незаконски стекнат имот што треба да се прибираат во регионот на ЗБ за да се набљудува активноста во областа на одземање на незаконски стекнат имот на начин на кој може да се измери ефикасноста.

При проценка на моменталната состојба, проектот може да заклучи дека многу јурисдикции воведе системи за управување со одземен имот во нивните (национални) агенции за управување со одземен имот, што, заедно со евиденцијата на статистичките податоци за запленетите и конфискуваните имоти и нивната вредност, обезбедува предметски систем за управување со секој одземен имот, од почетокот на неговото управување од страна на државата, до отстранување од листата на управуван имот или користење (на пример, Албанија, Косово* и Србија). Покрај тоа, во текот на проектот беа создадени разни други системи, некои од нив електронски, за да можат судовите да прибираат и евидентираат податоци за одлуките, вклучувајќи ги и решенијата за конфискација (БиХ и Србија). Меѓутоа, некаде не се евидентираат деталите кои се нужни за придржување кон стандардите на ЕУ. Единствениот начин да се осигури дека соодветната статистика е точно прибрана е да се воспостави заеднички систем во сите органи и агенции вклучени во привремено одземање или конфискација. Ваков е случајот, на пример, во Србија, која во рамките на студијата е опишана како добар систем за прибирање податоци што овозможува да се спроведе одлична анализа на податоците за одземање на незаконски стекнат имот. Кога се прибираат статистички податоци за запленетите и конфискуваните имоти и за нивната вредност, ретко се спомнуваат интеракциите со други јурисдикции. Меѓународната соработка во процесот на одземање на незаконски стекнат имот е витален дел на секој успех. Стандардите на ЕУ сега налагаат прибирање на статистички податоци за влезни и излезни меѓународни барања за извршување на наредби за привремено одземање и конфискација[35] и тоа е стандардот кон кој регионот треба да се стреми.

[35] Регулатива (EU) 2018/1805 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година за взаемно признавање на наредби за замрзнување и наредби за конфискација.

Се препорачува дека, со цел да се мери ефективноста на одземањето на незаконски стекнат имот во целиот регион, треба да се поттикне стандарден модел за прибирање на статистики, заснован врз појдовната основа опишана во Извештајот на AIRE и РАИ. Во регионот постојат добри примери на електронски регистри (регистарот на АУЗКИ во Албанија, Судскиот и обвинителскиот регистар во рамките на ВСОС во Босна и Херцеговина и Централниот регистар во Србија), но на јурисдикциите сè уште им е потребна поддршка во врска со ова.

### Обука

Потребата за градење на капацитети во форма на обука е наведена низ целиот овој извештај. Обуката за финансиска истрага на обвинители и судии се спроведува редовно во некои јурисдикции (на пр. Северна Македонија, Србија) и исто така се појавува во политичката агенда на некои јурисдикции (на пр. Црна Гора). Сепак, сè уште постои забележлив недостаток на специјализирано домашно образование и обука за полициските службеници во врска со финансиските истраги за пронаоѓање и идентификување на имот кој подоцна може да подлежи на конфискација. Како пример, Србија извести за постоење на јаз во форензичката финансиска истрага за полицијата и за обвинителите и исто така во обуката за презентирање финансиски докази во судски постапки. Ваква состојба може да има во сите јурисдикции во регионот, па сепак извештаите од националните координатори сугерираат различни нивоа на знаење и искуство. Потребата за натамошна регионална обука на обвинителите за меѓународна соработка е веќе истакната како заклучок, во делот за меѓународната соработка. Сепак, пред да започне општа обука за сите јурисдикции, како почетна точка треба да се тргне од националното истражување на тековните вештини, така што потребите за обука треба внимателно да се анализираат за да се обезбеди дека обуката соодветствува на потребите на секоја посебна јурисдикција и публика.

*Се препорачува, бидејќи постои потреба, да има понатамошна обука за зголемување на истражните вештини за пронаоѓање на незаконски стекнат имот, презентирање на докази за сопственоста над имотот и за несразмерно богатство пред судот, помагање на судии и обвинители, како и полициски персонал во единиците за финансиска истрага да ги разберат посредните докази во текот на постапката за проширена конфискација и вклучување во меѓународна соработка. Се препорачува натамошните проекти за градење на капацитетите да ги анализираат потребите за обука на одделните јурисдикции пред да започне општа обука која може да биде интересна, но не особено корисна.*

### AIRE центар

AIRE центарот е специјализирана невладина организација која го унапредува спроведувањето на европското право и им пружа поддршка на жртвите на повреди на човековите права. Неговиот тим од меѓународни правници обезбедува експертиза и практично советување за правните стандарди на

Европската унија и на Советот на Европа и има особено искуство во застапување пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, каде што има учествувано во повеќе од 150 случаи.

Во изминатите дваесет години AIRE центарот изгради цврст углед за експертиза во Западниот Балкан, каде што дејствуваше на сите нивоа на правосудните системи во регионот. Тој работи во тесна соработка со министерствата за правда, правосудните академии и центрите за обука во правосудството, уставните и врховните судови и обвинителствата за да ги предводи, поддржи и помага долгорочниот развој на владеењето на правото и реформските проекти. AIRE центарот исто така соработува со секторот на невладините организации ширум регионот за да помогне да се унапреди правниот сектор и почитувањето на човековите права. Темелот на целокупната негова работа отсекогаш бил да се осигури дека секој може практично и ефективно да ги остварува неговите или нејзините права. Во практиката тоа значеше промовирање и овозможување на правилното спроведување на меѓународните правни инструменти и инструменти за човекови права, помагање на процесот на европската интеграција преку јакнење на владеењето на правото и гарантирање на целосно признавање на човековите права, како и охрабрување на соработката помеѓу судиите и правните професионалци ширум регионот.

## РАИ

Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ) е меѓувладина организација со девет земји членки: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Северна Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија и Србија. Полска, Грузија и Словенија се земји со набљудувачки статус. Мисијата на РАИ е да ја предводи регионалната соработка за поддржување на антикорупциски напори преку обезбедување на заедничка платформа за дискусии преку споделување на искуства и најдобри практики. Секретаријатот на Организацијата има седиште во Сараево, а ширум Југоисточна Европа се спроведуваат проекти кои примарно се фокусираат врз зајакнување на регионалната соработка во областите на конфликт на интереси и пријавување на имот, проверка на антикорупциски законски одредби, проценка на ризик од корупција, укажување (на доверливи информации), градење интегритет на полициските служби и зајакнување на националните капацитети за постапување со противправно стекнат имот.

# Анекс I: Листа на публикации на AIRE и РАИ создадени во периодот опфатен со извештајот

## Извештај на AIRE и РАИ за ефективно спроведување на мерки за одземање на имотна корист од кривични дела во Западниот Балкан: преглед на регионална методологија за набљудување, главни репери и студии на случај од добра пракса

Извештајот содржи преглед на регионалната методологија за набљудување, најдобрата пракса и напредокот и тој ги презентира најважните стандарди произлезени од меѓународни извори, особено од Европската унија. Тој наведува листа на репери и препораки, кои имаат за цел да им дадат корисни и практични насоки на националните власти за воспоставување на сеопфатен, точен и веродостоен систем за прибирање, обработка и ширење на податоци за одземање на незаконски стекнат имот. Во извештајот исто така има информации за позитивни исходи, презентирани во форма на студии на случај, кои опфаќаат разни аспекти на процесот на одземање на незаконски стекнат имот.

- Издавачи: AIRE центар и РАИ
- Автори: E. Mujanović, L. Mandia, М. Л. Трајковска, Р. Д. Дичиќ, G. Ismajli, А. Ивановиќ
- Година на објавување: 2020
- Дополнителни јазички верзии: албанска, босанска/хрватска/црногорска/српска, македонска

## Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди

Овој прирачник дава преглед на меѓународните стандарди за конфискација на имотна корист од кривично дело и корупција. Прво, тој се занимава со прашањата што е конфискација и зошто таа е важна. Второ, тој ги идентификува главните меѓународни конвенции и укажува на опсегот на секоја од нив. Трето, тој го објаснува пристапот што тие стандарди го заземаат за клучни аспекти на конфискацијата.

- Издавачи: AIRE центар и РАИ
- Автори: K. Kamber, W. Ferris, C. Harby, E. Haxhia, A. Selmani, E. Mujanović, D. Datzer, G. Ismajli, А. Ивановиќ, М. Л. Трајковска, Р. Д. Дичиќ
- Година на објавување: 2019
- Дополнителни јазички верзии: албанска, босанска/хрватска/црногорска/српска, македонска, романска

## Прирачник за алатки и најдобри практики во меѓународната соработка за враќање на имот

Овој прирачник има за цел да им помогне на практичарите кои се занимаваат со одземање на незаконски стекнат имот да спроведуваат ефективно меѓународно одземање на незаконски стекнат имот, така што дава насоки од најдобрата пракса за меѓународна соработка. Тој содржи релевантни меѓународни и европски правни акти од сферата на одземање на незаконски стекнат имот, стандарди и механизми за меѓународна соработка и ќе биде практична алатка за истражители, обвинители, судии и други институции вклучени во пронаоѓање и идентификување, замрзнување и запленување, конфискација (вклучувајќи конфискација која не е заснована врз кривична осуда) и меѓународно располагање со имот.

- Издавачи: RAI и AIRE центар
- Автори: AML Consulting (Global) Ltd: J. Thomas, L. Day, F. Jackson
- Година на објавување: 2019
- Дополнителни јазички верзии: албанска, босанска/хрватска/црногорска/српска (достапна на кирилица), македонска, романска

## Одземање на имот во Западниот Балкан: Компаративна анализа на законодавството и практиката

Целта на оваа студија е да ги процени постоечките достапни механизми за запленување и конфискација во јурисдикциите на Западниот Балкан, со цел да ја утврди ефективноста и ефикасноста на нивната примена во контекст на процесот на одземање на незаконски стекнат имот.

- Издавачи: RAI и AIRE центар
- Автор: Pedro Gomes Pereira
- Година на објавување: 2018
- Јазичка верзија: англиска

## Одземање на имот – Компаративна анализа на законодавството и практиката: Бугарија, Хрватска, Молдавија и Романија

Целта на оваа студија е да ги процени постоечките механизми за запленување и конфискација кои се достапни во Бугарија, Хрватска, Молдавија и Романија, со цел да ја утврди ефективноста и ефикасноста на нивната употреба во контекст на процесот на одземање на незаконски стекнат имот.

- Издавачи: RAI и ОБСЕ
- Автор: Pedro Gomes Pereira
- Година на објавување: 2018
- Јазичка верзија: англиска

**AIRE центар**

AIRE центарот е специјализирана невладина организација која го унапредува спроведувањето на европското право и им пружа поддршка на жртвите на повреди на човековите права. Неговиот тим од меѓународни правници обезбедува експертиза и практично советување за правните стандарди на Европската унија и на Советот на Европа и има особено искуство во застапување пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, каде што има учествувано во повеќе од 150 случаи.

Во изминатите дваесет години AIRE центарот изгради цврст углед за експертиза во Западниот Балкан, каде што дејствуваше на сите нивоа на правосудните системи во регионот. Тој работи во тесна соработка со министерствата за правда, правосудните академии и центрите за обука во правосудството, уставните и врховните судови и обвинителствата за да ги предводи, поддржи и помага долгорочниот развој на владеењето на правото и реформските проекти. AIRE центарот исто така соработува со секторот на невладините организации ширум регионот за да помогне да се унапреди правниот сектор и почитувањето на човековите права. Темелот на целокупната негова работа отсекогаш бил да се осигури дека секој може практично и ефективно да ги остварува неговите или нејзините права. Во практиката тоа значеше промовирање и овозможување на правилното спроведување на меѓународните правни инструменти и инструменти за човекови права, помагање на процесот на европската интеграција преку јакнење на владеењето на правото и гарантирање на целосно признавање на човековите права, како и охрабрување на соработката помеѓу судиите и правните професионалци ширум регионот.

**РАИ**

Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ) е меѓувладина организација со девет земји членки: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Северна Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија и Србија. Полска, Грузија и Словенија се земји со набљудувачки статус. Мисијата на РАИ е да ја предводи регионалната соработка за поддржување на антикорупциски напори преку обезбедување на заедничка платформа за дискусии преку споделување на искуства и најдобри практики. Секретаријатот на Организацијата има седиште во Сараево, а ширум Југоисточна Европа се спроведуваат проекти кои примарно се фокусираат врз зајакнување на регионалната соработка во областите на конфликт на интереси и пријавување на имот, проверка на антикорупциски законски одредби, проценка на ризик од корупција, укажување (на доверливи информации), градење интегритет на полициските служби и зајакнување на националните капацитети за постапување со противправно стекнат имот.